**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Сто и десеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29 сепември 2005 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше господинот Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието.

**Слободан Најдовски:** Дами и господа пратеници, ја отворам Сто и десеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Томе Тромбев, Ана Андова, Рафит Муминовиќ,Љубисав Иванов - Ѕинго, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Абдулади Вејсели, Исмет Рамадани, Али Ахмети, Фазли Велиу, Љупчо Балковски и Љубчо Георгиевски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

На седницата поканети се претседателот и членовите на Владата на Република Македонија и претседателот на Републичкиот судски совет.

Владата на Република Македонија достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Ефтим Манев, Спиро Мавровски, Иван Анастасовски и Драго Шајноски.

Министерот за надворешни работи достави одговори на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Михајло Георгиевски.

Министерост за земјоделство, шумарство и водостопанство достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Наташа Биковска.

Министерот за здравство достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Ристо Пејовски, Ана Андова, Силвана Бонева и Спиро Мавровски.

Министерот за локална самоуправа достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Ружди Матоши.

Министерот за образование и наука достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Силвана Бонева и Славица Грковска.

Министерот за транспорт и врски достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Емилија Костадинова, Борко Ангелковски, Петар Апостолов, Ѓорѓи Трендафилов, Цветанка Иванова, Владо Паунков, Силвана Бонева, Славица Станковска и Есад Рахиќ.

Министерот за правда достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Соња Лепиткова.

Министерот за економија, достави одговори на пратеничките прашања, поставени од пратениците Драго Шајноски и Ѓорге Паљошковски.

Министерот за труд и социјална политика достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Спиро Мавровски.

Претседателот на Републичкиот судски совет, достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Силван Бонева и Ангел Димитров.

Министерот за внатрешни работи достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Џезаир Шаќири и Ѓорге Паљошковски.

Го молам пратеникот Ефтим Манев, не е тука.

Го молам пратеникот Спиро Мавровски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Спиро Мавровски.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседателе,

Прашањето беше до Владата на Република Македонија за последната финансиска контрола на работењето во Битола. Мислам дека одговорот кој што го добив не е задоволувачки во целост, затоа што и од самиот одговор и од бројките кои што тука се доставени се гледа дека во регионалната дирекција Битола, извршени се 500 контроли, решение за забрана добиле 82 трговски друштва. Во Тетово 252 контроли добиле решение за забрана 86.

И понатаму стојам на тврдењето дека многу од изречените мандатни казни, прекршочни во овој случај не се реализирани подеднакво, затоа што имаше дуќани кои што беа затворени и наредниот ден и покрај тоа што имаше пломби, се онака како што треба да биде одбележано, истите беа отворени. За истото, доколку е заинтересирана Владата, може да се достави информација. Јас очекував дека информацијата ќе ја добијам од Владата. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Значи немаме дополнително прашање.

Го молам пратеникот Иван Анастасовски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Иван Анастасовски.

Повелете господине Анастасовски.

**Иван Анастасовски:** Благодарам почитуван потпретседател,

Прашањето го поставив во писмена форма до Владата се однесуваше, односно беше инициран од поголем број фирми од Куманово, кои искрено се загрижени за опстанокот на стопанството во градот. Нивното интересирање беше во правец на тоа околу договорите за приклучување на гасоводот. Се интересираат кој всушност, ги издава дозволите и лиценците и зошто истите беа стопирани. Значи Владата во својот одговор го објаснува проблемот кој е евидентен помеѓу

Јавното претпријатие "ГАМА" и "Макпетрол" од една страна, а од друга страна, јас искрено ќе ја замолам Владата да се држи до она што е вториот пасос од одговорот на прашањето, дека најдоцна до октомври целиот спор ќе биде надминат и најдоцна до октомври ќе почне Јавното претпријатие "ГАМА" да дава лиценци за нови приклучоци. Тука кажува Владата дека ќе може да се најдат и фирмите од општина Куманово. Согласно овој одговор, јас се надевам дека Владата ќе остане на она што го одговорила на моето прашање и ќе ги испочитува тие рокови кои ги има дадено во одговорот.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Анастасовски.

Го молам пратеникот Драго Шајноски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија, или сака да постави дополнително прашање.

Повелете господине Шајноски.

**Драго Шајноски:** Не сум задоволен. Имам дополнително прашање.

Почитуван премиер, најпрво искрено сакам да верувам дека овој одговор не го напишавте вие. Ќе одам по точките од оговорот и ќе барам додатн и појаснувања.

Прво, Агенцијата за приватизација во 2003 година потврди дека нема злупотреба во процесот на приватизација на ЕМО.

Второ, не е точно дека државните акции од ЕМО се купени со пари, стекнати со вршење на нелегална трговија, со шеќер и цигари. Точно е само дека вие наводно се сомневате во тоа, но ништо од тоа на суд не докажавте. Напротив, акционерот Марковиќ, поседува судски и други финансиски документи издадени во Република Македонија и Република Србија и Црна Гора, од кои се гледа потеклото на неговите пари и тоа дека фирмата "Арарат" работи успешно и чисто веќе 15 години, при што, ги плаќа сите придонеси.

Трето, врз основа на кој закон Комисијата за хартии од вредност одзеде имот од граѓанин само врз основа на сомневања.

Четврто, зошто Второстепената владина комисија на ден пред одлучувањето за ЕМО ги промени членовите на Комисијата, а како нов член влезе и инспекторот Аризановски, кој вршеше контрола на фирмата "Арарат".

Петто, зошто Врховниот суд си погази во својот начелен став да не постапува по барање за испитување на приватизација, доставена од синдикатите.

Шесто, од 1993 до 1995 година ЕМО не плаќал данок на плати. По тој основ и денес државата побарува од ЕМО околу 3 милиони евра. Значи ЕМО не плаќал даноци, како што велите редовно.

Седмо, не е точно дека од 1999 до 2002 година се затворени 6 фирми во ЕМО и се прогласени 850 работници за технолошки вишок. Ако е така, барам да ми се достави список на фабриките што се затворени и работниците што се отпуштени.

Осмо, табелата за извоз не ви е точна. Господине премиеру успешноста на фирмата не ја чини само извозот. Некој може да извезе цела Република Македонија, но ако не направи профит тој ќе пропадне при голем извоз. Затоа јас ги донесов ревизорските извештаи на ЕМО од последните пет години, за да видите дека само во 2001 година ЕМО имал профит од 3 милиони евра, во 2002 година 5 милиони евра и 6 милиони евра сопствени инвестиции. Никогаш тоа не било ниту порано, ниту подоцна од 2002 година.

Ова не го зборувам со намера некого да навредам. Зборувам со надеж дека некој од власта ќе прогледа и ќе слушне што зборувам. Можеби веќе е доцна, бидејќи деновиви насилнички без никакви критериуми 250 работници кои не учествувале во штрајкот што го организира државата во 2003 година, се отстранети од работа. А што да кажам за вашиот одговор околу "Сименс". Ни срам ни перде ме упатувате кон средствата за јавно информирање. Се надевам дека барем вие таму не прочитавте дека "Сименс" ќе го купи "ЕМО", па го објавивте тоа во Парламентот и во Владата.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Шајноски.

За времето што ви го одзедов, ви дозволив повеќе.

Со оглед на тоа што немате дополнително прашање, вие имавте само коментар, немавте дополнително прашање.Од кометарот можат да произлезат прашања, но вие не поставивте дополнително прашање.

Има збор господинот Јован Манасиевски.

Повелете господине Манасиевски.

**Јован Манасијевски:** Бидејќи колку што имавме прилика да слушнеме се работи за десетина прашања. Најцелисходно ќе биде пратеникот да добие дополнителен одговор во писмена форма.

**Слободан Најдовски:** Го молам пратеникот Михајло Ѓеоргиески да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за надворешни работи, или сака да постави дополнително прашање.

Пред да му дадам збор на господинот Ѓеоргиевски, би ги замолил пратениците да го почитуваме она што е предвидено во Деловнико. Доколку не сте задоволни од одговорот, веднаш да го поставите дополнителното прашање и врз основа на тоа да го дадете образложениeто. Вака неможеме да знаеме дали поставувате дополнително прашање, или саката само да ве чуе јавноста со образложението кое ќе го дадете.

Има збор пратеникот Михајло Ѓеорѓеивски.

Повелете господине Ѓеорѓиевски.

**Михајло Ѓеорѓиевски:** Од одговорот не сум задоволен. Бидејќи прашањето е веќе застарено, немам дополнително прашање.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Ѓеорѓиевски.

Го молам пратеникот Наташа Биковска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Наташа Биковска.

Повелете госпоѓо Биковска.

**Наташа Биковска:** Благодарам. Господине потпретседател, да ви кажам искрено имав намера да го коментирам одговорот. Во дел од него задоволна сум, немам дополнително прашање и ќе ги почитувам вашите укажувања. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Го молам пратеникот Ристо Пејоски, не е тука.

Ана Андова е најавена за отсутна.

Го молам пратеникот Силвана Бонева да се произнесе дали е задоволна од одговорите добиени од министерот за здравсто, или сака да постави дополнителни прашања.

Има збор пратеникот Силвана Бонева.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам потпретседателе,

Две прашања имав  поставено до Минстерството за здравство. Едното на 17 мај. Прашањето се однесуваше за Фондот за здравствено осигурување, зошто не превзема конкретни мерки за набавување на ехокардиографски апарат, кој што е неопходен за функционирање на Клиниката за кардиологија. Укажав на огромните тешкотии кои што ги имаат граѓаните во државата, кои што треба да одат на ваков преглед, дека се закажува по неколку месеци. Чекаат на еден единствен апарат и не сум задоволна од одговорот на прашањето, бидејќи уште поконкретно во одговорот се кажува за проблемот. Се кажува дека на еден ехокардиографски апарат во светот доаѓаат по 8 прегледи на ден, а кај нас во две смени се прават 50 прегледи на еден апарат. Значи, се укажува навистина на алармантната состојба, меѓутоа, не се кажува кога ќе се поправи едниот расипан ехокардиографски апарат и  кога ќе се набави уште еден, бидејќи обврска е на Фондот за здравство да се грижи за своите осигуреници кои што плаќаат на Фондот, кои што делат од својата заработувачка за да можат навистина да добијат соодветна здравствена заштита.

Од одговорот, ништо не може да се види кога ќе биде поправен апаратот, кога ќе се набави нов апарат и кога ќе престанат маките на граѓаните на кардиологија и заради тоа барам дополнителен одговор, кога ќе биде поправен едниот апарат и кога ќе се набави нов апарат. Тоа беше прашањето уште во мај месец.

Да го повторам и другото,или ќе добијам одговор.

**Слободан Најдовски:** Прво да одиме на првото. Со оглед на тоа што немаме претставник од Министерството за здравство, ќе добиете писмен одговор.

Со оглед на тоа што ви се двете прашања заедно, повелете за второто.

**Силвана Бонева:** Второто прашање се однесуваше на Здравственот дом Пехчево и на незаконитото и хаотично работење во Здравствениот дом. Од одговорот исто така, не сум задоволна. Укажав во пратеничкото прашање дека се прогласени 8 вработени за технолошки вишок, а веднаш потоа се примени нови 6 вработени со договор на дело. Во одговорот на пратеничкото прашање, Министерството за здравство кажува дека од податоците е евидентирано дека Здравствениот дом Пехчево, врз основа на одлука на Владата на Република Македонија, за намалување на бројот на вработени во јавните здравствени установи, согласно Законот за работни односи и Колективниот договор се прогласени во септември месец 2003 година како технолошки вишок 8 вработени. И убава констатација, значи точно е тоа што сум го кажала во пратеничкото прашање. И понатаму вели на 1.11.2003 година, со договор на дело биле ангажирани 4 лица од кои двајца на работно место медицинска сестра, едно работно место стоматолошка сестра и еден на работно место фармацевтски техничар и понатаму уште два нови договора за дело за работно место медицински техничар и економски техничар со средна стручна спрема.

Јас навистина не можам да сватам какви се тие реформи и какви се тие рационализации, постојните вработени да се отпуштаат од работа, за да можат да се примат други со договор на дело. Навистина, смешен одговор даден. Наместо да се каже што ќе се превземе за ваквите постапувања, само се даваат констатации дека е вистина тоа што го имам поставено како пратеничко прашање. Толку за Министерството за здравство.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Го молам пратеникот Спиро Мавровски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за здравство или сака да постави допоолнитено прашање.

Има збор пратеникот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Задоволен сум од одговорот. Немам дополнително прашање.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Господинот Ружди Матоши не е тука.

Го молам пратеникот Силвана Бонева да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за образование и наука или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Прашањето кое што го доставив е од 28 април 2005 година.Изгуби од актуелноста и нема потреба да поставувам дополнително прашање.

Благодарам

**Слободан Најдовски:** Го молам пратеникот Славица Грковска да се произнесе дали е задоволна од одговорите до министерот за образование и наука или сака да постави дополнителни прашања.

**Славица Грковска:**Почитуван потпретседателе, јас не гледам дека некој од Министерството за образование и наука има тука и не знам дали е воопшто предметно да се изјаснувам по одговорот на овие прашања или да оставиме за седница за пратенички прашања кога претставници на Министерството ќе бидат присутни во салата. Нема никој од Министество.

**Слободан Најдовски:** Поканети се сите министри, сите министерства, нивно е дали ќе дојдат или не. Ве молам без дофрлување од место.

**Славица Грковска:** Дилемата ми е дали може да оставиме за наредната седница за пратенички прашања кога некој од Министерството ќе биде присутен, бидејќи е безпредметно сега да поставувам дополнително прашање, а нема кој да ми одговори.

**Слободан Најдовски:** Можете на наредната седница да ги поставите, не е проблем.

Го молам пратеникот Емилија Костадинова да се произнесе дали е задоволна од одговорите добиени од министерот за транспорт и врски или сака да постави дополнителни прашања.

Има збор пратеникот Емилија Костадинова, а немаме претставник од Министерството за транспорт и врски, но може ако поставите дополнително прашање, да добиете писмен одговор.

Повелете.

**Емилија Костадинова:** Благодарам потпретседателе, како што нагласивте нема претставници од Министерството за транспорт и врски, но јас сепак ќе коментирам по моите поставени прашања од причина што се од поодамна, а бидејќи имам и дополнително прашање, можам да добијам писмен одговор.

Тоа значи на двете мои поставени пратеничкии прашања до Министерството за транспорт и врски ќе дадам краток коментар, бидејќи двете прашања се однесуваат за ист проблем.

Имено, првото прашање го поставив на ден 30.06.2004 година и бидејќи на истото не добив одговор, повторно го поставив на ден 31.03.2005 година. Добиениот одговор дека на ден 12.10.2004 година инспекторот за патишта има направено записник и донесено решение со кое се задолжува Јавното претпријатие "Македонија пат" да ги затвори сите пристапни патишта на обиколката на Кочани, на патниот правец М-5 во интерес на вистината сакам да ве информирам дека затворањето на диво отворените премини не беше извршено по лична иницијатива на инспекторот за патишта, туку колку и да звучи можеби нескромно, како сакате толкувајте го, по мојата писмена интервенција дотогашните министри за внатрешни работи и транспорт и врски и тоа одкако на ден 18.06.2004 година имав сообраќајна незгода токму поради тие диво отворени премини односно пресечената заштитна ограда од сопственикот на фирмата "Фант-ком" ДООЕЛ-Кочани, што значи требаше да се случи сообраќајна незгода со материјални и здравствени последици, а сигурно и други пред таа и непотребни интервенции кога постојат прописи кои треба да се почитуваат, а моите интервенции беа се со цел да се спречат и други незгоди, па тие дивоотворени премини да се затворат на ден 12.10.2004 година.

Зарем на инспекторот му требаа 4 години од 14.06.2000 година до 12.10.2004 година и мојата интервенција по незгодата да ги затвори тие дивоотворени премини. Зарем не беше подобро да се спречи одколку да се лечи.

Барам дополнителен одговор и прашувам дали е постапено согласно член 120 став 1, точка 12 од Законот за јавни патишта односно дали прекршителите се санкционирани. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Костадинова.

Јас мислам дека е безпредметно да продолжиме со поставување пратенички прашања на министри кои не се присутни во салата.

Ова прашање што дополнително го поставивте ќе го доставиме и ќе побараме одговор во писмена форма.

Сега ќе ги оставам на страна сите прашања кои се до Министерството за транспорт и врски со оглед на тоа што немаме ни еден претставник ниту министерот ниту заменикот, ќе поставуваме прашања само на оние министри кои се тука.

Продолжуваме понатаму.

Гомолам пратеникот Соња Лепиткова да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за правда или сака да постави дополнително прашање.

Пред да и дадам збор на госпоѓа Лепиткова ги молам службите да се обратат до сите министерства кои немаат претставник во салата дали ќе дојдат на денешната седница, дали ќе имаат свој претставник во името на министерот или заменикот или ќе немаат за да знаеме точно со кого ќе работиме.

По одговорот на писмените прашања односно одговорите на писмено поставените прашања ќе дадам пауза од 15-тина минути да дојдат останатите министри во салата.

Повелете госпоѓо Лепиткова

**Соња Лепиткова:** Благодарам господине потпретседател,

Пратеничкото прашање беше поставено во врска со тоа што мисли Министерството за правда да се заангажира за да може да овозможи да профункционира судското одделение во Пробиштип.

Јас сум задоволна од начинот на кој е даден одговорот дека Министерството тоа прашање ќе го реши со донесување на Законот за судови и

врз основа на фактичките податоци и бројот на дела кои ги има во судското одделение се надева дека судското одделение има услови да прерасне во суд и дека на тој начин така ќе се решава.

Меѓутоа, мојата замолница не е тоа, Министерството за правда направи напори да овозможи да профункционира до тој период барем судското одделение. Јас го наведов во прашањето, беше обврзано да работи на тој начин со целодневна работа каде делата ќе се судат во Пробиштип каде има услови и до ден денес тоа работи само со судски денови и тоа еден ден кога во зависност од изборот на судијата доаѓа и своите парници ги одржува во судското одделение во Пробиштип.

Мојата замолница е, како што беше и првиот пат кога го поставив ова прашање, да се направи напор во судот во Штип да се реагира на некој начин за да може да се овозможи судското одделение да работи постојано и граѓаните на Пробиштип овие услуги да ги добиваат квалитетно и на време. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Лепиткова, немате дополнително прашање.

Го молам пратеникот Драго Шајноски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за економија или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Драго Шајноски.

**Драго Шајноски:** Не сум задоволен, имам дополнително прашање и ќе се придржувам на препораката прво ќе дадам образложение зошто не сум задоволен, а на крајот ќе го поставам прашањето.

Морам да признам дека сум разочаран од одговорот од министерот. Можеби не очекував правда, но искрено очекував. Дали тоа се должи на неинформираноста на министерот околу случајот ЕМО или и тој е влезен во таа замка не можам да оценам.

Господине министре вие секако знаете или треба да знаете дека претставникот на државниот капитал во ЕМО поседува 36% од акциите на фирмата и дека без исклучок до денес тој одлучувал на сите акционерски собранија, бидејќи неговите државни 36% од вкупниот број на акции во ЕМО секогаш се повеќе од 50% од присутните акционери во Собранието. Но, јас за ова не ве прашувам. Јас ве прашав зошто претставникот на државните акции на последното акционерско собрание на ЕМО, па да имал и 1% од акциите гласал за незаконски акти и зошто му е дозволено противзаконски да биде и член на органото на управување во ЕМО.

Вие и самите потврдувате дека Холдинг Компанија мора да има консолидирани годишни сметки и консолидирани финансиски извештаи кои може да бидат одобрени од акционерите само ако врз нив е извршена ревизија. Всушност тоа е законска обврска. Тоа ве прашав, зошто не реагиравте и дозволивте непочитување на законите кои вие ми ги цитирате во одговорот. Значи, ем знаете ем молчите. Е, тоа министре значи дека и вие сте соучесник во ова незаконско дејание.

На крајот од одговорот ми давате и грешна поука. Член 229 господине министре се однесува на ДОО, а ние една година во Парламентот веќе се допишуваме за АД ЕМО кое е Холдинг Компанија и која мора законски да има консолидиран извештај на кој е извршена ревизија од независна куќа.

Дополнителното прашање би било, како надлежно Министерство дали ги имате консолидираните ревизорски извештаи за ЕМО за 2003 и 2004 година и ако ги имате барам да ми ги доставите и мене. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор заменик министер за економија Саша Андоновски.

**Саша Андоновски:** Гледам дека пратеникот Шајноски освен ЕМО друга преокупација нема, ќе му дозволиме писмено да му одговориме.

**Слободан Најдовски:** Господине заменик министер благодарам што ќе одговорите писмено, но без тоа што имаат пратениците. Пратениците имаат право да поставуваат прашања.

Го молам пратеникот Ѓорге Паљошковски, но не е тука.

Гомолам пратеникот Спиро Мавровски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за труд и социјална политика или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседателе, еве почитуваниот министер дојде. Од одговорот како што е доставен мислам дека се слика само ситуацијата во бегалскиот камп во Царина. Еве по посетата на премиерот на истиот камп очекувам дека како дополнително прашање дали воопшто се поставени некои рокови за решавање на овој проблем и дали во догледно време ова ќе има решение.

Ова како што е доставено мислам дека е добра слика на она што се случувало, за жал, во овие 15 години, но дополнителното прашање до господинот министер е дали воопшто се поставени некои рокови во кои ова прашање би можело да се реши за луѓето кои претстојуваат и понатаму во прифатилиштето Царина на ЖТП Скопје и продолжуваат да живеат во ненормални услови за живеење. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Има збор министерот за труд и социјална политика господинот Стевчо Јакимовски.

**Стевчо Јакимовски:** За сега нема утврдени рокови. Нивното прашање требаше да се решава заедно со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на сосема друг начин одколку нивно продолжување да престојуваат во овој камп. Ние ќе одиме во таа насока практично нивното сместување во кампот

да биде решено на друг начин наспроти овој кој е сега.

Инаку, конкретен рок немаме утврдено.

**Слободан Најдовски:** Го молам пратеникот Силвана Бонева, но немаме претставник од Републичкиот судски совет. Известени се, ако инсистирате можете и сега, од наша страна се известени.

**Силвана Бонева:** Господине потпретседателе се повеќе имам чувство дека станува безсмеслено интитутот пратенички прашања да го користиме, бидејќи повеќе од година дена чекаме одговор, а кога ќе дојде одговорот ги нема луѓето на кои треба да им поставиме дополнителни прашања и мислам дека џабе ги трошиме народните пари за пратенички прашања за седници.

**Слободан Најдовски:** Благодарам за тоа дали ги трошиме за џабе, погледнете и од нас пратениците многу се потпишани, а ги нема.

Продолжуваме понатаму.

И господинот Ангел Димитров има поставено прашање до Републичкиот судски совет, но немаме претставник.

Го молам пратеникот Џезаир Шаќири да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за внатрешни работи, но господинот Шаќири не е присутен.

Пратеникот Ѓорге Паљошкоски, еве госпоѓо Бонева потврда на вашето, не е присутен и тој не може да каже дали е задоволен или не.

Со оглед на тоа што ги исцрпивме оние одговори кои беа на писмено, давам пауза до 12,00 часот да се известат сите министерства дали ќе имаме присутни, а од оние кои ќе бидат присутни ќе поставуваме само на нив пратенички прашања.

Објавувам пауза до 12,00 часот.

Паузата е дадена во 11,38 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,04 часот)

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа.

Го молам пратеникот Петар Апостолов да се произнесе ...

(Џагор во салата, а претседавачот предупредува на ред со ѕвончето)

Ве молам да се сослушаме.

Го молам пратеникот Петар Апостолов да се произнесе, со оглед на тоа што во меѓувреме имаме претставник од Министерството за транспорт и врски, сега одиме на прашањата што беа писмено поставени во периодот меѓу две седници.

Го молам пратеникот Петар Апостолов да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски или сака да постави дополнително прашање?

Има збор пратеникот Петар Апостолов.

Повелете господине Апостолов.

**Петар Апостолов:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Почитувани министери,

Од одговорот не сум задоволен затоа што се изнесуваат многу невистини. Но, да почнам по ред.

Не е вистина дека, цитирам, а цитатите се извадени од одговорот дека "Гевгелија и сега има клучка со сите технички карактеристики и со можност за опслужување на возилата што се движат од Гевгелија кон граничниот премин Богородица".

Второ, не е вистина дека, цитирам "на мала врата да се донесат сите објекти кон автопатот, без разлика дали се пропратни содржини на истиот или не" и

Трето, не е вистина дека, повторно цитирам "кога беше сугерирано да го продолжите магистралниот пат, како паралелен пат на автопатот и истиот да излезе на граничниот премин Богородица, каде што веќе имаме оформено приклучоци, вие категорично одбивте дека така немате интерес".

А, сега господо од Министерството за транспорт и врски кои го подготвивте одговорот, ќе ја слушнете вистината што и вие добро ја знаете:

Прво, вистина е дека Гевгелија има лошо и неадекватно сообраќајно решение, бидејќи јужниот дел од клучката што беше предвидена не ја направивте. Никој не тврди дека од Гевгелија према граничниот премин Богородица не се оди со возило. Но, во прашање е квалитет и безбедноста на приклучувањето кон автопатот.

Второ, вистина е дека сите придружни објекти постоеја и функционираа кога беше во функција и автопатот "Братство и единство", значи овие објекти никогаш не дошле на мала врата.

За овој проблем два пати расправаше и Собранието на Општина Гевгелија и по ова прашање секогаш постоеше консензус помеѓу претставниците на сите политички партии. Кога е нешто толку транспарентно, не може да се зборува дека нешто се внесува на мала врата, како што вие тврдите.

Што ќе кажете за локалитетот "Вардарски рид", што со ова решение што го има сега ќе остане само на археолошките и историските карти? Основен проблем од овој вештачки направен проблем од ваша страна е тоа што влезот и излезот во и од Гевгелија, пред се е за граѓаните на Општина Гевгелија и туристите кои, со ова решение што вие го направивте, ќе не заобиколуваат.

На крајот од оваа вистина, да ве прашам кого вие штитите на мала врата?

Третата вистина е дека баравте јас да го продолжам магистралниот пат. Бидете сигурни, да можев ќе го продолжев, но јас сум само пратеник.

Да ве потсетам, ви укажав дека паралелниот пат е скапо решение. Ако сте подготвен да го финансирате, се е во ред. Но, вие инсистиравте повторно јас да го правам.

Сами видовте дека приклучните ленти се направени и е се до фаза на асфалтирање, финансиски покриени, но за жал ви старт штитевте некои или нечии интереси.

И, на крајот, најголемата вистина. Со вашиот одговор, господо од Министерството за транспорт и врски, самите се негирате. На почетокот тврдите дек Гевгелија и сега има клучка со сите технички карактеристики, а на крајот од одговорот сугерирате на паралелен пат со автопатот, истиот да излезе на граничниот премин Богородица, а таму пак нема оформено никаков приклучок, како што вие тврдите.

Значи, клучката кај Гевгелија не е соодветна, ова го должите како одговор на граѓаните на општина Гевгелија.

Дополнително прашање немам, бидејќи на една страна изнесени толку лаги, не заслужуваат дополнително прашање.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Апостолов.

Пратеникот Борко Ангелов не е моментално тука.

Пратеникот Ѓорѓи Трендафилов не е тука.

Пратеникот Цветанка Иванова не е тука.

Го молам пратеникот Владо Паунков да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски или сака да постави дополнително прашање?

Има збор пратеникот Владо Паунков.

Повелете господине Паунков.

**Владо Паунков:** Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата,

Од одговорот не можам да бидат задоволен од проста причина бидејќи немам ни одговор, со образложение дека Министерството за транспорт и врски не е надлежно за патниот правец Богданци - Гевгелија, туку е надлежен Фондот за патишта.

Јас, како пратеник, можам да поставам прашање само до Министерството за транспорт и врски. Сигурно дека Фондот за патишта е во надлежност на тоа Министерство.

Од тие причини немам одговор и поради тоа сум незадоволен.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Го молам пратеникот Силвана Бонева да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски или сака да постави дополнително прашање?

Има збор пратеникот Силвана Бонева.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Господине потпретседателе,

Не можам да бидам задоволна од одговорот, бидејќи одговорот ми стигна после една година и девет месеци. Значи, пред една година и девет месеци, односно на 8 јануари 2004 година, преку мене, Здружението на превозници во патниот сообраќај од Источна Македонија "Исток" го достави ова пратеничко прашање со барање да интервенира Министерството за транспорт и врски за да се среди состојбата со дивите превозници, таксисти и комби возила. Од нивна страна имаше укажано дека државниот буџет е посиромашен годишно за 3 милиони и 60 илјади евра, заради неплатен данок на додадена вредност, како и износ за милион и 620 илјади евра годишно неплатени придонеси од страна на дивите превозници, тоа се нивни пресметки. Токму заради тоа што Министерството за транспорт и врски толку ефикасно и рабетеше и одговараше, се случија штрајковите на превозниците од Источниот дел на Македонија.

Заради тоа не можам да бидам воопшто задоволна од одговорот на пратеничкото прашање. Бидејќи, ако нешто направеше Министерството за транспорт и врски сигурно немаше да има оваа година, пред неколку месеци штрајк. Значи, треба многу посериозно да се сфаќаат пратеничките прашања. На луѓето им дојде преку глава да чекаат одговор од Министерството за транспорт и врски и мора на тој начин да го искажат својот револт.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Го молам пратеникот Славица Станковска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски или сака да постави дополнително прашање?

Има збор пратеникот Славица Станковска.

Повелете госпоѓо Станковска.

**Славица Станковска:** Благодарам потпретседателе.

Исто така и овој одговор доцнеше, да не речам скоро две години, прашањето беше поставено уште во времето на Буџаку, ако не беше и пред него.

Задоволна сум од одговорот.

**Слободан Најдовски:** Есад Рахиќ не е тука.

Сега преминуваме на поставување пратенички прашања на денешната седница, според редоследот што е однапред договорен и доставен од координаторите на пратеничките групи.

Молам претставниците на Владата, односно министрите да влезат во салата.

Прв ќе поставува прашање пратеникот Жарко Караџоски:

Повелете господине Жарко.

**Жарко Караџоски:** Благодарам потпретседателе.

Моето прво прашање е до Владата на Република Македонија.

Владата состави нова загубарска листа на 40-тина претпријатија, со Акционен план, познат само на неа што предвидува, најверојатно, каква ќе биде судбината на овие претпријатија.

Првин на удар во расчистувањето на загубарите од страна на Владата се најдоа вработените во Тутунскиот комбинат - Прилеп. Така, половината или 630 од вкупно 1270 вработени од пред една

недела се наоѓаат на принуден одмор и во наредните два месеци ќе добиваат по 80% од платата. Ваквата практика се спроведува последниве три години, но во помал обем.

Исто така, продолжува отпуштањето на вработените по пат на технолошки вишок, со цел да се намали бројот на вработените, како би можел овој Комбинат полесно да се продаде на стратешкиот партнер. Според проценките, бројот на вработените во Тутунскиот комбинат - Прилеп

би требало да биде најмногу до 800 вработени.

Од друга страна, долговите на Комбинатот достигнаа сума од 35 милиони евра, а капиталот што го поседува овој Комбинат изнесува 25 милиони евра, од кои што 35% се сопственост на државата, а останатото на вработените. Ваквиот долг не гарантира дека ниту вработените, а ниту државата ќе се офајдат од евентуалната продажба на акциите на Комбинатот.

Заради расчистување на долговите веќе е почнато со распродажба на непроизводните делови на Комбинатот, како спортската сала, хотелот во Охрид со што се плати дел од долгот кон државата, а ќе следат и детската градинка, мензата и сите други непроизводни делови.

Оваа состојба не ветува ништо добро како за Комбинатот, така и за вработените во него, но и за сите тутунопроизводители, за целиот град воопшто.

Можеби состојбата со Тутунскиот комбинат најдобро ја опиша еден граѓанин на Прилеп, кој на 19 септември за А-1 телевизија ќе изјави, цитирам: "Катастрофа. Го уништија Комбинатот и готово. Јас имам син кој е вработен таму и 80% отпуштени се веќе. Бранко Црвенковски ни го прати Мицајков од Скопје за да го уништи Тутунскиот комбинат и луѓето останаа на улица". Инаку, ова е дел од видувањето на СДСМ.

Моето прашање е - Што предвидува Акциониот план на Владата за новите загубари, поконкретно за Тутунскиот комбинат - Прилеп? Има ли надеж за вработените во истиот, за кооперантите и воопшто за градот, ако се земе предвид дека буквално целиот град живее од овој Комбинат? Може ли да се случи Тутунскиот комбинат по 140 години да оди во стечај?

Второто прашање исто така до Владата.

Земјоделците очигледно немаат среќа со новите министри. Ниту првиот, ниту сегашниот министер, не само што е очигледно дека не се снајдоа во овој ресор, туку и тоа малку што го знаат, ако воопшто го знаат резултира со крајло лоша земјоделска политика, без изградени приоритети, со водење на дневно политички интереси, а земјоделстовот не само што не се развива, туку е на работ на пропаст. Резултат од тоа е масовно отпуштање на професијата земјоделец, кои на овој начин стануваат дел од кругот на мнозинството невработени и тешка сиромаштија.

Ај што сегашниот министер не се разбира од земјоделие и што е целосно невидлив, туку и најновиот, самонаречен министер за земјоделие во сенка, премиерот Бучковски ги разочара земјоделците.

Така, потполно е јасно дека пропаднаа 6-те милиони евра, колку што треба за откупената пченица по 2,5 денари за кологрaм, а кој што износ истиот им го вети. Така пченицата и на крајот на месец септември остана нерешен проблем на Владата. Така, само во Пелагонија, нашата најголема житница, годинашната реколта со 66 илјади тони, над 20 илјади тони лебно зрно сеуште се наоѓа во амбарите и дворовите на земјоделците.

Друга приказна се лозарите. Владата, во немоќ да понуди решение на лозарите само го одоговлекува разговорот, а винарските визби не само што ги намалуваат откупните цени, туку почнуваат и да не откупуваат. Така, со откупна цена од 7 денари лозарите не можат да си ги вратат ни вложените пари а камо ли да остане некој денар за трудот и маката.

Заради лошата стратегија лозарството е оставено само на пазарните услови. Од некогашните 40 илјади хектари, се преполовува и заради тоа мора да се најде модел на државна поддршка за да не се случи оваа и другите гранки да пропаднат. Слична е состојбата и со тутунот, скоро со сите земјоделски култури.

Моето прашање е - без разлика на тоа што во Владата не постои Министерство за земјоделие односно министер за земјоделие, има ли ова Министерство и Владата во целина било каква стратегија за решавање на овие проблеми, особено со пченицата и лозарството или се ќе се сведе на она познатото - снајди се, како умееш. Во тој контекст, ја заборави ли Владата својата предизборна програма, особено во делот на земјоделството или и тоа беше една лага како и останатите?

Третото прашање до Владата на Република Македонија.

Постои ли маж во оваа држава кој конечно ќе воспостави правен поредок на целата територија на Република Македонија? Сведоци сме дека во Република Македонија правната држава ја воспоставува кој ќе стаса и каде ќе стаса, освен легалните, со закон овластени институции за тоа. Ќе биде ли Министерството за внатрешни работи нем посматрач на сите овие настани или орган што треба да воспостави ред и мир во целата држава?

Случаевите на напади на полициските станици во Вратница, Бит Пазар, потоа гранатирањето на касарната "Илинден" и зградата на Владата на Република Македонија, познатиот случај Кондово и Агим Красниќи, како и се почестите насилства и убиства, кражби, зачестени пукања во доцните вечерни часови, се јасна слика дека Владата на Република Македонија не може да се справи со овие секојдневни настани, со што не изгради безбедносен модел за постигнување јавна доверба кај граѓаните.

Во последно време, како познатите сапунски опери, Република Македонија е окупирана со случајот "Бриони". Несватливо е и недозволено е група граѓани правдата да ја преземаат во свои раце, па со типичност, само на граѓаните од албанската припадност, својствени методи, како блокади на пристапот кон мотелот, оневозможување пристап на членовите на семејствата на загинатите во истиот мотел за време на воената криза да одржат помен, разни закани и уцени што полицијата и други надлежни органи да продолжуваат со типично самоволие, да ги малтретираат недолжните граѓани на оваа наша држава.

Последниот настан што се случи со судиката на Основниот суд во Тетово, госпоѓата Убавка Сергениевска, која по службена должност беше оневозможена од истата група да изврши увид на лице место во мотелот "Бриони", како средство од доказната постапка при судското разрешување на овој спор, само ја прели и онака преполната чаша. Згора на тоа и во присуство на Министерството за внатрешни работи увидот не беше извршен, а и дирекно беше загрозен животот на истата. Со чиста среќа е спречен инцидент од поголеми размери.

Моето прашање - Не е дали има маж во оваа наша држава, затоа што тоа пред мене го праша некој друг, туку ќе воспостави ли еднаш Владата правен поредок на целата територија на Република Македонија, со сите средства што се на располагање или и понатаму ќе го занимава народот со епизоди во продолженија што можат да носат наслов "Како Владата на Република Македонија не може да изгради правна држава на цела територија на Република Македонија".

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Караџоски.

Првото прашање е упатено до Владата.

Ќе одговори заменик министерот за економија, господинот Саша Андоновски.

Повелете господине Андоновски.

**Саша Андоновски:** Благодарам.

Прво, една техничка корекција. Владата не прави листа на нови загубари, туку Владата има изготвено листа на претпријатија што се соочуваат со потешкотии во своето работење, каде што државата има свои удели или интереси.

Според тоа, поединечно се пристапува кон проблемите на секој од тоа друштво и поединечно се бараат решенија за сите видови на друштва опфатени во таа листа. Значи, не се работи за листа на нови загубари.

По изготвување на конечниот план, ќе ве известиме за истото.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Господине Караџоски дали сте задоволни од одговорот, или имате дополнително прашање.

Има збор пратеникот Караџоски Жарко.

Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Па, не можам да бидам задоволен од одговорот, затоа што јас посочив конкретно за што станува збор, конкретно за Тутунскиот комбинат - Прилеп. Дали Владата прави нова листа или не прави нова листа, факт е дека отпочна со расчистување на некакви проблеми кај оние што имаат загуби.

Јас би сакал да ми се одговори на она што го прашав. Моето прашање беше доста опширно со една анализа што јас ја имам. Бидејќи тука нема министер за економија а нема ни премиер, прашањето беше доставено до Владата, па би побарал, со оглед на тоа што со овој одговор не сум задоволен, да ми се одговори писмено.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Право е на претставниците на Владата дали ќе одговорат писмено или усмено, доколку сакаат усмено, дали имате нешто дополнително.

Има збор заменик министерот за економија Саша Андоновски.

Повелете господине Андоновски.

**Саша Андоновски:** Конкретно Тутунскиот комбинат Прилеп е опфатен во листата на претпријатија кои што се соочуваат со проблеми во своето работење. Се прават стратегиии анализи и за истата, како и за сите тие другите 40-тина што ги спомнав, што значи по изготвување на комплетната анализа и стратегија која понатаму ќе биде доставена. Ако сака ова истово писмено да го одговориме, нема проблем.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Второто прашање е исто така до Владата.

Ќе одговори заменик министерот за земјоделство, шумарство иводостопанство, господинот Санде Џамбазовски.

Повелете господине Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам господине потпретседателе.

Со оглед на тоа што прашањето беше малку пошироко, јас ќе почнам по ред како што и беше поставено.

Првиот дел од прашањето е што презема Владата за акцијата Биди земјоделец. Акцијата Биди земјоделец беше односно и Законот беше донесен уште од Владата, претходната Влада, мислам на Владата на ВМРО-ДПМНЕ, каде што по тој Закон се плаќаа придонеси една година, па после една година оние земјоделци кои се регистрираа и се пријавија требаше да продолжат сами да си ги плаќаат придонесите понатаму. Морам да кажам овде дека таа акција целосно пропадна, бидејки е тотално целосно неуспешна и таму можеа да се регистрираат земјоделци кои не можеа да продлжат да ги плаќаат придонесите, затоа што немаше посебни критериуми во однос на големината на расположивите површини, големината на фармата и т.н.. Владата им плаќаше средства и на оние кои што имаа половина декар и кои што имаат еден декар, така што тие не можеа да опстанат и натаму да

продолжат. Што значи дека таа акција целосно пропадна и сметам дека треба да се прави друга акција од друг вид односно не со тие критериуми кои што тоа го направи претходната Влада.

Што се прави со откупот на пченицата, за што многу се зборува дека Владата не презема ништо околу целосна реализација на откупот на пченицата. Оваа година за среќа имаме највисок откуп на количини на пченица и тоа над 190 илјади тони веќе се откупени, што значи дека од сите години до сега билансите барем за 5, 6 години наназад имаме најголема количина на откупена пченица. Тоа значи не е точно дека пченицата стои дома. Можеби имаодредени количинии секогаш имало кои штоне сакаат да ги продаваат од повеќе причини, меѓутоа во глобала мелничарските претприајтија имаат откупено најголема количина пченица оваа година во однос на претходните 5 до 7 години.

Владата, за да се олесни откупот на пченицата, бидејки пченицата е како сите други култури, е слободна на пазарот и се продава по пазарни цени, бидејки така е одлучено кога се потпишуваше договор за членска во Светска трговска организација кој што договор го правеше Владата на ВМРО-ДПМНЕ. Од тогаш е укината заштитната цена на пченицата и затоа пченицата исклуиво ставена на пазарот. Владата превзема повеќе мерки за да ја олесни состојбата на мелничарските претприајтија за да ја откупат пченицата, а тоа забрани целосен увоз на бесцарисннка пченица од другите земји, што значи се додека не се потроши домашната пченица, е овозможено да не се увезува пченица од странство, бидејки увозната пченица е многу поевтина. Владата, бидејки во овој Буџет нема предвидено средства за помош на оние производители кои што произведуваат пченица, во наредниот Буџет за 2006 година е договорено да се исплати по еден денар за секој откупен килограм пченица за родот 2005 односно за оваа пченица која што сега се откупува. Во тек сме со преговорите со откупувачите, со претпријатијата кои што откупуваат пченица, да можат да ги испитаат сите можности, за да можат и тие да исплатат по еден денар, за да може да дојде цената некаде до 10 денари. Тоа значи не е точно дека не се преземаат мерки во однос на откупот на пченицата.

Што се однесува до грозјето како артикла кој што е во екот на бербата, само сакам да го информирам пратеникот дека откупот на грозјето не е престанат. Откупот на грозјето тече нормално и некаде над 60% од грозјето е веќе откупено, преземено е од винарските подруми и тече секој ден откупот на грозјето по количини кои што можат да ги примат преработувачките капацитети. Ние очекуваме и сме сигурни дека грозјето ќе се откупи целокупната количина на грозјето кое што го има оваа година.

Владата, во однос на лозарството, бидејки се псотави прашање за лозјето, дава помош за подигање на нови лозови насади и тоа од квалитетни сорти и тоа буџетски неповратни средства за секој подигнат хектор по 45 илјади денари дава неповратни средства за обновување на лозовите насади, со што ќе добиеме поквалитетни сорти и ќе ги подмладиме лозовите насади. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Џамбазовски.

Господине Караџоски, дали сте задоволни од одговорот или сакате да поставите дополнително прашање.

Има збор пратеникот Жарко Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Добро, кога го слушам јас, но верувам и граѓаните на Република Македонија заменик министерот како убаво образложува она што јас прашав, ќе се добие впечаток дека во Република Македонија што се однесува до земјоделството не постојат ама баш никави пробелми. Се е убаво, се е во ред и сега останува една работа нејасна. Од каде се протестите, зошто се најавуваат штрајкови, зошто се најавуваат од страна на земјоделците, Синдикатот и т.н. протести со блокади на граници, а така е и за пченицата. Секојдневни протести од страна на лозарите, а да не ви ги читам сега овде имам еден куп изјави што се дадени од граѓани лозари кои го повикуваат и Бучковски и вас веројатно како заменик минситер, да се најде излезно решени и т.н. Зошто господинот премиер одеше и ветуваше одредена сума пари од Буџетот која треба да се подржи, па потоа се повлече. Зошто ветува дваипол денари, а сега зборувате за еден денар. Јасно е дека не постои стратегија и јасно е дека има проблеми. Сега, не можете со еден ваков одговор кој што сега ми го давате и кој ве слуша ќе каже дека во Република Македонија ама баш не постои никаков проблем што се однесува до земјоделството се е убаво. Уште малку и да поверуваме во тоа.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Третото прашање исто така е доставено до Владата.

Кој ќе одговори во името на Владата?

Министерот за внатрешни работи господинот Љубомир Михајловски.

Повелете господине Михајловски.

**Љубомир Михајловски:** Благодарам.

Почитуван пратеник, состојбата што ја прикажавте во својот уводен дел пред да го поставите пратеничкото прашање не е точно. Тоа го истакнувам во повеќе мои излагања овде во Парламентот. Значи, состојбата со криминалот во Македонија е следна. Пак ќе повторам, криминалот е во големо опаѓање во Република Македонија изразено неспоредбено само со минатата година, туку и со другите години претходно.

Второ, откривачката функција на полицијата е исто така многу, многу зголемена и добра, така што ова се параметри кои што ви ги кажувам неспоредбено само во Република Македонија,

туку споредбени показатели со сторени кривични дела во регионот и пошироко во Европа.

Сакам да ви кажам дека Република Македонија не е земја на чудата, па да не имаме криминал. Значи, во сите земји во светот има криминал, ќе има и во Република Македонија, имало и ќе има. Полицијата мислам дека навистина солидно ја врши својата работа. Кога ви зборувам за откривачка дејност не е точно ова што го кажувате дека има зголемен број на убиства, тежок криминал, разбојништва, затоа што излегов со бројки и го кажав минатиот пат исто во Парламентот дека убиствата и тешкиот вид на криминал се во големо опаѓање споредбено со години наназад. И, ако продолжи овој тренд на опаѓање на криминалот, ќе биде добро.

Безбедносната состојба и случајот што го кажувате околу конкретниот случај за Бриони што го посочивте полицијата делуваше во рамките на своите законски овластувања и надлежности. Вие сите сте сведоци и македонската јавност е сведок дека македонската полиција делува на целата територија на Република Македонија. Нормално е дека и понатаму ќе продолжи да делува на целата територија на Република Македонија, така што не е она што вие сакате да го прикажете како драматична состојба. Конкретно, повторно се враќам на случајот на Бриони, полицијата ги презема физичките мерки на терен и во тек се преземања на законските мерки околу пријавување на сторителите за кои ќе се оцени дека го прекршиле законот. Тоа е надлежност на полицијата. Значи, би ве молел сите што седите овде, би ја молел и македонската јавност на полицијата да и дадете поддршка, пред се како граѓани за уште поуспешна работа. Со своето излагање ја ценам вашата загриженост, меѓутоа исто така сметам дека податоците кои што ги имате за градење на една ваква слика која не е реална, а реалните податоци ние ги даваме статистички и јавно ги објавуваме, така што нема некоја посебна загриженост. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Господине Караџоски, дали имате дополнително прашање?

Има збор пратеникот Караџоски Жарко.

Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Почитуван министре, јас сум свесен дека нема да се убедиме. Тоа е факт, ниту имам намера да се разубедуваме. Но, јас би ве прашал што не е точно од она што јас кажав, господине министре. Не е точно дека имавме напад на полициска станица во Вратница? Не е точно дека тоа се случи на Бит Пазар. Не е точно дека Кондово ни беше окупирана територија. Не е точно дека Агим Красничи ни се закануваше дека ќе го бомбардира Собранието. Исто така, не е точно дека Полицијата таму не презеде апсолутно ништо, дури и неколку обиди завршија тотално неуспешни. И, тоа не е точно? Не е точно дека исто така не знам пред колку време пред 3 или 4 месеци на пратенички прашања ветувавте дека состојбата во Кондово полицијата ќе ја воспостави така како што треба да ја воспостави. Полицијата не појде таму, дојде Агим Красничи сам се направи херој и тоа не е точно? Не е точно господине министре и тоа дека во Бриони подолго време тој проблем стои на дневен ред. Не е точно дека таму не можеа да појдат семејствата на загинатите, затоа што одредена толпа ја зема правдата во свои раце. И, тоа не е точно? Не е точно и тоа што судиката вчера или некни ќе беше линчувана за малку и тоа не е точно? Не е точно и тоа дека полицијата нема само основна задача да стои и да посматра некој да не биде убиен, туку има задача и да воспостави ред да се изврши она за кое што пошла судиката односно да и се овозможи да се изврши увид на лице место. И тоа не е точно според вас. Според вас битна е статистиката. Како ја правите? Ја правите од 2001 и сега со споредба? Па, во 2001 година имавме воена криза и нормално е дека криминалот ќе биде во пораст. Тоа не е репер и тоа не е мерка. Едно треба да ви биде јасно господине минситре, на вас и на цела Влада. Република Македонија денес наспроти сите ветувања кои што вашата Влада чиј член сте и вие ветуваше далеку, далеку е небезбедна држава. И тоа не можете да го порекнете со некакви бројки, паднал процентот на убиствата за 1%, нешто друго за 2%, што воопшто тоа не е репер. Вие денес не можете да одржите ниту еден фестивал во Република Македонија, ниту една културна манифестација, а да нема инциденти. Имавме настани во Прилеп на Пиво фестот каде што се случи тоа што се случи. Во секој град нешто се случува и тоа за вас е подобрена ситуација. Прашајте ги граѓаните на Република Македонија колку безбедно се чувствуваат во оваа држава. Ако немате прилика, прошетајте вака со мене, со некој друг пратеник, не седете само во канцеларија и видете каква е состојбата во Република Македонија.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Караџоски, значи немате дополнително прашање.

Продолжуваме со поставување на прашања.

Има збор пратеникот Кире Гештаковски.

Повелете господине Гештаковски.

**Кире Гештаковски:** Благодарам господине потпретседателе, почитувани членови на Владата на Република Македонија, почитувани пратеници.

Ќе поставам три прашања.

Првото мое прашање ќе го псотавам до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и се однесува на најголемиот проблем што го мачи секое семејство во Преспа, откупот на јаболка.

Преспанскиот крај, како што знаете, во вкупното производство на јаболка во нашата држава од околу 70 илјади тони годишно учествува со над 70%. Во услови на ограничена куповна моќ на македонскиот пазар на само околу 20 илјади тони годишно, како и деловната неефикасност на преработувачките капацитети во земјава, стои пазарен вишок од околу 40 илајди тони на

годишно ниво. Овој пазарен извозен вишок воизминатиов период, особено по распаѓањето на единствениот југословенски пазар, извесна проодност наоѓаше на бугарскиот и на албанскиот пазар. Јаболкото како производ е вклучено во некои меѓудржавни договори за слободна трговија, но со многу мали количини, а делумно е во неповолни услови. Последново се однесува и на пазарот во Република Бугарија, со што извозот на јаболко е контигенирано на само 3 илјади тони годишно со цариснка давачка од 50% од редовната сметано од 1 јануари до средината на годината во секоја тековна година.

Производството на јаболка во Преспа ангажира околу 3200 хектари површина. Со производство на јаболка учествуваат повеќе од 2500 семејства или околу 12 илјади членови или две третини од вкупното присутно население во неа. Транзициските процеси значително ја смалија вработеноста во општината, особено во стопанството, со што јаболковото производство претежно е единствена економска компензација за одржување било каква-таква социјална сигурност на вкупното население.

Граѓаните на Преспа бескрајно и се благодарни на Владата на Република Македонија и лично на премиерот Бучковски за минатаогодишниот нивни ангажман со што се отвори можност постојниот контингент за извоз на јаболка во Република Бугарија да се зголеми за околу 4 илјади тони безцарински оптоваруваља, со што минатата година беше една од поуспешните години за сите производители на јаболка во Преспа.

Оваа година, бидејки е рекордна како по производство, така и по квалитет потребно е Владата на Република Македонија да направи напор за да се зголеми тој бесцарински контингент за извоз на јаболката во Република Бугарија за околу 6 до 7 илјади тони.

Граѓаните на Преспа преку општината Ресен се обратија до претседателот на Република Македонија , до премиерот на Република Македонија и до амбасадорот на Република Бугарија во Република Македонија со молба и надеж за успешно завршување на преговорите. Значи, најконкретно моето прашање, а воедно и барање до Владата на Република Македонија е да овозможи дополнителен бесцарински контингент за извоз на јаболката на Република Бугарија за околу 6 до 7 илајди тони, како би се растоварил домашниот пазар. Во исто време барам информамција од Министерството за досегашниот тек на преговорите кога тие ќе продолжат и прогнозата за исходот од тие преговори.

Второто мое прашање го упатувам до Владата на Република Македонија. Подрачјето на општината Ресен на ден 11.07.2005 година го зафати силно невреме проследено со дожд, град и силен ветер. Невремето предизвика огромна материјална штета во повеќе населени места во општината Ресен и тоа Шуленци, Покрвени, Волковери, Подмочани, Прељубје, Асамати, Претор, Крубиново и Ресен. Од невремето штети беа направени и на градежните објекти и на земјоделските култури. Веднаш после невремето, а со цел правење на проценка и утврдување на висината на штетата, утврдување на причините за штетата и за предлагање на конкретни интервентни мерки формирани се две комисии. Едната комисија за проценка и утврдување на штетите во областа на урбанизмот и градежништвото и другата во областа на земјоделството. Вкупната штета во земјоделството односно во овоштарството на јаболка изнесува 17 милиони денари на 95 хектари овошни насади со јаболка. За проценка и утврдување на штетите земена е минималната просечна цена од 12 денари по килограм. Во село Шуленци од јаболкови насади од град се оштетени 15 хектари со род од 315 илјади килограми јаболка, со степен на оштетеност од над 70%. Во село Волкодери под јаболкови насади од град се оштетени над 26 хектари со род од 780 илјади килограми јаболка. Во село Покрвени под јаболкови насади од град се оштетени 33 хектари со род од 990 илјади килограми јаболки.

Во село Прељубје со јаболкови насади од град се оштетени 10%, 10 хектари со род од 300 илјади килограми.

Во село Подмочани под јабокави насади оштетени се 10 хектари со род од 300 илјади килограми јаболкови насади.

И во село Асамати одкорнати се 170 јаболкови стебла од големиот ветер со што е предизвикана штета од над 600 илјади денари.

Прашувам до каде е постапката околу обештетувањето од овие штети, како би настраданите граѓани на Преспа колку толку надоместат нивните загуби и почувствуваат дека државата не ги заборавила и им помогнала тогаш кога им било најтешко.

Третото прашање го упатувам до Министерството за транспорт и врски.

Ресен е единствен град во Република Македонија каде што низ центарот на градот се одвива целокупниот транзитен товарен и патнички сообраќај кој што негативно се одразува на безбедноста на сообраќајот, на безбедноста на граѓаните а исто така со оглед на тоа што подземните води во Ресен се многу изразени товарните возила предизвикуваат огромна материјална штета на индивидуалните станбени куќи, пукање на дел од ѕидовите, тресење на куките и други видови на штета.

Граѓаните кои што живеат на улиците низ кои што се одвива товарниот и транзитниот сообраќај се крајно револтирани од претрпените штети и од претрпениот страв и секојдневно реагираат и бараат трајно решение на проблемот.

Имајќи ја во предвид ваквата неповолна состојба на дел од магистралниот пат М-5 со отворањето на граничните премини спрема Република Албанија и одвивањето на транзитниот сообраќај

спрема Република Албанија преку центарот на градот кој што е тесно грло за нормално одвивање на сообраќајот а и последиците од ваквата состојба со предизвикување на големи материјални штетеи предизвикува револт и незадоволство кај граѓаните.

Општината Ресен уште во 1995 година, значи, точно пред 10 години изготви главен изведбен проект и обезбеди целокупна потребна документација за изградба на обиколна сообраќајница која ќе биде составен дел на магистралниот пат М-5 Битола-Ресен-Охрид.

Се надеваме дека Владата на Република Македонија ќе ги има во предвид присутните проблеми и предизвиканите последици од досегашното решение и во целост ќе го прифати решението предложено со главниот изведбен проект и во рамките на програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта во Република Македонија ќе обезбеди финансиски средства за поддршка на предложениот проект за изградба на обиколницата.

За таа цел општината Ресен повеќепати се има обратено до Фондот за магистрални и регионални патишта за прифаќање на овој проект.

Ве молам, да ми се одговори до каде се активностите околу овој проект и кога и последниот град во Република Македонија ќе добие заобиколен пат.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Гештаковски.

Пред првото прашање е упатено до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Има збор заменик миниситерот господинот Санде Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам потпретседателе,

Се согласуваме со една работа со господинот пратеник Кире Гештаковски дека овоштарството е значајна гранка во Република Македонија, а посебно јаболкото е уште позначајно во рамките на самото овоштарство и претставува производство број 1 на Република Македонија и Република Македонија е извозник на јаболка надвор од земјата бидејќи произведува повеќе од сопствените потреби за самата Република. Така да скоро 50% од јаболкото се извезува надвор од Република Македонија и главни пазари се Србија и Црна Гора, Бугарија, Албанија и дел во Европската Унија.

Владата на Република Македонија води посебна грижа во создавањето на амбиент за непречено пласирање на домашното јаболко на странските пазари и во договарањето за сите договори за слободна трговија, посебно Спогодбата за стабилизација и асоцијација со Европската Унија во делот на трговските односи со Европската Унија е договорено сите земјоделски производи да одат во Европската Унија без никаква царина, а овде спаѓа и самото јаболко.

Втора работа, во однос на конкретното прашање со Бугарија, бидејќи Бугарија е еден од главните примачи на нашето јаболко во тек се преговорите во рамките на зачленување на Република Македонија во ЦЕФТА со Бугарија, бидејќи Бугарија е земја членка на ЦЕФТА.

Јаболкото е главен приоритет во самите преговори и неслучајно и самиот пратеник кажа дека во оваа активност се вклучени и премиерот и Претседателот на државата итн., се со цел да можеме да направиме што е тоа што може да се направи подобро за извоз на јаболкото во Република Бугарија по поволни услови, а тоа е безцарина или со намалена царина.

Јас не би кажал конкртна бројка бидејќи преговорите се во тек и не е добро да се кажува однапред бројка, меѓутоа правиме максимални напори и ќе биде подобро од минатата година пред се во однос на количините без царина, а со влегувањето на Бугарија во Европската Унија која очекуваме да биде во 2006 година тогаш ќе нема никаква царина т.е. никакви ограничувања на количините што значи дека Бугарија ќе биде слободна земја за нас за извоз на сите земјоделски производи па во тие рамки и јаболкото.

Со Република Албанија таков каков што е договорот за слободна трговија во текот на оваа година мислам дека ќе нема некои други преговори.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Господине Гештаковски дали сте задоволен од одговорот, или имате да поставите дополнително прашање сега.

Повелете господине Гештаковски.

**Кире Гештаковски:** Благодарам господине потпретседател.

Задоволен сум од ангажманот и од одговорот и уште една молба упатувам до Министерството и до Владата на Република Македонија.

Бидејќи од идната година ќе нема потреба да се направат дополнителни напори овие преговори да завршат успешно бидејќи оваа година, како што напоменав е рекордна година по производство и по квалитет.

Дополнителното мое прашање би било дали може Министерството во писмена форма да ми одговори за продолжувањето и текот на одвивањето на преговорите.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Второто прашање е упатена до Владата на Република Македонија.

Во името на Владата ќе одговори господинот Јово Манасиевски, потпретседател на Владата на Република Македонија и министер за одбрана.

Повелете господине Манасиевски.

**Јован Манасиевски:** Бидејќи се бараат конкретни податоци одговорот ќе биде даден во писмена форма.

**Слободан Најдовски:** Ќе добиете одговор во писмена форма господине Гештаковски.

Третото прашање е до Министерството за транспорт и врски.

Има збор заменикот министер, господинот Деан Кошутиќ.

Повелете господине Кошутиќ.

**Деан Кошутиќ:** Во изминатите година-две приоритетот на Фондот за магистрални и регионални патишта, а со тоа и на Министерството за транспорт и врски беа довршувањето на обиколниците кои се наоѓаат на Коридорот 10 и делот на Коридор 8 односно скопската обиколница така да на пратеникот ќе му доставиме одговор во писмена форма за наредните планови, бидејќи барањето за решавање на заобиколен пат заради решавање на проблеми со товарниот сообраќај не е само од Ресен,туку и од други градови, така да ќдоставиме конкретен преглед на идните активности.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Господине Гештаковски ќе добиете писмен одговор.

Продолжуваме понатаму со поставување на прашања.

Има збор пратеникот Ефтим Манев.

Повелете господине Манев.

**Ефтим Манев:** Благодарам господине потпретседателе.

Првото прашање е до Министерството за економија, а тоа гласи:

Кога ќе отпочнат со работа рудниците кои се продадени во пределот на Источна Македонија со руда од олово и цинк, а тоа се Каменица, Злетово и Тораница, кои рудници се продадени подолго време и истите не отпочнуваат со работа.

Причина наведена низ дневните весници, преку телевизии се спомнува дека една од главните причини било тоа што наводно требало да се уплатат околу 1,5 милион долари, за да легнат на сметка на државата, па да отпочнат да работат.

Ако е тоа би дал еден краток коментар.

Ако е тоа причината сметам дека е катастрофална грешка наша, на Владата ако чека 1,5 милион долари. Доколу во тие рудници треба да работат околу 3000 луѓе кои што за два-три месеци ако работат тие само од персоналниот данок ќе го надоместат таквиот износ и сметам дека ако купувачот не е во состојба тоа да го плати сега и ако навистина е заинтересиран да работи, ако не е друга работата, може да се направат договори тоа да го плаќа и на одредено време, барем во текот на работата. Барем во тој дел би било тоа прашање за кое што сметам дека е и тоа така интересно за тоа подрачје каде што нема ништо друго што да работат освен тоа што работеле досега.

Второто прашање е исто така од областа на рударството, а во врска со рудникот за Бакар - Бучим од Радовиш кој што е рестартиран и работи, купен од еден купувач, а истиот иако веќе работи повеќе од пет-шест месеци уште се наоѓа под стечај одреден дел, кое нешто таквата постапка сметам дека не потребно се пролонгира со цел да се изгубат одредени работи кои што треба да ги добијат дали работниците или правните лица кои што очекуваат од стечајот.

Во тој дел би сакал да ми биде одговорено дали и до кога Владата ќе интервенира стечајот да заврши.

Третото прашање, вчера во еден од дневните печати, ова прашање се однесува до Министерството за внатрешни работи, пишува дека бивш затвореник стана разузнавач. Незнам јас кога тој човек е примен на работа инаку лицето се вика Екрем Мустафи, кој што бил поранешен полицаец. Во својата работа направил повреда на работата, злоупотребувајќи ја функцијата, фалсификувал одредени исправи за кое нешто бил осуден и казнет на казна затвор од 7 месеци, како што пишува. Казната ја издржувал некаде 1996 година.

Колку е познато барем на мене и на целата македонска јавност па и на самото Министерство дека во ниеден случај не би можело да работи на исти работи односно во оваа Агенција лица кое што било осудувано за кривично дело фалсификување и тоа во делот во областа во која што работело и порано, во полиција. Прашањето ми е дали е тоа вистинито, дали е направен пропуст или е направено со знаење и зошто е така направено. Толку би имал, благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Манев.

Првите две прашања се упатени до Министерството за економија. Немаме претставник ќе добиете писмен одговор, заменикот беше до сега тука.

Третото прашање е до Министерството за внатрешни работи. И има збор министерот за внатрешни работи господинот Љубомир Михајловски.

**Љубомир Михајловски:** Почитуван пратеник треба да знаете дека Агенцијата за разузнавање не е во склопот на Министерството за внатрешни работи. Основни познавања во безбедносните структури на државата треба да имате. Таа Агенција е под директно раководење кај претседателот на државата, така да Министерството за внатрешни работи не е надлежна ниту може да ви даде ваков одговор.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Михајловски.

Господин Манев дали сте задоволен, или имате дополнително прашање.

Повелете имате три минути.

**Ефтим Манев:** Во однос на третото прашање јас би сакал ако Владата во целина е надлежна, ако

може во ред, ако не може тогаш прашањето да се препрати до претседателот на Републиката.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господин Манев.

Ние не можеме да му поставуваме прашања на претседателот на државата, така да ова прашање не можеме да го проследиме на друго место.

Продолжуваме понатаму.

Абдулаќим Адеми е следниот што ќе постави пратеничко прашање.

Повелете господине Адеми.

**Абдилаќим Адеми:** Благодарам господине потпретседател.

Првото прашање е до Министерството за животна средина и просторно планирање. Значи, до Министерството за животна средина и просторно планирање.

Во последно време сведоци сме на информации дека неколку стопански капацитети, како што се ОКТА, Силмак и Јагуновце, ТЕЦ Осломеј, итн., ја загадуваат животната средина како на воздухот, така на водите, земјиштето инт. Загадувајќи ја животната средина непосредно го загрозуваат и животот на граѓаните, понатаму влијае на квалитетот на земјоделското производство итн. Прашањето е следно.

Кои се активностите на ова Министерство за да се влијае до раководството на овие претпријатија да го почитуваат законот кога се говори за загадување на животната средина, за ОКТА, Силмак и ТЕЦ Осломеј.

Второто прашање е до Владата на Република Македонија. Прашањето е следно.

Жителите на неколку села на општина Јагуновце, на Сириќино, Раотинце, Копаница и Јагуновце речиси секоја пролет и Есен се соочуват со проблемот на поплави. Сите овие поплави се последица на оштетување на коритото на реката Вардар и врз основа на некои информации, подготвува еден проект за уредување на коритото на оваа река која непосредно ќе влија во намалувањето на штетите кои ги предизвикуваат овие поплави.

Ние како Парламент на Република Македонија донесовме еден закон со кој ги надоместивме материјалните штети не само за општина Јагуновце туку за цела Република Македонија каде што имавме поплави, но тие средства се дадоа како помош за семејствата кои претрпеа штета, а не беа доволни за уредување на коритото на оваа река.

Прашањето до Владата е следно:

До каде се активностите околу овој проект и кога се планира да се оствари проектот за уредувањето на коритото на реката Вардар во општина Јагуновце. Значи, за населбите кои ги нагласи малку претходно.

Третото прашање е до Министерството за транспорт и врски во врска со железницата Скопје - Кичево.

Како што се знае функционирањето на оваа железничка линија во суштина не функционирањето на оваа железничка линија се случи во 2001 година и од тогаш возовите во насока Скопје - Кичево и обратно ниту се движат, ниту сообраќаат за стоката која оди до Јагуновце, до фабриката Силмак, додека за превоз на патници не функционира ниту еден воз.

Во последно време преку средствата за јавно информирање имаме информација дека една шпанска компанија нуди еден кредит и гранд заеднички околу 36 милиони евра за да ја стави во функционирање оваа железничка линија и да се продолжи како дел на Коридорот 8 и да се продолжи до Струга со изградбата на оваа железничка линија.

Прашањето до Министерството за транспорт и врски е следното:

Кои се активностите  што ги превзема ова Министерство за да го стави во функција железничкиот патен правец Скопје-Кичево и кои се вистините околу овој кредит кој се нуди од Шпанската влада, за оваа железничка линија.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Адеми.

Првото прашање е упатено до Министерството за заштита на околината и просторно планирање.

Има збор министерот Зоран Шапуриќ.

**Зоран Шапуриќ:** На почитуваниот пратеник, господинот Адеми би му одговорил дека во состав на Министерството како самостоен орган дејствува Државен инспекторат за животна средина. Имаме 12 инспектори. И покрај малиот број перманентно вршиме надзор на повеќе таканаречени потенцијални загадувачи од висок степен и се надеваме дека наскоро, со процесот на децентрализација и локалната самоуправа ќе ја спроведе својата обврска да има повеќе инспектори за заштита на животна средина. Во тој случај сигурно дека и Инспекторатот ќе биде многу поефикасен и ефективен. Но, без оглед на тоа нашиот Инспекторат врши постојан надзор на повеќе таканаречени жешки точки, меѓу кои ОКТА, СИЛМАК и "Осломеј". Но покрај инспекторот кој е задолжен, имаме стручни лица односно технолози од надвор и од внатре кои постојано вршат надзор над работата.

Најпрвин, бидејќи господинот Адеми постави прашање конкретно за три субјекти, јас би кажал дека околу ОКТА проблемот е 20 и нешто години и ние во последните пет-шест месеци навистина настојуваме да го решиме интензивно. Што е превземено:

Разговарано е со раководството на ОКТА кое се обврза дека согласно новиот Закон за животна средина, во рок од 18 месеци ќе изгради комплетно нова инсталација која комплетно ќе го реши односно елиминира било каква емисија на штетни материи, инвестиција која според нивно укажување, е одобрена и која треба да отпочне да се реализира, а која вреди околу 8,5 милиони долари.

Меѓутоа, во поглед на краткорочни мерки ние постојано вршиме мерења, поставуваме семплери и тие резултати ги обработува нашата лабораторија, тие се објавуваат, има веб сајт на Министерството и благовремено ја информираме јавноста. Освен во два случаи мерењата покажаа дека нема концентрација над дозволено ниво. Меѓутоа, бидејќи мерењата се на тлото, Инспекторатот ја задолжил ОКТА во рок од шест месеци на врвот од оџакот да постави автоматски мерач, иако имаше барање од ОКТА да се пролонгира тој рок, тој рок си стои. Значи ОКТА е обврзана да постави автоматски мерач кој не само на пониските висини, туку и на поголеми висини ќе го мери автоматски загадувањето.

Во еден случај за време на викенди е констатирано енормно голем чад кога Инспекторатот донесе решение за намалување на 10%. Инспекторатот за животна средина врши 24 часовен надзор во ОКТА, заедно со Пазарниот инспекторат и тоа производство е намалено.

Исто така во контакт сме и со раководството на ОКТА и со Општината Илинден и со локалното население. Ангажирани се тројца врвни експерти кои ја преземаа документацијата од ОКТА и ја преиспитуваат, при што Министерствто на локалното население и на Општината Илинден им понуди, до колку имаат експерт со ваква или слична референца дека може и тој да биде ангажиран. Во секој случај постојано ја информираме јавноста за овие наши преземени активности. Во рамките на буџетските можности три до четири пати повеќе го засиливме мерењето на емитувањето. Само за пример би кажал дека минатата година се извршени околу 20 мерења и 20 анализи. Оваа година до сега околу 55 мерења и анализи, што секако и го оптоварува буџетот на Минситерството. Но во секој случај ние ги исполнуваме, сега засега, редовно овие обврски.

Што се однесува до СИЛМАК, ние имаме ангажирано еден технолог кој живее во близина на СИЛМАК и кој врши секојдневен надзор над работењето на СИЛМАК, но ја дава и стручната помош.

Како што е познато, пред неколку години кога беше трансформиран, односно продаден СИЛМАК, во тој момент Владата имајќи ги предвид историските обврски останати од порано, презема обврска да го снабдува СИЛМАК преку Министерството за животна средина и просторно планирање, со соодветен вид на хемикалии, како и да ангажира односно да дава плата за четири до пет вработени кои се ангажирани во тој процес.

Министерството за животна средина и просторно планирање перманентно ја исполнува оваа обврска во изминатите четири години. Исто така, ние се надеваме, во зависност од буџетските можности, со нашата проекција согласно циркуларот на Министерството за финансии, оваа обврска, бидејќи се работи за договор на Владата преземен од порано, ја планираме и за следната година. Се разбира, буџетот се предлага од Владата и се усвојува од пратениците, па не верувам дека ќе има некои проблеми. Се надебвам дека оваа обврска редовно ќе ја сервисираме и во 2006 година.

Во поглед на "Осломеј", исто така се врши постојан надзор од страна на Инспекторатот и од страна на одредени технолози и сите мерења кои беа преземени, покажуваат дека емитувањето на воздухот не е над дозволеното ниво.

Јас морам да кажам дека тоа што го зборував, во конкретниот случај за контрола на квалитет на воздухот, го кажувам од аспект, бидејќи по сегашната регулатива исклучиво надлежен за мониторинг на воздухот е Министерството за животна средина и органите во состав. Во поглед на водите и почвата, сегашната регулатива е во рамките на Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство. Значи во тој дел, доколку има прашања би ме надополнил претставникот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Ние сме во редовна комуникација со ова Министерство и ова е само во случај ако има дополнителни прашања. Постои исто така добра соработка помеѓу инспекторатите и органите во состав на Министерството за животна средина и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Шапуриќ.

Господине Адеми дали сте задоволни од одговорот или сакате да поставите дополнително прашање? (Не).

Значи немате дополнително прашање.

Второто прашање е упатено до Владата.

Ќе одговори господинот Владо Поповски, министер без ресор во Владата на Република Македонија.

Повелете господине Поповски.

**Владо Поповски:** Како што е познато Владата на Република Македонија, веднаш по поплавите во јуни 2004 година направи сопствена програма во смисла на надминување и санација на штетите и последиците предизвикани од тогашните поплави.

Еден од позначајните проекти содржан во програмата е и проектот за регулација на реката Вардар од Студенце до Јегуновце. Во овој момент, според најновите информации проектот е во завршна фаза. Се изведува од страна на Градежниот факултет во Скопје. Неговата вредност е малку повеќе од 3,5 милиони денари и за десетина дена тој проект ќе биде готов.

Она што останува и на единиците на локалната самоуправа и на Владата на Република Македонија е да се погрижат, веднаш по добивањето на проектот во кој ќе бидат содржани сите параметри, овој значаен проект да биде што побрзо реализиран, од познати причини, бидејќи познато е, како што спомна и пратеникот, реката Вардар во подолг период предизвикува сериозни проблеми со поплавување на земјоделското

земјиште, на обработливите површини но и на куќите на поголем број села во овој регион.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Поповски.

Господине Адеми немате дополнително прашање.

Третото прашање е упатено до Министерството за транспорт и врски. Ќе одговори заменик министерот, господинот Кошутиќ.

Повелете господине Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Прашањето се однесуваше на железничката линија Скопје-Кичево.

Во секоја држава Владата проценува и одлучува, до колку на одредени линии се покаже рентабилноста на патничкиот сообраќај, падне под дозволената линија, таа пруга да ја стави на стенд бај режим односно надвор од употреба до времето до кога Владата ќе процени дека се создадени одредени економски и други услови.

Што се однесува во конкретниов случај, во изминатиот период, значи некаде крајот на јуни 2005 година, значи оваа година, го добивме фајнл репортот на американската ТДЈ агенција, на име на донацијата која уште пред три-четири години е договрена, а е и спроведена во Македонски железници, за рехабилитација на железничките премини на делницата Скопје-Кичево.

Согласно новиот Закон за железници се регулира случајот, до колку патничкиот сообраќај на одделни делници има загуби. Врз основа на тоа, согласно новиот Закон за железници, Владата потпишала договори помеѓу инфраструктурата и операторот односно Владата за надополнување на загубите кои ќе бидат предизвикани заради падот на патничкиот сообраќај.

Ние сме во преговори, односно ги запознаваме градоначалниците на оние општини низ кои поминува оваа делница Скопје-Кичево. До колку економските показатели и бизнис проекциите покажуваат дека патничкиот сообраќај може да ги исполнува условите за неговото повторно пуштање во работа, тогаш Владата ќе донесе таква одлука.

Што се однесува до прашањето за шпанската компанија која е една од најреномираните компании во делот на железничкиот бизнис во Европа, наиме треба да ја искористиме оваа прилика да ја информираме јавноста дека по нивното доаѓање беше пласирана дезинформација во јавноста дека компанијата е дојдена за еден план и преговори околу концесионерство на делницата Скопје-Кичево. Имено, интересот на шпанската компанија е за кредитирање за електрификација и сигнализација, со еден збор модернизација на делницата Скопје-Кичево.

Понудата на шпанската компанија е, од прилика според проценките на проектот, потребни се 36 милиони евра. Нивната понуда се состои во тоа, до 40% да биде грант на европските фондови, а остатокот да биде мек заем на 30 години, со полна камата и 10 години грејс период. Меѓутоа, согласно сегашната состојба и надворешниот долг на Македонски железници за што Владата во наредниот период треба да го донесе планот за видот и механизмот на сервисирање на тој долг, ние не сме во можност позитивно да одговориме сега во овој момент, и посебно од причини затоа што пругата Скопје-Кичево е на стенд бај. Значи не можете да влезете во еден додатен аранжман кога пругата сеуште не е рехабилитирана, односно пуштена во работа. Значи се работи за тој вид на понуда од шпанската компанија, а не понуда за концесионерство односно за издавање под концесија на делницата Скопје-Кичево, која инаку со новиот Закон за железници, можноста за концесионерство на железничка линија, се дава можност со новиот Закон за железници.

И, уште едно, јас го сфатив како потпрашање односно како дел на прашањето, а тоа е делот Кичево-Струга. Тука веќе постои друг проблем, а тоа е проблем што тешко во наредниот период ќе може да се изнајде финансиска конструкција и воопшто да се почне со изградба на пругата Кичево-Струга, прво заради големи финансиски потреби за изградба на таа пруга, второ, заради економските показатели, за да се оправдаат тие финансиски средства и трето, тоа што ја информиравме јавноста дека на последниот состанок на високата група за транспорт на Европската комисија е заклучено коридорот 10 останува приоритет, а додека коридорот 8 успеавме да не биде избришан, што беше ставот на Европската комисија до минатата година. Меѓутоа, максимум што можеше да се извлече е тоа, коридорот 8 да остане на листа на коридори на долг временски период. Така што, за жал, делницата Кичево-Струга, изградба на нова делница, нема оптимистички показатели. Секако дека Македонски железници, до колку се најде интерес и од странски донатори и изработка на физибилити студија, до година ќе почнеме со подготовка на тие симулации, меѓутоа за реално отпочнување на евентуалната изградба на делницата Кичево-Струга, не се оптимистички околностите.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Кошутиќ.

Господине Адеми имате дополнително прашање. Повелете, имате три минути.

**Абдилаќим Адеми:** Прашањето на делницата Скопје-Кичево е значајна работа, бидејќи кога се имаат предвид стопанските капацитети кои можат да ја искористат оваа сообраќајница за транспорт на нивната стока, а кога се има предвид и жителите кои може да ја искористат за нивни лични потреби делницата Скопје-Кичево и кога се има предвид прашањето за патување на учениците и студентите кои студираат во двата универзитети во Тетово, значи е една делница која добро ќе ја пречекаат, во прв ред овие жители и овие студенти и стопанските капацитети. Затоа, ангажманот и на Министерството за транспорт и врски и на целата Влада, за да ја

стави во функција линијата Скопје-Кичево, треба да биде максимално залагање.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Адеми.

Повелете господине Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Да не останеме неразбрани.

Јас пред малку кажав дека заложбата и на Министерството, секако и на Владата ќе биде во таа нсока. Од тие причини ние веќе ќе започнеме разговори со градоначалниците на општините низ кои поминува линијата, бидејќи и согласно новиот закон општините ќе мора да пратиципираат во делот на балансирањето на загубите кои би дошле во делот на патничкиот сообраќај. Така што во секој случај, што се однесува до Министерството и владата, тука се јасни заложбите од наша страна, меѓутоа ќе треба и соработка на општините низ кои поминува железничката линија.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине заменик министер.

Има збо пратеникот Ристана Лалчевска.

Повелете госпоѓа Лалчевска, имате збор.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам потпретседателе.

Прво, би имала едно прашање за Министерството за образование, го гледам тука заменикот министер.

Прашањето се однесува околу независнaта положба во која се најдоа поранешните сметководители на училиштата кои со Договорот кој го склучија со Министерството за образование, оформија биланс хит во кој влегоа барем поголемиот дел од некогашните сметководители од училиштата кои беа отпуштени од училиштата поради рационализација, односно како технолошки вишок и влетоа во оние 4% во јавните претпријатија.

Пред да се склучи ваквиот договор беше преговарано со нив и беше ветено дека тие откога ќе го направат овој АД Биланс хит кој сега го имаат и ќе ги вршат и понатаму сметководствените услуги на училиштата, ќе добиваат по 6.000 денари за секое училиште, значи по училиште. Беше склучена и спогодба во 6 месец 2004 година помеѓу Синдикатот, помеѓу СОНК и министерот Положани. Исто и таму стои сума од 6.000 денари по училиште. Министерството за финансии презеде обврска дека во континуитет ќе ги исплаќа тие средства. Но, во договорот во членот 2 стои дека 3.000 денари ќе се исплаќаат за водење на буџетските сметки на училиштата и по 3.000 денари за донаторските сметки на училиштата, вклучувјќи го тука и ДДВ. Сведоци сме дека во последно време постојано се јавуваат, мислам дека се некаде 160 на број поранешни сметководители кои сега се членови во АД Биланс хит и кои вршат сметководства за училиштата и понатаму, меѓутоа не ги добиваат средствата кои беа договорени. Наиме, тие ги водат буџетските сметки на училиштата и добиваат по 3.000 денари за водење на бузетските сметки. Меѓутоа, со донаторските сметки нешто состојбата е поразлична. Во моментов според моите информации активни се само 9 донаторски сметки, затоа што знаеме дека донаторските сметки не се постојани сметки на училиштата, туку се појавуваат повремено и повремено се активни. Значи биле 40-тина, па биле 18-тина, па сега некаде се околу 9 активни донаторски сметки. И покрај тоа што е превземена обврска на Министерството дека со овој договор што го потпишале со претставник на Биланс хит, оние 3.000 денари за водење на донаторските сметки по училиште, тие сметководителите не ги добиваат. Јас тука би го прашала претставникот, односно заменик министерот, зошто овие средства не ги добиваат, иако така беше договорено. Дали свесно ги доведовте во заблуда, знаејќи дека донаторските сметки се сметки кои повремено се појавуваат, а не се постојани сметки.

И уште нешто во овој контекс, таа буџетска сметка е позната сметка 603 која што до 30.04.2006 година со процесот на децентрализација треба да згасне и да помине преку локалната самоуправа во така викана сметка 903 на локалната самоуправа како наменски средства за училиштата. А склучениот договор со Биланс хит е за времетраење од пет години и за средства од 6.000 денари, значи 3.000 за буџетска, 3.000 за донаторска сметка. Ако еднаш беа доведени во заблуда и на некој начин излажани со оваа донаторска сметка, што сега ќе стане со засновањето на буџетската сметка која треба да згасне некаде во 6 месец 2006 година и да помине со децентрализацијата во сметка 903. Како тогаш ќе им бидат префрлани средствата? Значи, тоа е и дел од прашањето. И што е со средствата кои Министерството за финансии ги префрла во сума од 6.000 по училиште, а тие добиваат по 3.000 само за буџетската сметка, а не и за донаторските сметки, бидејќи сега се активни само 9 донаторски сметки. Тоа би било околу првото прашање.

Второ прашање, и тоа е едно старо, ново прашање до министерот за финансии. Јас на седница на пратенички прашања ми се чини седми месец 2003 година поставив прашање до Владата кога ќе донесе одлука со која ќе се определат заштитните зони на резиденцијалните објекти, вклучувајќи го тука комплексот Горица за да може да се решат предметите за денационализација. И добив одговор дека ќе се оформи група, една комисија која во најкус можен рок ќе подготви одлука со која ќе се определи заштитната зона околу резиденцијалните објекти на Владата, вклучувајќи го комплексот Горица, бидејќи таму барањата за денационализација на имотот стојат заради неопределување на заштитната зона. Меѓутоа, откога го добив одговорот беше 12 месец 2003 година до ден денес нема никаков резултат од работењето на оваа Комисија, односно нема определување на заштитната зона, а меѓувремено овие денови е во

тек тендер за продажба на објектот и градежното земјиште кое е предмет на денационализација на АД "Инекс-Горица" во Охрид и со реализација на оваа продажба бившите сопственици, односно луѓето кои имаат поднесено барање за денационализација на нивните имоти ќе претрпат дополнителни штети. Само за информација, тие точно пред пет години ги поднеле барањата за денационализација на нивниот имот и за пет години не се смогнало сили да се реши таа заштитна зона и да се заврши денационализацијата и во комплексот Горица.

Барам да ми одговорите кој е тој најкус рок и кога еднаш ќе ја определите таа заштитна зона и сопствениците навистина на овој национализиран имот да го завршат своето патешествие.

Би поставиле уште едно прашање до министерот за финансии, повеќе како потсетување, отколку како одговор што ќе го очекувам, бидејќи однапред го знам одговорот.

Што е со средствата кои се предвидени во Законот за финансирање на политичките партии за кои дебатиравме министре и вие рековте дека има средства за политичките партии и изминува веќе буџетската година, такви средства за полилтичките партии не пристигнаа. Значи, вие ја кршевте законската обврска, а веќе се во проектирање, или во завршна фаза на буџетот за следната година. Затоа велам како потсетување, да не биде и следната година средствата некаде под маса.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Лалчевска.

Првото прашање е до Министерството за образование и наука.

Има збор заменик министерот за образвование и наука господинот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам господине потпретседателе, почитувана пратенички, состојбата со Биланс хит добива поинакви размери во јавноста, иако во делот на нивните објаснувања постојат различни дезинформации, или поинакво читање на договорот кој што е потпишан. За волја на вистината ние пристапивме кон реализација на ваков договор од хумани причини, иако сметководителите прогласени како технолошки вишок добиваа испратнини до 8 плати онака како што во тогашни услови го налагаше законот. Но, отидовме подалеку од хумани причини со Синдикатот, со СОНК се договоривме да се пристапи кон формирање на приватно претпријатие од граѓански лица на кое што ќе им помогнеме и така распишавме тендер во кој што според договорот го доделивме правото на вршење на сметководствени услуги во временски период додека не се случи во целост децентрализацијата. И тогаш им беше објаснето на преговарачите дека нема да биде можно во временски период од пет години да се дава ваква концесија, беше објаснето дека после децентрализацијата кога правото ќе го добијат градоначалниците да распишуваат тендери за вршење на сметководствени услуги, можеби тоа претпријатие нема да биде земено за вршење на услуги од нивна страна. Но, тогаш се инсистираше на таква клаузула во договорот и беше потпишана со забелешка дека за тоа ќе се види подоцна.

Во договорот добро стои и самите потенцирате дека се даваат средства 3.000 денари по една жиро сметка. Во моментов егзистира буџетската жиро сметка и средства се уплаќани по 3.000 денари. Вистина е дека за месеците јуни, јули и август не се префрлени средства. Тоа го проверивме денеска на Колегиум и точно е дека заради наши административни недоразбирања тоа не е направено. Имено, средствата администрацијата во Министерството сметала дека треба да ги префрли преку една општина, бидејќи претпријатието е регистрирано на тетиторијата на општина Центар, сметале дека тие средства за тие три месеци за буџетската жиро сметка треба во висина од околу 4 милиони денари, не ја знам точно цифрата, дека требало да бидат префрлени преку општина Центар. Градоначалникот на општина Центар одбивала да ги прими тие пари и денеска им беше даден налог на службите тие средства да ги префрлат до Биланс хит директно. Недорзбирањата во однос на другата донаторската жиро сметка би сакал да ви ги појаснам. Беше посочено дека во тек е проектот Модернизација на образованието, во кој што Република Македонија се задолжила со еден кредит во висина од 5 милиони долари на кој што кредит беше доделен еден гранд од Холандската влада во висина од 10 милиони евра и уште учество на Република Македонија. Значи, во тој дел во проектот Модернизација на образованието е предвидено на училиштата да им биде поделен гранд во висина од околу 12 милиони долари со соодветна програма. Таква распределба ќе се одвиваше преку посебни жиро сметки, донаторски жиро сметки кои што треба училиштата да ги отворат. Првите 84 училишта кои што некои од нив можеби имаат отворено, некои се во постапка да ги отворат жиро сметките, ќе започнат да работат од 1.01.2006 година. Првите средства ќе почнат да доаѓаат кај тие 84 училишта од 1.01.2006 година. Тогаш фактички ќе започнат да работат жиро сметктите. Тогаш биланс хит ќе врши сметководствени услуги на тие жиро сметки за 3 месеци, така е динамиката на договорот потпишан со Светската банка, за три месеци уште 84 други училишта ќе ја започнат втората етапа, после три месеци трети 84 училишта и тн. Значи, тоа е динамика која што во три до четири години ќе започне да тече. Кога сме презеле обврска за тие пет години сме имале предвид дека за донаторските сметки обезбедено е Биланс хит дека може да ги врши тие услуги, но не наеднаш, туку етапно како што проектот ќе се реализира. Што значи за 2005 година ние неможеме да покриваме жиро сметки за кои што не се вршени сметководствени услуги. Тие ќе започнат да се вршат од 1 јануари. Но, заради добра волја министерот одлучи денеска дел од средствата да се префрлат за последните два месеци за да се

излезе во пресрет на претпријатието кое што сметаме дека е соочено со одредени финансиски потешкотии. Кога преговаравме со нив им беше посочено такво нешто, им беше сугерирано дека тоа претпријатие ќе биде помагано од страна на Министерството за образование и наука, но потребно е да се прошири делокругот на нивна работа и на други правни субјекти да можат да побараат и други коминтентни на кои што ќе вршат правни сметководствени услуги за да можат да го зголемат своето работење. И тоа беше посочено, но тогаш едноставно можеби тие сугестии не беа земени во предвид имајќи ја во предвид сложеноста на моментот во кој што се вршеше преговарањето. Ние навистина покажавме тогаш добра волја и неточни се тврдењата дека не сакаме да соработуваме, ако не сакавме да соработуваме, немаше воопшто ниту да влеземе во таква авантура да даваме помош на такво претпријатие. Понатаму, значи точно е дека имаме долг за тие три месеци кој што ќе биде исплатен во моментот. Не е точно дека Министерството за финансии има некоја обврска и дека треба да ги исплати тие средства. Министерството за образование ги исплаќа тие средства од својата сметка од буџетската сметка која што ги обезбедила за вршење на такви услуги. Но, секако дека инструментот на исплаќање на тие средства секако дека се одбива преку Министерството за финансии преку трезорот. А Министерството за финанси не ги исплаќа тие средства 6.000 денари по училиште. Тоа е обврска која што треба Министерството за образование и наука 3.000 денари по жиро сметка да ги исплати, а не 6.000 денари по училиште. 6.000 денари по училиште доаѓаат теоретски ако училиштето има две жиро сметки и ако е потребно, значи ако двете жиро сметки постојат, кај некои училишта постојат такви донаторски сметки, особено во средните училишта каде што имате донаторски сметки по однос на ФАРЕ ТЕМПУС проектите каде што доаѓа таков прилив на средства и за нив тие се вклучени во досегашниот начин на исплаќање.

Да резимирам, во наредниот период за ден, два ќе се исплатат средствата кои што заради недоразбирања биле нудени да се исплатат преку општина Центар. Ние не знаевме дека администрацијата на тој начин истапила, дека е потребно преку соодветна блок дотација да се исплати преку една општина, а општината да ги префрли тие средства. Нема потреба за тоа и градоначалничката со право не сакала да ја преземе таа обврска. За ден два ќе бидат префрлени тие средства за месеците јуни, јули и август. За вршени услуги за егзистирачки постоечки жиро сметки онолкав број кои што биле активни и биле вршени услуги за тие жиро сметки. И од таа обврска Министерството не бега. За другите жиро сметки кои што допрва ќе бидат отворени како донаторски постои таа обврска ќе биде исплаќана со онаа динамика за која што вие елабориравте.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Герамитчиоски.

Госпоѓо Лалчевска дали сте задоволна од одговорот, или имате дополнително прашање.

Повелете, три минути.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам. Очигледно постои разлика во она што вие сте го договарале до склучувањето на договорот со Биланс хит и она што се случувало после склучувањето. Бидејќи еве јас тука го имам на пример писмото кое вашето Министерство го пуштило до подрачните единици потпишано од министерот. Вели вака: Книговодствено сметководствените услуги училиштето треба да објави оглас за најдобар понудувач, тоа значи Биланс хит кој би ги презел обврските за водење на овие услуги за бруто надомест од 6.000 денари. И во она што сте склучиле спогодба со СОНК, исто така стои 6.000 денари. Вие господине заменик министре, еве во она што е спогодба со СОНК во точка 4 исто така стои 6.000 денари по училиште. Зошто после сте склучиле договор 3.000 денари за буџетска сметка, 3.000 денари за донаторска сметка. Токму тоа беше прашањето дали вие свесно ги доведовте во заблуда откога го склучија договорот тие утврдија дека нема да имаат редовно оние 3.000 денари од донаторските сметки затоа што тие не се во континуитет активни. Тие се чувствуваат едноставно измамени.

**Слободан Најдовски:** Има збор заменик миистерот за образование и наука.

**Тале Герамитчиоски:** Госпоѓо пратеник, и самите знаете дека пазарна цена на водење на сметководствени услуги на било кој правен субјект и на мали претпријатија, индивидуални претпријатија секогаш била околу 100 марки, или 50 евра сега по 3.000. И кога се преговараше со нив, кога се разговараше, можеби стои во договорот 6.000 денари, ако се две жиро сметки во училиштето. Донаторските сметки за кои што тогаш се преговараше ќе бидат постојани во наредните пет години, бидејќи проектот Модернизација на образованието ги опфаќа сите основни и средни училишта. И таа сметка ќе биде постојана. Постојат други донаторски сметки кои што не се постојани. Ние тогаш зборувавме за постојаната донаторска сметка која што ќе биде отворена од проектот Модернизација на образованието кој ќе трае во наредните 4 до 5 години и ќе има соодветна динамика.

Тие средства се обезбедени од тој проект и тие средства ќе течат, попостојани ќе бидат и од буџетската сметка. За таа донаторска сметка разговаравме тогаш и за таа сметка им ветивме дека преку нас таа ќе оди, бидејќи проектот "Модернизација на образованието" ќе се имплементира во наредните 4 години од страна на Министерството за образование и наука. Затоа беше гарантирано тоа.

Меѓутоа, не можам да разберам како може да се бараат средства за сметки кои до сега не биле

активни и не била вршена сметководствена услуга.

**Слободан Најдовски:** Благодарам, господине заменик министре.

Второто прашање е упатено до Министерството за финансии.

Има збор министерот за финансии господинот Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Конечниот одговор од страна на Владата во врскак со проблемот ќе биде доставен, односно решение ќе се најде тогаш кога сите институции инволвирани во овој проблем, а тоа се поголем број на владини институции, почнувајќи од институциите кои работат со имотно правни односи, катастарски односи, завршувајќи во институции кои се бават со внатрешни работи, безбедност, одбрана итн, кога ќе изнајдат заедничко решение прифатливо за сите, тогаш и проблемот ќе биде и решен. Во овој моменто тоа не е направено.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Госпоѓо Лалчевска, дали сте задоволна од одговорот или имате дополнително прашање?

Има збор пратеникот Ристана Лалчевска, повелете.

**Ристана Лалчевска:** Како можам да бидам задоволна од ваков одговор, кога вие министре одите сам против себе, бидејќи во она што ми го дадовте како писмен одговор рековте во најкус можен рок. Одтогаш помина една година и нешто и јас не знам колку е за вас најкус можен рок. А институциите-па вие сте како министерство надлежни за овој сегмент, ќе ја потурнете работата овие институции да ја завршат побрзо работата. Вие ветивте комисија, но каде е комисијата? Никогаш не излегла на терен, ниту пак презела некои чекори, барем според она што го имам јас како информација. Демантирајте ме ако не е така. А сега уште се усложнува работата со распишаниот тендер за продажба на објектот "Инекс-Горица" на земјиштето, а дел од земјиштето припаѓа на овие сопственици кои не можат да ја завршат својата денационализација и дополнително проблеми отвораме. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Дополнителни проблеми не се отвораат и нема потреба да се комплицира. Имам впечаток дека госпоѓата Лалчевска како да има соодветен степен на сатисфакција да ги драматизира, како и по претходното така и по ова прашање, работите. И по ова прашањето работите во име на поединци, а за тоа првото што го кажаа дека ние сите треба да го поттикнеме за сите работи, јас укажав дека таму се инволвирани институции кои не се во надлежност воопшто на Владата на Република Македонија или нивното раководење не зависи само од Владата на Република Македонија и затоа целиот случај е сложен. Да беше лесен случај, ќе се решеше уште пред 5 години кога се поднело, но очигледно има нешто сложено и тешко што не оди така лесно.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министре.

Третото прашање е повторно до Министерството за финансии.

Имате збор повторно министерот за финансии господинот Никола Поповски.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Немаше прашање, имаше констатација и дискусија на госпоѓата Лалчевска, тоа е нејзино право.

**Слободан Најдовски:** Третото прашање се однесува на средствата што треба да се исплатат во однос на Законот за финансирање на политичките партии, што е со средствата за овие намени.

**Никола Поповски:** Јас внимателно слушав и самата госпоѓа пратеник кажа дека нема прашање, меѓутоа, сака да констатира. Јас не знам што да одговорам на нејжината констатација.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Поповски.

Госпоѓо Лалчевска, повелете три минути да се изјасните дали сте задоволни или не сте задоволни од одговорот.

**Ристана Лалчевска:** Немаше одговор, овде министерот ги издраматизира работите, иако го знаеше точно прашањето каде се парите на политичките партии кои се предвидени во Законот за финансирање на политичките партии.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Затоа и кога ја започнавме седницата ги замолив пратениците прво да го поставуваат и точно да го дефинираат прашањето, а потоа да дадат образложение. Затоа доаѓа до вакви недоразбирања.

Повелете господине министре.

Има збор министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Госпоѓата Лалчевска во меѓувреме го смени пристапот, од констатација постави прашање каде се парите за политичките партии. Прецизниот одговор е во Буџетот на Република Македонија за 2005 година.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Имаме уште 10 минути до паузата.

Продолжуваме со работа во 15,00 часот, а сега објавувам пауза.

(Пауза од 13,50 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15.00 часот)

**Слободан Најдовски:** Ги молам пратениците и претставниците на Владата да влезат во салата за да продолжиме со работа.

Има збор пратеникот Лилјана Ивановска.

Повелете госпоѓо Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам потпретседателе.

Иако претставниците на Владата кои што не се тука во моментот на кој што сакам да им ги поставам трите мои прашања кој што по Деловник ми припаѓа тоа право, сепак ќе ги поставам заради јавноста на која што сакам да им бидат дадени одговори иако не сакам во писмена форма, сакав овде министрите усно да ги кажат размислувања во тој правец.

Првото прашање го упатувам до Министерството за здравство.

Во неколку наврати како пратеник го поставував прашањето за проектот на кракот во болницата во Струмица кој што беше граден како инвестиција од стредствата од Телеком од претходната Влада до 2002 година. За тој проект добив одговор во писмена форма каде што ми беше објаснета исклучиво процедурата за тој проект на кракот во болницата.

Меѓутоа, според информациите со кои што јас располагам инвестицијата за тој објект изнесуваше два милиони евра. Огромна е разликата меѓу тоа што било тендерирано и тоа што е исплатено и тоа што е реализирано. Моето прашање секогаш се однесуваше дали е извршена ревизија и покрената било каква кривична одговорност на носителите на таа инвестиција, а тоа се пред се Фондот за здравство и господинот Војо Михајловски во тоа време кој што вршел надзор дали сите работи се изведени. Одговорно тврдам дека многу мал број на работи се изведени и тоа со многу мала ревизија од стручни луѓе може да се утврди и изведувачот кој што тврдел дека работите ги извел. Така да голем број на инженери вклучени во оваа инвестиција секако треба да си ја понесат одговорноста за извршената материјална штета на Министерството за здравство особено на граѓаните на општина Струмица кои што преку средствата од Телеком пак не добија завршен крак. За информација на колегите пратеници и на јавноста целата инвестиција која што чинеше два милиони евра поделено по површината која што требаше да биде изградена објектот требаше да биде изграден клуч на рака до завршна фаза. Од сите изведени работи изведена е само фасадата на објектот и столаријата односно прозорите и вратите надворешно. Внатрешно по мојот личен увид не е завршено ништо, само бетон, голи бетони. И затоа барам одговор кога конечно ќе се изврши ревизија и ќе се покрене кривична одговорност на учесниците во изградбата, надзорот, изведувачот и инвеститорот како одговорен во водењето на инвестицијата.

Моето второ прашање го упатувам до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Тука е министерот. Прочитав една информација дека ќе се продолжи со јапонската помош за земјоделците во делот на механизација. Дали таа информација е точна, дали Министерството наскоро ќе доделува нова механизација пред се на индивидуалните земјоделски производители и кои ќе бидат условите при доделувањето на таа механизација.

Третото мое прашање се однесува повеќе за иницијативата за отпочнување за работа на Академија Италијана во Струмица која што денеска на прес конференција беше промовирана во високо образовна институција, во делот на текстилен дизајн и индустриски дизајн.

Дали Владата, Министерството за образование и наука и Министерството за одбрана кои што треба да одобрат користење на објектот, кој што беше во делот на Касарната во Струмица за функционирање на таква реномирана високо образовна институција, која што има значење не само за регионот пошироко околу Струмица, туку има значење за Република Македонија во сферата на образованието кој што го покрива Академија Италијана.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Ивановска.

Морам да напомнам дека од Министерството за здравство ме известија дека не можат да присуствуваат министерот и заменик министерот заради службени обврски. Министерот бил на службен пат надвор од земјата, додека заменик министерот имал обврски внатре во Министерството што се неодложни.

Второто прашање е до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Има збор заменик министерот господинот Санде Џамбазовски.

Повелете господине Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам господине потпретседателе.

Средствата добиени од Јапонската Влада се потрошени за набавка на земјоделска механизација, затоа што сметаме дека имаме застарена механизација и таа ќе даде свој придонес во намалувањето на трошоците во земјоделското производство.

Формиран е револвин фонд каде што, средствата, бидејќи механизацијата која е дадена до сега, таа се плаќа на рати и на одложено плаќање и средствата се собираат во тој фонд и собраните средства сакаме да ги употребиме за нова механизација, да можат поголем дел од луѓето, од земјоделците да добијат таква опрема, односно трактори и веќе очекуваме согласност од Јапонската Влада, очекуваме дека ќе им биде позитивна согласноста. По добивањето на согласноста од Јапонската Влада, бидејќи таков е договорот, мора да има согласност, ќе распишеме тендер за набавка на механизација, зависно од изборот на тендерот, зависно од тоа кој ќе го добие тендерот. Таа механизација ќе биде исклучиво за индивидуалните земјоделски производители и тоа за помали земјоделски

производители, бидејќи сметаме дека тие потешко можат да дојдат до таква механизација, за да можат веднаш да ја платат, туку да ги искористат овие бенефиции, што се однесува до тој дел барем да се плаќа на одложено плаќање без камата.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Госпоѓо Иванова, дали сте задоволни од одговорот на прашањето, или имате дополнително прашање.

Има збор пратеникот Лилјана Ивановска.

Повелете госпоѓо Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе, најнапред сакам да кажам дека за првото прашање не ми кажавте дали да очекувам писмен одговор, иако би кажала јас дека не очекувам писмен одговор, меѓутоа, очекувам активности во таа насока. Иако може и писмено, затоа што добив писмен одговор за постапките, меѓутоа, не и за превземените активности во делот на утврдување на одговорноста.

Од второто прашање задоволна сум. Дали земјоделските производители можат да се надеваат на брзо доделување на таа механизација и во кој рок.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Во однос на првата забелешки, сигурно, дека Министерството е должно во писмена форма да ви одговори, со оглед на тоа што нема присутен претставник од Министерството.

По однос на дополнителното прашање ќе одговори заменик министерот за Земјоделство, шумарство и водостопанство, господинот Санде Џамбазовски.

Повелете господине Џамбазовски.

**Санде Џамбазовдки:** Јас се надевам дека скоро ќе завршат процедурите и се надевам дека во текот на оваа година тоа ќе се случи.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Третото прашање е до Владата, до Министерството за одбрана и Министерството за образование.

Се однесува во врска со отворање на виша или висока школа во Струмица.

Молам пратеникот Ивановска уште еднаш да го повтори прашањето.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам потпретседателе, прашањето повеќе беше до Владата, затоа што иницијативата за отварање на оваа високо образовна институција, Академија Италијана за текстилен дизајн и индустриски дизајн во Струмица е веќе подолго време за која што јас сум запозната, меѓутоа, проблемот беше за просторот на Академија Италијана за што имаше неколку разговори и ветен е дел од касарните во Струмица, кои ќе се даваат за таква намена. Дали Владата, Министерството за одбрана и Министерството за образование ја поддржуваат оваа иницијатива на ваквата реномирана Академија Италијана во Струмица.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор заменик министерот за образование, господинот Тале Герамитчиоски.

Повелете господине Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам.

Почитувана госпоѓо пратеник.

Постапките за отварање на високо образовни институции се дефинирани во Законот за високо образование, во кој што прецизно се наведени кои услови би требало да бидат исполнети, за да може една високо образовна институција да започне да работи во Република Македонија. Процедурата е дефинирана, значи меѓу другото, се изготвува елаборат, кој што се доставува до Одборот за акредитација, кој што дава позитивно или негативно мислење во однос на иницијативата, односно до доставувачот, доколку е потребно бара и дополнителни услови или гаранции со кои што може да се отвори таква високо образовна институција. Инаку, субјективизмот е исклучен, затоа што според Законот за високо образование отворен е процесот да може било која институција или некоја организација која што ги исполнува строгите критериуми да може да отвори ваква високо образовна институција. Сега не се поставува прашањето дали постои добра волја во Министерството или во Владата, или не постои. Едноставно, ние би го спроведувале законот, доколку таа реномирана Академија ги исполни условите и поднесе соодветна иницијатива до Одборот за акредитација, ги исполни сите услови, тогаш, нема причини да не се добие зелено светло. А ако е потребно да се додели простор од државата, државен објект, тогаш барањето треба да се достави до Владата во одредена форма, но, се разбира, дека надлежноста се цени во зависност од степенот на подготвеноста на таа Академија да партиципира во Република Македонија. Така да, зависи од условите кои што ќе бидат понудени, ако се бара да партиципира државата во тој дел.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Госпоѓо Ивановска дали сте задоволни од одговорот на прашањето.

Има збор пратеникот Лилјана Ивановска.

Повелете госпоѓо Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Моето прашање не се однесуваше во делот на критериумите и постапките за акредитација. Мене тоа совршено ми е јасно, меѓутоа, за ваша информација Академија Италијана е реномирана со големо име образовна институција за текстилниот дизајн во Италија и во Европа, една од најреномираните куќи, високо образовни институции во Европа, така да тие имаат европска акредитација во сите европски земји. Имаат универзитети во Рим и во Фиренца и во Бангког надвор од Европа, така да оваа иницијатива за оформување на високо образовната институција Академија Италијана ја сметам за привилегија на Република Македонија и затоа афирмативно го поставив ова пратеничко

прашање за поддршката на Владата во делот на изнајмување на дел од објектите од Касарната во Струмица, која сега не е за потребите на Министерството за одбрана за која што Владата донесе одлука дека не му се потребни на Министерството за одбрана овие објекти. Јас побарав вербална поддршка, олеснување на постапките за доделување на објектите на користење во било која друга форма.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Збор има заменик министерот за локална самоуправа.

**Тања Алтанџиева:** Во интерес на појаснување и она што значи амирмација и за општина Струмица и воопшто за профункционирањето на оваа Академија на територијата на општина Струмица, иако министерот за одбрана не е во моментов присутен во салата на Собранието, ние имавме претходни разговори пред почетокот на седницата, каде што постои навистина, не само добра волја, туку и спремност веднаш да се пристапи кон отстапување на објектот во сопственост на државата, односно со кој што располага Министерството за одбрана. Меѓутоа, истиот рече дека имал непосредни разговори со градоначалникт на општина Струмица и со претставниците на евро регионот, меѓутоа, основната дилема и пречка во моментот е тоа што не постои правен субјективитет на самата школа. Треба да се регистрира според законите во Република Македонија и она што објасни заменикот министер за образование да бидат исполнети условите. Не е спорно дека оваа Академија е реномирана и од големо значење за Република Македонија  и за општина Струмица, меѓутоа формално според законските прописи на Република Македонија мора да бидат исполнети формалните, односно законските претпоставки и да постои друштво, правно лице на кое што би можело Владата со своја одлука која ќе ја донесе, со која што ќе го префрли тој недвижен имот, што би се рекло, просторот што е потребен, каде што ќе функционира оваа Академија.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

За поставување на пратеничко прашање се јави господинот Хисни Шаќири.

Повелете господине Шаќири.

**Хисни Шаќири:** Ви благодарам господине потпретседател. Јас сум заинтересиран за едно прашање кое е дискутирано веќе неколку пати и е поставено во форма на прашања од страна на неколку пратеници и пошироката јавност, цела Македонија знае дека го имам предвид случајот на Сопот, случај кој што веќе е од 2003 година и со ова прашање се занимавани и политички субјекти. Ова прашање е дискутирано и на меѓународни средби, државни средби, меѓутоа, сепак, стои констатацијата дека на целата јавност, било во Куманово, или пошироко дека за ова прашање многу малку има податоци, изворни податоци. Зошто да не кажам дека овој случај се смета сеуште како нерасветлен случај, што се однесува на луѓето кои што се обвинети. Во случајот на Сопот се обвинуваат 12 лица, од кои што тројца се само со изрекување на казна и веќе се во затвор. Ќе кажам само една порака од страна на Сулејман Сулејмани кој што мене ми се обраќа од затвор и бара под секој услов помош. Вели, разберете ме, господине пратеник дека јас не можам да ја извршам извршувањето на казната, бидејќи не сум виновен и не знам зошто сум во затвор. Мојата здравствена состојба од ден на ден се влошува, не само мојата здравствена состојба, туку и на другите и тоа е едно прашање, за кои што јас мислам дека органот има сознание и имам желба и јас и другите, меѓутоа, првенствено нивното семејство да знаат малку повеќе за овој случај. Има и други случаи во Куманово, постои и другиот случај кој што е во однос на експлозиите кои што беа на железницата, значи во овој случај се обвинуваат 8 лица и другиот случај кој што е во однос на една експлозија, која што се случи пред гимназијата Гоце Делчев за која што сите реарираа. Меѓутоа, има нешто нејасно, затоа што за сите случаи, се во затвор 8 лица. Случајот на Сопот опфаќа 12 лица кои што издржуваат казна затвор. Моментално Сулејман Сулејмани, кој што е еден од првите кој што беше приведен, потоа е Асан Клаиќ, за кој што денес читав во весник дека Апелациониот суд од 10 години, му додал уште 4 години и Самет Љутфиу, кој што исто така е обвинет со 14 години затвор и 9 други лица кои што се бараат од страна на органот и се уште не им е изречена казната. Ќе ви кажам со полна одговорност  и мислам дека во овој правец имаат искуство и органите во Македонија и секаде, дека во една таква акција не можат да се опфатат 12 лица.

Како прво, тоа отвора една дилема, не само за нас, туку и за целата јавност. Ова е прашање за кое што треба да се бара разјаснување од надлежниот орган.

Другиот случај во однос на експлозијата кај Железницата, во тој случај се обвинети 8 и тука има лица за кои постои дилема дали е можно сите 8 лица да се инволвирани или постои само едно или две лица. Проблемот како таков има добиено таков обем така што и тука се мисли дека има нешто сомнително.

Третиот случај во однос на експлозијата кај Гимназијата "Гоце Делчев" каде е обвинет човек за кој цело Куманово мисли дека е сосема невин. Меѓутоа, сепак, позначајно е тоа што мисли органот, а не граѓаните и што одлучил судот.

Сосема на крај јас како пратеник барам од Министерството за внатрешни работи да каже со кој факти го поткрепува тоа обвинение за сите случаи, барам одговор во писмена форма и овие прашања да не се  држат во тојност затоа што има и судски епилог. Не знам што е тука тајно и кој е интересот на институциите на државата ова прашање да не се разјасни и јавноста да ја знае вистината.

Второ, кои материјални докази биле како доказ во судските парници кои ги има понудено надлежниот орган. Материјалните докази ги има понудено Министерството за внатрешни работи. И за овој случај барам во писмена форма да ми се одговори.

Третото прашање барам од Министерството за правда да констатира и да ни даде инфорамција во писмена форма за мене како пратеник, дали се почитувани сите меѓународни конвенции што се однесуваат на заштита на правата и слободите на човекот, со самиот факт што обвинетите кои издржуваат казна затвор се чувствуваат невини. Знам дека во судските парници имаат понудено докази кои биле доста силни и моќни за да ги отфрлат сите обвиненија. Еден од нив бил и адвокатот кој ги бранел и кој не има запознаено со неколку изјави кои ги даде за средствата за информирање дека ова се монтирани случаи и процеси, а ние сакаме овие прашања да бидат разјаснети за јавноста заради функционирање на правната држава. За тоа треба да се отфрлат сите други манипулации и монтирани процеси кои во иднина можат да се случат и за други случаи.

Јас мислам дека овој случај во Куманово кој моментално е прашање кое има добиено поголем обем бара расветлување.

Барам да ми се одговори во писмена форма и тоа Министерството за внатрешни работи и Министерството за правда мене и на јавноста.

Тие имаат обврска како државна институција да ја повратат довербата во институциите на оваа држава, во овој случај да имаат материјал кој ќе им служи на сите граѓани на Република Македонија.

Ви благодарам, и барам одговор во писмена форма, а не усна.

**Слободан Најдовски:** Господине Шаќири вие доволно го знаете Деловникот на Собранието на Република Македонија дека при поставувањето на прашањата право е на министрите на Владата дали ќе одговорат усно на оваа седница или ќе одговорат писмено.

Затоа, без разлика на вашето инсистирање на писмен одговор на поставените прашања, претставниците на Владата, до колку чувствуваат потреба сега да одговорат, тогаш во тој случај ќе одговорат сега, а ако не ќе добиете писмен одговор.

Од ова што го кажавте можам да дефинирам три прашања. Првите две се до Министерството за внатрешни работи, а третото до Министерството за правда.

Во однос на првото ќе одговори министерот за внатрешни работи господинот Љубомир Михајловски.

**Љубомир Михајловски:** Бидејќи желбата на пратеникот е да биде писмено, писмено ќе одговориме.

**Слободан Најдовски:** Тоа значи и на второто прашање писмено ќе одговорите господине Михајловски.

По однос на третото прашање кое беше до Министерството за правда, одговор ќе даде заменик минситерот господинот Субхи Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Исто така бидејќи барањето беше за писмен одговор, пратеникот ќе добие писмен одговор, а само да нагласам дека после сите инстанци за човекови права имаат право на жалба до Стразбур, а тоа што бара написмено, ќе добие писмено известување.

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со поставување на прашања.

Следен за поставување пратенички прашања е пратеникот Ацо Спасовски.

**Ацо Спасовски:** Благодарам потпретседателе.

Моето прашање е адресирано до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, поточно до Секторот за шумарство.

Сите знаеме дека последните години во шумарството се води голема кампања за намалување на бесправната сеча на огревно дрво. Но, тоа сега за сега е со многу мал успех, пред се на добро организираната таканаречена шумска мафија.

Шумската полиција како и Јавното претпријатие Македонски шуми се борат со сета сила да го сузбијат криминалот во права смисла на зборот, но се немоќни кога се работи за сечење на шумата по легален пат. Се мисли на сечење на шумата кога се има дозвола, но таа дозвола се злоупотребува.

Еден од начините за можна злоупотреба по легален пат е таканареченото користење дрвна маса од меѓни стебла. Самиот поим меѓни стебла е дискутабилен, па покрај прашањето би сакал и стручно да ми се објасни самиот поим за да нема недоразбирање.

Дозволата за сечење на меѓните стебла ја издава подрачната единица на Министерството во дотичната општина, па тие податоци треба да ги има Министерството.

Од неформални извори имам информација дека во одредени региони во Република Македонија, како што се Беровскиот и Криво Паланечкиот на одредени поединци им е одобрувано користење на дрвна маса од меѓни стебла и над 100 м3 огревно или техничко дрво.

Но, да се задржам на конкретното прашање кое сакам да го поставам, а тоа гласи:

Колкави количини на дрвна маса се користи годишно во Република Македонија од меѓни стебла, како и инфорамција за користење на дрвна маса по однос на меѓни стебла во последните пет години.

Секако, при претресување на документацијата за истата би сакал да имам информација и за екстремните случаи, како и за цената на чинење која се наплаќа за користење на оваа дрвна маса.

За услугата која се врши од страна на Јавното претпријатие и другите органи кои учествуваат во истата.

Заради природата на овие податоци се надевам, а и јас така сакам, одговорот да го добијам во писмена форма од посоченото Министерство со надеж дека ќе ми се одговори на сите параметри кои се побарани во овој момент во прашањето. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Спасовски.

Има збор заменик министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, господинот Санде Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам.

Со оглед на желбата на пратеникот да добие писмен одговор, јас ќе ја испочитувам желбата и ќе му одговориме писмено.

**Слободан Најдовски:** Благодарам, ќе добиете писмен одговор на прашањето.

Следен за поставување пратенички прашање е господинот Михајло Георгиевски.

**Михајло Георгиевски:** Благодарам потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници, министри и членови на Владата.

Моето прво прашање е до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Претставниците на Сојузот на земјоделците во Република Македонија го поминаа летото во Владата на Република Македонија околу барањето за донирање на пченицата по 2,5 денари по килограм при нејзиниот откуп. Барањето беше оправдано, бидејќи минатата година кога се сееше пченицата на земјоделците не им беше речено дека овој земјоделски производ ќе биде третиран како компирите, спанаќот, кикириткитe и друго, туку како стратешки производ.

Моето прашање гласи:

Дали конечно Владата ќе реши да им исплати на земјоделците по 2,5 денари донација при откупот на пченицата, а до колку не се направи тоа, кажете им уште сега на земјоделците што да посеат на површина од околу 120 илјади хектари кои до сега ги сееа со пченица. Што сега да посеат. Очигледно со овогодишната цена на пченицата тие не можат да ги покријат ниту основните трошоци, а камо ли да имаат некаква печалба за да преживеат.

Второто прашање е до министерот за култура.

Информиран сум дека Министерството за култура има партиципирано во издавањето на Енциклопедија Британика во која се негира дека во Република Македонија живеат Македонци. Поточно се кажува дека две третини од населението се Славомакедонци, а една третина се етнички албанци.

Главни религии се српското православие и исламот.

Моето прашање гласи:

Дали Министерството за култура е навистина кофинансиер на ова енциклопедиско издание и ако е точно дали ќе преземе казнени санкции спрема лицето што одобрило финансирање, а не проверило што пишува во тоа издание за неговата земја Македонија.

Следното прашање е до Министерството за надворешни работи.

Од средствата за јавно информриање дознав дека е поведена иницијатива за укинување на Агенцијата за иселеништво. Мислам дека на сите им е јасно дека Македонија е земја со голем број иселеници и дека тие се мост за зближување и соработка меѓу матичната земја Македонија и земјата каде престојуваат и работат и дека тие се потенцијални финансиски вложувачи во својата земја Македонија.

Сите околни држави имаат министерства за иселеништво и нагласено се грижат за своите иселеници. Во Република Македонија имаше Министерство за иселеништво, па се укина и се формира Агенција.

Моето прашање гласи:

Дали се точни информациите за укинувањето на Агенцијата за иселеништво и

Второ, дали државата Република Македонија има намера да го вклучи македонското иселеништво да може да гласа на наредните парламентарни избори, како што тоа е направено во Хрватска и други земји околу нас.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Георгиевски.

Првото прашање е до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Има збор заменик министерот Санде Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам господине потпретседателе.

Производството на пченица во Република Македонија секогаш е значајно производство и значајна култура и таа ќе остане и понатаму значајна култура поради тоа што тоа е лебно жито и се сее на најголем дел од површините. Секоја Влада и до сега и од сега верувам дека ќе води посебна грижа за сите овие житни култури, бидејќи се работи за производ кој сеуште екстензивно се одгледува на површини каде не може интензивни култури и поради тоа Владата им посветува посебно внимание.

Тоа што оваа година не беше вклучена пченицата во Програмата за поттикнување на развојот на земјоделството и тоа од две причини.

Прво, сметавме дека мелничарите ќе ја откупат по истата цена по која откупуваа и до сега и

Втората причина поради ограничените средства од Буџетот на Република Македонија. Затоа судбината на пченицата не зависеше само од Владата, туку и од капацитетот односно финансиската кондиција на откупните претпријатија кои ја преработуваат пченицата.

Поради нивната слаба финансиска кондиција се доведовме во ситуација да ја намалат откупната цена за разлика од минатата година од 10 на 8 денари, во просек, инаку најголем дел од пченицата е купуван и по 9 денари, има и по 10 денари, но минималната цена е 8 денари.

Владата, и покрај ограничените средства односно поради тоа што во 2005 година немаше предвидено средства, во Буџетот за 2006 година ќе предвиди да исплати еден денар на сите оние кои ја продадоа пченицата во 2005 година. Во преговори сме со мелничарите да можат и тие да дадат уште по еден денар за да може да дојде цената на пченицата по 10 денари.

Колку ќе имаат слух и можност мелничарите не можам во овој момент да кажам, сеуште траат преговорите, очекувам дека тие ќе имаат доблест да го направат тоа, бидејќи се работи за нивни коминтенти односно добавувачи на суровина со која тие ќе работат.

Наредната година пченицата ќе ја предвидиме во Програмата за поттикнување на развојот на земјоделието како култура која треба и од буџетски средства, се разбира неповратни, да се подржува пченицата и тоа по европски терк по површина, по хектар така што сите оние кои ќе се одлучат да произведуваат пченица можеме да им кажеме дека наредната година ќе добиваат одредени средства по хектар површина од Буџетот за 2006 година.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Џамбазовски.

Господине Георгиевски дали сте задоволни од одговорот на прашањето?

Има збор господинот Георгиевски.

**Михајло Георгиевски:** Не кажавте конкретно дали Владата ќе исплати на луѓето по 2,5 денари за она што е откупено.

Друго, ако догодина ветуваат, треба да направат договор со земјоделците дека догодина ќе биде финансирана преку Буџетот.

Прашувам конкретно дали догодина луѓето ќе го добијат она што го бараа оваа година т.е. откупната цена да биде за 2,5 денари поголема од овогодишната. Тие веќе сеат, па да знаат што да прават догодина. Јавно да излезат пред луѓето, пред земјоделците, пред Земјоделската партија и да кажат што да прават луѓето дали да сеат или не и по која цена.

Ако не можете да ми дадете одговор на конкретните паашања усно, тогаш писмено да ми одговори заменик министерот.

**Слободан Најдовски:** Има збор заменик министерот Санде Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Да бидам попрецизен, најверователно не сум бил доволно јасен за да разбере пратеникот за прашањето кое го постави.

За родот од 2005 година производителите на пченица покрај откупната цена што ја имаат добиено од мелничарската индустрија ќе добијат уште еден денар од Буџетот за 2006 година, бидејќи во Буџетот за 2005 година не се предвидени средства, тие средства ќе ги предвидиме во Буџетот за 2006 година, што значи дека уште во јануари тие средства од еден денар можат да ги добијат по однос на откупена пченица.

Сега сме во преговори уште еден денар, ако може да се договориме со Мелничко-пекарската индустрија уште за еден денар да ја зголемат цената за да може да стигне цената на пченицата до 10 денари.

Зборуваме за оваа пченица која сега се прибира односно која е прибрана и откупена или евентуално кој не ја предал пченицата, а ќе ја предаде.

Што се однесува до цената на пченицата за идната година не верувам дека некој може да каже точно со сигурност која цена ќе биде. Цената ќе биде таа што ќе биде-пазарна, меѓутоа, во Програмата за 2006 година предвидуваме за пченицата по 3 иљади денари по хектар посеана пченица.

**Слободан Најдовски:** Второто прашање ќе го одговори министерот за култура господинот Благој Стефановски.

**Благој Стефановски:** Почитуван господине Георгиевски, како што ви е добро познато Министерството за култура распишува годишен конкурс за сите сегменти и дејности така што еден дел од тие дејности за кои се распишува годишен конкурс е издавачката дејност.

На таа тема поставивте прашање.

Минатата година Комисијата ги разгледа сите прилози кои беа на тема- издавачка дејност и одлучи да додели средства на Корпорацијата ВАТС која стои зад Енциклопедијата Британика.

Меѓутоа, исто така вам ви е добро познато дека Министерството за култура ги доделува средствата по доставената книга. Значи, краен рок за таа Енциклопедија Британика да биде доставена до Министерството за култура е крајот на октомври. Тоа ќе заврши со месец октомври. После тоа ние пристапуваме кон исплаќање на средствата.

Оваа година, исто така, е распишан конкурс за издавачка дејност и Комисијата во нов состав ќе расправа.

Очигледно е дека во медиумите, тоа се "Утрински весник" и "Време" е поттикнато и се расправа за таа тема, има некои детаљи за кои што сигурно треба да водиме сметка, за што ете се изјаснаа и во "Утрински весник" преку своите новинари, од основањето на енциклопедијата. Ние ќе воспоставиме, иако ја немаме таа пракса да ги прегледаме до детал книгите, бидејќи се работи за е дна суптилна тема по која што, очигледно, се отвори расправа, ќе ги поделиме средствата кога ќе видиме дека околу проблемот на толкувањето или прилозите што се прочитани, мислам во преводот на она што го напрви Србија, во нивните издавачи куќи, е онака како што е пренесено во "Време", со сиот респект кон сите тие работи, ќе

формираме стручна комисија. Мериторно ќе одлучиме дали ќе ги доделиме тие средства што беа одобрени од страна на Комисијата што решаваше по конкурсот за минатата година.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стефановски.

Господине Георгиевски дали сте задоволни од одговорот или имате да доставите дополнително прашање?

Има збор пратеникот Георгиевски Михајло.

Повелете господине Георгиевски.

**Михајло Георгиевски:** Од одговорот што го кажа министерот мислам дека сум задоволен, но уште една препорака, да се инсистира, да се исправи таа грешка што е направена во оваа значајна енциклопедија и тогаш да се плати. Доколку не се исправи, на некој начин, во направените изданија, да не се издава, да не се финансира тоа. Ете тоа е како препорака.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Третото прашање е поставено до Министерството за надворешни работи.

Има збор заменик министерот за надворешни работи, господинот Хасановиќ.

Повелете господине Хасановиќ.

**Фуад Хасановиќ:** Благодарам господине потпретседателе.

Сакам да афирмирам една позната работа што неколку пати во Парламентот сме ја спомнувале, а тоа е дека Министрството за надворешни работи при крајот на 2004 година, во својата организациона структура внесува посебен Сектор за иселеништво што веднаш уште од почетокот има една проактивна улога за покривање на активностите и координација на соработката со иселеништвото од Република Македонија, вклучувајќи го и она што потекнува од другите етнички заедници кои живеат во Република Македонија .

Направивме една информација до Владата и во таа информација ги дадовме базичните елементи за изгегнување на стратегија, за координиран настап на сите надлежни институции во Република Македонија, вклучувајќи го и Министерството за надворешни работи. Да потсетам дека постои и друга институција во нашата земја што се занимава со иселениците а тоа е Агенцијата за иселеништво, значи заедно со нив, да ја афирмираме и уставната определба за грижа и афирмација на културниот и јазичниот идентитет, како и статусот и положбата на Македонците, кои, како национално малцинство живеат во соседните земји, согласно меѓународните стандарди.

Има неколку полиња што се во фокусот на интересирањето на овој Сектор во нашето министерство. Пред се сакам да го апострофирам образованието, особено изнаоѓање можности за организирање дополнителна настава на мајчин јазик, културата е исто така во центарот на нашето внимание преку збогатување на културните содржини и промоција на нашата култура. Исто така и информирањето, бидејќи тоа што е неопходно за нас, односно за нашите иселеници, тоа е добра и квалитетна информација за сите сегменти на општественото живеење во Република Македонија, да она што е нивен интерес и има значење за нивното живеење во земјата во која моментално се наоѓаат и живеат.

Нешто на што во последно време посебно обрнуваме внимание, тоа е вклучување на нашите иселеници во инвестиционите текови и активности на Република Македонија, односно етаблираните бизнисмени кои живеат и работат во странство, да ги заинтересираме прво нив, да го вложуваат својот капитал и своите средства во Република Македонија, со овозможување на бенефити и субвенции што, ако се можни, согласно на законските рамки во Република Македонија, бидејќи сметаме, како што рече и господинот пратеник, дека тоа може да биде добар поттик за бизнисмените, домицилните бизнисмени од земјите во кои живеат нашите иселеници, и тие да се заинтересираат за инвестирање на свој капитал и средства во нашата земја.

Така што и во наредниот период, јас тука направив само неколку битни поенти од активноста на овој Сектор во рамките на Министерството, секако дека тоа не е се и дека во наредниот период уште повеќе ќе се зајакнуваат работите на терен на полето на конкретизирањето на веќе преземени активности.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Господине Георгиевски дали сте задоволни од одговорот или имате дополнително прашање?

Има збор пратеникот господинот Георгиевски Михајло.

Повелете господине Георгиевски.

**Михајло Георгиевски:** Не сум задоволен, бидејќи заменикот министер не ми одговори на прашањето што го поставив.

Јас прашав дали Агенцијата за иселеништво ќе се укине, а тој кажа дека се формирало некое одделение таму во рамките на Министерството, што не е замена на Агенцијата за иселеништво. Дали Агенцијата и понатаму ќе остане, како што порано ја викавме Матица на иселениците, сега Агенција, дали и понатаму таа ќе остане?

Затоа што таму веќе списанието не се издава и не се води грижа од таа страна. Наместо да се зајакнуваат работите, тие се ослабуваат. Нека има и одделение, не пречи, меѓутоа Агенцијата за иселеништво треба да прерасне, дури да помине и во ранг на министерство, а не да се снижува на некакво си одделение.

Другото прашање што беше дали на овогодишните парламентарни избори ќе се постави прашањето за гласање на нашето

иселеништво, за македонските парламентарни избори. Во Хрвтска, Полска и другите земји и иселениците гласаат за својот Парламент. Така ги врзуваат натаму да финансираат, ги врзуваат за својата татковина, за својата земја. Вака, тие се одделени и што ќе бараме од нив да финансираат кога не ги третираме како наш составен дел.

На двете прашања, а тие беа клучни не се одговори. Барам да ми се одговори конкретно што станува со Агенцијата и со гласањето на нашето иселеништво.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Георгиевски.

Согласно Деловникот, имате право да поставите три прашања. А вие поставивте 4. Досега ви се одговори на трите, па ако сакате четврта, тоа ќе го поставите или на наредната седница или во писмена форма.

Збор има заменикот министер за надворешни работи господинот Фуад Хасановиќ.

Повелете господине Хасановиќ.

**Фуад Хасановиќ:** Благодарам.

Прво, треба да го потсетам пратеникот дека укинување или егзистенција на државна институција не е во рамките на Министерството за надворешни работи. Тоа е работа на Владата и тоа прашање треба да го упати до Владата.

Второ, исто така не е во рамките на надлежноста на Министерсството дали нашите иселеници ќе имаат право на глас или не. За тоа има други ндлежни институции во Република Македонија што се занимаваат со тоа прашање.

Јас одговарам за работата на Министерството за надворешни работи.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Следен за поставување пратенички прашања е Добре Кековски.

Повелете господине Кековски.

**Добре Кековски:** Благодарам господине потпретседателе,

Јас имав две прашања упатени до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

На едното прашање, тоа е прашањето што го поставив во месец јули во однос на цената на пченицата, тогаш, од заменикот министер беше објаснето дека Владата ќе преговара со мелничарите и производителите на пченица и се надева дека барем ќе остане минатогодишната цена од 10,5 денари. Нема да продолжам понатаму со ова прашање, бидејќи во текот на денешниот ден два пати се одговори на ова прашање така што веднаш ќе поминам на второто прашање. Мислам дека првото е доволно апсолвирано.

Второто прашање е исто до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Помошта што Владата определи да ја дава за производство на јачмен, пченица, шеќерна репка, сончоглед, потоа за крави, овци и друго за 2005 година, земјоделците на некои региони веќе почнаа да ја добиваат.

Прашањето е - Со каква динамика ќе се одвива исплатата и до кога е планирано да се заврши, со оглед на тоа што овие средства итно им се потребни на земјоделците за есенската сеидба.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Мислам дека во однос на првото прашање два пати одговоривте и пратеник не инсистира на одговор.

По однос на второто прашање има збор заменик министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, господинот Санде Џамбазовски.

Повелете господине Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам потпретседателе,

Програмата за 2005 година, предвидува поддршка на поголем број растителни производи и животни. Помош по хектар јачмен, шеќерна репка, пченка и сончоглед и помош по грло овци, крави, и друг добиток. Програмата е во тек на реализација, односно во тек на исплаќање, бидејќи се направени сите евидентирања, пријавени се сите кои сметаа дека треба да се пријават со својот имот. Рокот на пријавување е завршен. Обработени се сите податоци по пријавите. Исконтролирано е од страна на земјоделската инспекција и сите оние што се доставени до Министерството ќе се исплатат. Очекувам дека за 15-тина дена ќе ги добијат своите пари.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Господине Кековски дали сте задоволен од одговорот или би сакале да поставите дополнително прашање.

Има збор пратеникот Кековски Добре.

Повелете господине Кековски.

**Добре Кековски:** Благодарам, задоволен сум од одговорот.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Следен за поставување пратенички прашања е пратеникот Чедомир Краљевски.

Повелете господине Краљевски.

**Чедомир Краљевски:** Благодарам господине потпретседателе,

Јас би ве замолил, доколку сте во можност, да го повикате, ако е во можност да влезе министерот за екологија, господинот Зоран Шапуриќ.

**Слободан Најдовски:** Молам, министерот за животна средина и просторно планирање да влезе во салата. Ќе го причекаме.

Молам службите да утврдат дали е министерот во Собранието.

Имате ли друго прашање, а бидејќи имате поставете го тоа, па потоа за министерот за животна средина и просторно планирање.

(Од страна на другите министри се информира дека господинот Шапуриќ е тука и дека секој момент ќе влезе во салата. Пратениците џагорат, а претседавачот предупредува на ред со ѕвончето).

Бидејќи министрите следат преку телевизијата, тоа значи дека веќе функционира електронскиот парламент.

Продолжете господинот Краљевски.

**Чедомир Краљевски:** Ако е тука министерот за екологија јас ќе го поставам по тој редослед прашањето, па потоа останатите.

Првото прашање е упатено до министерот за екологија и истото носи назнака итно, не трпи одлагање или писмен одговор.

**Слободан Најдовски:** Поставете го прво второто прашање, ако министерот за второто прашање е тука па потоа првото.

**Чедомир Краљевски:** Добро.

Второто прашање е упатено до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Образложение за прашањето:

Земјоделската задруга "Слога", Умин Дол, чие седиште е лоцирано во атарот на село Умин Дол, општина Куманово, подолго време е во стечај или поточно таканаречен активен стечај. Околу 170 хектари обработливо земјоделско земјитеше на Земјоделската задруга "Слога", Умин Дол во стечај, од пред некое време ги ора и обработува извесно лице од Арачиново. За оваа состојба запознат е стечајниот управник на Земјоделската задруга "Слога", Умин Дол во стечај, исто и Секторот за внатрешни работи Куманово.

Стечајниот управник негира било каква инволвираност во овој случај, а Министерството за внатрешни работи не ги информирало пријавителите на овој случај што имаат преземено во рамките на својата надлежност.

Жителите на селата Умин Дол, Љубодраг и Новосело, како и активните стечајни работници на Земјоделската задруга "Слога", Умин Дол во стечај преку мене прашуват:

1. Каков е правниот и сопственичкиот статус на спомнатите 170 хектари обработливо земјоделско земјиште, што до сега било користено од страна на Земјоделската задруга "Слога", Умин Дол.

2. Дали лицето од Арачиново, кое сега ги ора и обработува спомнатите 170 хектари земјоделско земјиште има правен основ, односно валиден договор, склучен во законска процедура со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство или евентуално со Земјоделската задруга "Слога", Умин Дол во стечај или се работи за класична узурпација на државно-земјоделско земјиште или за одземање од владение на земјоделско земјиште или пак се работи за злоупотреба на положбата стечаен управник на Земјоделската задруга "Слога", Умин Дол во стечај, ако евентуално ова лице има некаков договор на црно со спомнатото лице од Арачиново.

Понатаму, прашањето го поставуваат жителите на селата Умин Дол, Љубодраг и Ново Село од причини што имотот на Земјоделската задруга "Слога", Умин Дол во стечај е лоциран во атарите на овие села и овие жители, како и активните стечајни работници во Земјоделската задруга "Слога", Умин Дол се живо заинтересирани, самите тие, во легална процедура да ги добијат на користење земјоделските површини на Земјоделската задруга "Слога", Умин Дол. Или пак, самата Земјоделската задруга "Слога", Умин Дол во стечај да продолжи самата да си ги обработува своите земјоделски површини, а заради сопствен, економски напредок, односно заради излегување на Земјоделската задруга "Слога", Умин Дол од позицијата во стечај.

Во спротивно, со евентуалната незаконитост или злоупотреба во постапувањето на овластените лица, со што е дојдено до користење на земјоделското земјиште на Земјоделската задруга "Слога", Умин Дол во стечај од стра на извесното лице од Арачиново се врши латентен притисок на жителите од селата Умин Дол, Љубодраг и Ново Село кои се од македонска и српска етничка припадност, истите, поради одземање на можностите и условите за економски просперитет да се иселуваат од овие подрачја, по што нивните места би ги зазеле жителите на околните села како што се Никуштак, Ропаљце, Арачиново и други што се исклучиво населени со жители од албанска етничка припадност.

Секако дека овој, на изглед исклучиво правен проблем има или ќе има далекусежни политички импликации. Веќе предизвикува жестоки реакции од страна на жителите на Умин Дол, Љубодраг и Ново Село.

Сега, првото прашање што е упатено до министерот за екологија. Истото, почитуван министре носи назнака итно и не трпи одлагање или писмен одговор.

Прашањето гласи:

Дали и што ќе преземе министерот за екологија во врска со решавањето на проблемот на изнесување и депонирање на смет од градот Куманово?

Образложение:

Најголемата општина во државата односно градот Куманово веќе две недели се трупа со губре и се гуши во непријатна реја. Буквално, сите улици во градот почнувајќи од строгиот центар, па до периферијата и се потрупани со тони и тони кубици ѓубре и мртви животни и скитници. Од таквите улични депонии во секој момент може да се развие болест со епидемични размери или наезда на црви, глодари или други разнесувачи и предизвикувачи на болести.

Овој опис воопшто не е хиперболичен, туку напротив и за жал е реален. Актуелниот проблем со собирање и изнесување и депонирање на смет од градот Куманово настана кога жителите на село Пчиња го блокираа патот што води до депонијата за ѓубре во атарот на село Пчиња.

Причина за блокада настани кога таа депонија, со одлука на локалната самоуправа, односно градоначалникот на Куманово, или пак на Владата на Република Македонија, не ми е точно познато, од депонија за смет на Град Куманово се претвори во регионална депонија каде што пристигнувало или ќе пристигнува ѓубре од оптшините Тетово, Липково, Старо Нагоричани, Ранковци, Крива Паланка, Кратово а можеби и од некои други општини од Североисточниот дел на Македонија не ми е повторно точно се познато.

Атарот на село Пчиња е познат по производство на раноградинарски и други земјоделски култури, поради што пред локалните избори во 2005 година на жителите им беше ветено дислокација на оваа депонија. Но, сега со проширувањето на депонијата, поради зголемениот обем на депонирање на смет, на овој атар му прети еколошка загаденост од повисок степен, да не речам, еколошка катастрофа.

Предлагам и барам веднаш по оваа собраниска седница министерот за екологија да замине за Куманово, да изврши непосреден увид на состојбата на загаденост на градот со ѓубре. Да закаже итен состанок со претставници на општините Куманово, Липково, Старо Нагоричани и село Пчиња, на кој состанок ургентно ќе се реши изнесувањето на натрупанопто ѓубре од градот, по што службите за дезинфекција и дератизација ќе извршат прскање на локаците, каде што со денови стоело и ферментирало ѓубрето. На истиот тој состанок да се утврди во ургентно краток рок термин за нов состанок, на кој конечно ќе се дефинира локацијата за регионалната депонија, се разбира во согласност со сите заинтересирани страни, вклучувајќи ја и согласноста на жителите на село Пчиња. Ваквото постапување на министерот би било за мене задоволителен одговор на поставеново пратеничко прашање.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Краљевски.

Дали сакате по редослед да се одговорат прашањата како што ги поставивте?

Има збор заменик министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, господинот Санде Џамбазовски, по однос на првото прашање.

Повелете господине Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Потпретседателе, со оглед дека се работи за прашање за кое што треба теренска контрола, проверка и тн. ќе одговориме писмено после извршената контрола.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Џамбазовски.

Значи, ќе добиете одговор во писмена форма.

По однос на второто прашање министерот за животна средина и просторно планирање, господинот Шапуриќ Зоран.

Повелете господине Шапуриќ.

**Зоран Шапуриќ:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, почитуван господин Краљевски.

Јас вашето прашање го сфатив како добронамерна загриженост, но и веројатно делумна неинформираност. Би ви кажал, вие рековте дека не ви е познато дали е со одлука на Влада, со одлука на министерство или со одлука на локалната самоуправа. Би кажал само тоа дека согласно Уставот, потоа согласно Законот за локална самоуправа како општ закон, како лекс генералис, а потоа со Законот за цврст отпад, Закон за комунални дејности и редица други закони кои што ги гласавме заедно овде еден период во Парламентот, а вие веројатно и во изминатиот период како пратеник, децидно е определено дека собирањето, транспортирањето и складирањето на смет е исклучива надлежност на локалната самоуправа. Меѓутоа, во рамките на тоа мене ми е познато ова што го прашавте кој ја донесе одлуката, Советот на општина Куманово и се разбира градоначалникот ја прогласува и следи понатамошна процедура. Но, би ви кажал, ова што го кажавте да се одржат состаноци, ние сме во тек, иако целосно не е надлежност на Министерството, Инспекторатот е да ја следи состојбата, да врши надзор од технички аспект, а се разбира на останатите органи на Влада, Министерството за локална самоуправа може само во поглед на процедурата, но во суштина на актот. Значи, актот на локалната самоуправа е неприкосновен под услов да е донесен во законска процедура. Меѓутоа, ова што вие го кажавте да се одржат средби, тие средби беа одржани неколку и денес се држи средба, каде што присуствуваат државниот секретар од Министерството, директорот на Службата за животна средина како самостоен орган во состав на Министерството, неколку други претставници на Министерството, но и домашни и странски експерти од Холандија, Англија и Германија кои што учествуваа во овој проект. Би кажал само дека во рамките на програмата КАРДС Европска унија има една помош за изработување на физибилити студии за решавање на третирањето на отпадот во Република Македонија. Во рамките на тоа треба да се донесе национална стратегија која што сега се предлага, а потоа ќе биде на Влада и на Парламент за решавање на отпадот. Оваа национална стратегија е изработена од врвни странски експерти предвидува изградба на седум вкупно заедно со Дрисла, регионални депонии и тие седум депонии некаде, што е и европски стандард 200 до 300 илјади жители, бидејќи до сега немаме освен Дрисла во Република Македонија ниту една депонија која што ги исполнува ни приближно условите согласно стандардите на Европската унија. За жал, кај нас кога ѓубрето ни е расфрлано секаде околу нас по населбите, кога неконтролирано се спалува не ни пречи, но ако почне нешто да се гради односно активности за градење, бидејќи овде не станува збор за изградба, Советот на општина Куманово донел одлука за идна

евентуална регионална депонија од кога ќе биде завршена националната стратегија, врз база на што ќе може да се аплицира во фондовите на Европска унија во поглед на донации, на меки кредити и тн. Значи, процедурата е ако оваа депонија за сега што се штрајкува 200 луѓе, јас ги разбирам тие луѓе дека се загрижени, претпоставувам дека локалната самоуправа добро им ја објаснува работата, но еве и ние се вклучивме заедно со претставниците на Министерството за здравство и Министерството за транспорт и врски се одржуваат интензивни состаноци, особено денес и со претставници на сите советнички групи, претседавачот на Советот, претставниците на невладиниот сектор, директорите на комуналните претпријатија и тн. Се работи за идна евентуална депонија, регионална под услов другите општини, ние имаме само еден решен случај со Тополчани каде што со 35 поранешни општини склучија договор, а сега има некои проблеми веројатно во поглед на ова финансирање и проблем со општината Охрид која две години сеуште не пристапила кон овој договор односно кон регионалната депонија во Тополчани. Тоа, иако е апсолутно право на општините да се договараат односно да ја развиваат формата на меѓуопштинска соработка, ние во секое време, доколку побараат, сме подготвени да им пружиме стручна и се разбира финансиска помш во рамките на материјални можности, односно идната година кога се очекуваат од новите давачки таканаречени еколошки давачки од Законот за животна средина кој што го изгласавме овде пред три месеци, некаде околу 400 милиони денари за таа помош. Министерствто ќе предложи програма до Влада и дел од тоа односно од тие средства ќе се одвојат за депонии. Но, веројатно е во заблуда и тоа месно население, за изградба, евентуална некогашна изградба на таа депонија. Инаку, според нас, според укажувањата на домашните и врвните странски експерти, се работи за депонија евентуално, значи во некое идно време сеуште недефинирано, е оддалечена 5,2 км. од првото населено место, таа би бил изградена по сите современи стандарди. Значи, не би имало никаква опасност, би била 100 пати побезбедна од сегашната, без оглед која количина на смет е. И, ова не е само моја идеја, ова е експертско видување и се разбира на домашни и странски експерти и нема разногласие. Се работи за глинеста подлога, се работи за тоа дека нема подземни води и тн. Но, еве во овој момент тоа се обидуваат дојдените експерти од Холандија, Германија кои ја работеа таа студија и се обидуваат не само на локалната самоуправа туку и месното население присутни се 9 или 11 претставници од овие месни заедници. Присутни се од Министерството за здравство и колку што сум информиран во моментот е при крај да се постигне договор тие да го деблокираат патот, зашто се работи за осумдневна или деветдневна блоката на 200 жители од селото Пчиња, непречено да се транспортира овој смет. Се разбира, главниот збор сепак треба да го има општината Куманото, сите своетнички групи и градоначалникот, Советот и локалните комунални претпријатија, а потоа да се објасни целиот тој проект што значи. Значи, претпоставувам дека се работи за некоја неинформираност, бидејќи не станува збор во овој момент, а исто така и вас ве молам, но и другите пратеници, мислам дека има четири или пет пратеници, ова да им го пренесете, а на идни средби се разбира сум подготвен јас ако се постигне денешен договор во една порелаксирана атмосфера да се организираат и тркалезни маси и во Куманово и на самото место во една неисфорсирана состојба можеби за 10 или 15 дена да се подготват сите стручни анализи и презентации. Бидејќи, не станува за некоја, станува да за акутна загрозеност поради блокада, а знаеме дека Куманово е веќе седум, осум дена во блокада. Меѓутоа, изградба, никакви активности во врска со изградба на депонијата нема. Колку што сме информирани, а и од личен увид на само лице место нема никакви активности, па затоа и вас и другите пратеници ве повикуваме заедно со локалната самоуправа, иако тоа не е надлежност исклучиво на Парламентот, но обврска е, се разбира, на пратениците, на министрите и конкретно на нашиот ресор да се вклучи во решавање на проблемот. Ве молам, ова да им го пренесете дека сме подготвени во една релаксирана атмосфера да ги размениме искуствата и се разбира општината, советничките групи, без некои тензии, без политизација, јас верувам дека нема, би било страшно ако би имало политизација на овој проблем.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Шапуриќ.

Господине Краљевски, доколку имате дополнително прашање повелете.

Има збор пратеникот Краљевски Чедомир.

**Чедомир Краљевски:** Јас му благодарам на министерот Шапуриќ за ова опширно образложување и експликација на повеќе формалната страна на проблемот, меѓутоа јас прашањето не го поставив во таа смисла, но најверојатно недоволно или невнимателно ме следел министерот Шапуриќ, бидејќи моето прашње пред се беше упатено каков ќе биде придонесот на Министерството за екологија односно за животна средина во решавањето на акутниот проблем што го задеси градот Куманово. Бидејќи јас доаѓам од градот Куманово, жител сум на градот Куманово и секојдневно ги гледам проблемите, барем оние што се видливи на прв поглед во градот Куманово, а и реагираат кај мене жителите, односно граѓаните на град Куманово. Се работи за состојба пред епидемија. Се работи за тони и купишта ѓубре расфрлани насекаде низ улиците на градот, како што реков во образложението, кои треба да се соберат и да се однесат во депонија. Како тоа ќе се направи, кога ќе се направи, такво прашање ми беше упатено и

кој ќе биде уделот и придонесот на Министерството за животна средина во оваа работа да се реши овој актуен проблем. Инаку, јас ниту сум застапник, мислам претставник во настојувањата на жителите на село Пчиња, ниту пак сум претставник на локалната самоуправа, секако дека овој проблем од формално правен аспект треба да го реши локалната самоуправа. Но, очигледно акутниот проблем, физичкото присуство на ѓубре низ градот, оваа локална самоуправа односно градоначалникот, кој патем речено денес и овие денови е отсутен од градот, немаат капацитет да го решат. Затоа, апелирам до министерот за животна средина да преземе се што е во неговите надлежности овој проблем акутен да се реши. Градот да се исчисти од ѓубре, инаку ќе настанат несогледливи последици, заради расфрланото ѓубре низ градот.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор министерот за животна средина и просторно планирање, господинот Шапуриќ зоран.

Повелете господине Шапуриќ.

**Зоран Шапуриќ:** И, така господине Краљевски, имајќи ги предвид и од формално правен, но и од суштински аспект дека ова е исклучива надлежност на локалната самоуправа, вие знаете дека сме во силен процес на децентрализацијата. Министерството што прави? Одржува состаноци со претставниците на локалната самоуправа, со месното население во овој момент со домашни и странски експерти и се обидува да ги убеди, не само сите советнички групи во општината, односно Советот и градоначалникот, јас не знам дали е отсутен или не, но и претставниците на локалната самоуправа да го деблокираат патот кон депонијата и да им се објасни. Исто така, апелирам и до вас да им го пренесете тоа дека нема активности за изградба на депонија сега. Тоа е евентуално идна изградба од кога ќе дојде помошта во рамките КАРДС можеби 2006 или 2007 година, не може да кажеме што ќе биде понатаму со помошта од Европска унија, донациите или меките кредити во иднина тогаш. Значи, тоа работиме, се убедуваме. Инаку, нормално е сега можеме да го повикаме и градоначалникот на локалната самоуправа, но како да се справат да го депонираат ѓубрето. Тие не го депонираат сметот поради своето неработење, па да им издадеме, да речеме прекршочна пријава на локалната самоуправа, туку деблокадата на патот кон депонијата е во надлежност на другите органи. Јас не знам дали е побарано тоа од страна на локалната самоуправа. Ние дејствуваме, еве одржуваме состаноци и тоа е наша работа. Кажав, државниот сектретар, дирекгорот на Службата за животна средина, тројца или четворица службеници од Министерството заедно со домашните и странските експерти беа и вчера, но денес во многу поширок состав, се во Куманово и се обидуваат ова многу поексплицитно и многу поопширно да им го објаснат на претставниците на локалното население, со цел тие 200 жители да бидат убедени од селото Пчиња дека не се гради сега или утре. Значи, нема одлука. Да ви кажам, ако е до Дрисла, до Скопје, до Тетово и Дрисла е исто така во надлежност на град Скопје и локалната самоуправа. Ние не можеме да наложиме на било кое комунално претпријатие каде ќе го складира сметот. Меѓутоа, апелираме да се реши политички проблемот. Ние ќе го предложиме и тоа, да се носи сметот во Дрисла или во друга депонија. Ќе преземеме крајни мерки, доколку не профункционира оваа деблокада. Меѓутоа, исто така, ви кажав дека и претставниците на Министерството за здравство и ние ќе наложиме, ако нема друг, но тие велат дека нема доволно механизација. И тоа ќе го испитаме да се однесе во Дрисла, но најдобро е сите да влијаеме и локалната самоуправа и вие сите пратеници и ние од Министерството кај локалното население да ги убедиме тие 200 жители, бидејќи сепак 100 илјади кажавте се заложници на 200 жители. Тоа пак, исто така не е во ред. А, нема активности во овој момент за изградба на депонија. Но, еве подготвени сме заедно со вас да го решиме проблемот.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Шапуриќ.

Има збор пратеникот Иван Анастасовски.

Повелете господине Анастасовски.

**Иван Анастасовски:** Благодарам почитуван потпретседател.

Господа министри, заменици, колеги пратеници јас искрено имав намера едно од моите три прашања да го поставам токму околу ова што се последните случувања во општина Куманово за депонијата и сметот кој веќе осум дена не се собира во општина Куманово. Меѓутоа, незнаејќи тоа го направи колегата Краљевски, министерот даде свој одоговор и јас според тоа се повлекувам и повторно не би дебатирал и поставувам прашање по однос на депонијата.

Од друга страна сите мои прашања кои се за денешната седница, всушност, се иницирани од иницијативи и барања од група на граѓани од Куманово кои до мене се обратија во писмена форма дел, а дел имавме одржано состанок во текот на вчерашниот ден, а тоа е она што беше пред некоја седница актуелно носење на законот за стечајна постапка кој помина во прва фаза. Значи, јас повторно по однос на тоа одржав средба со Координативното тело на стечајните работници од општина Куманово и истите, бидејќи бројката не би сакал и веќе не знам по кој пат да ја повторам колкава е во општина Куманово, истите по писмен пат се имаат обратено до Владата на Република Македонија, до Собранието на Република Македонија со претседателот Љупчо Јордановски, до Министерството за труд и социјална политика. Така што, сите овие барања јас ќе се обидам сега да ги конципирам во вид на прашања до Владата на Република Македонија и воедно од Владата би барал писмено во најбрз рок да ми одговори по

однос на она што значи и барањата од Координативното тело на стечајните работници. Значи, да тргнам со еден ред.

**Слободан Најдовски:** Се извинувам за момент, господине Анастасовски. До Владата ви е прашањето?

**Иван Анастасовски:** Да, до Владата.

Вака би го концепирал она што луѓето го побараа од мене. Бидејќи, навистина се работи за сериозна бројка би било пожелно премиерот на Владата на Република Македонија во најбрз можен рок да успее да организира една средба со Координативното тело на стечајните работници од општина Куманово.

Тоа да го направи во писмена форма во оној рок како што е предвиден и по пат кој што е предвиден за да всушност истите се надеваат дека може да се одржи една таква средба која навистина ја пожелуваат. Тоа е една замолница во вид на прашање од една страна, а од друга страна она што највеќе ги засега истите е дали е во можност Владата преку ресорното Министерство да даде иста верзија на закон, или измени и дополнувања на соодветниот закон каде што ќе успее во еден временски рок да опфати пензионирање за оваа структура на работници.

Истото би сакал ако може и министерот за труд и социјална политика да одговори, а и во писмена форма не би било проблем, меѓутоа одговорот треба повратно да го дадеме на Координативното тело на стечајните работници од општина Куманово.

Всушност ова што го кажав по однос на средбата, едното е како замолница до Владата и би било пожелно премиерот да организира средба со Координативното тело и

Второто е дали би можело Владата преку ресорното Министерство да направи една инстант верзија на измени на Законот со која што ќе ја опфати оваа категорија на граѓани од општина Куманово.

По однос на второто прашање, сабајлево пред Собранието дојде една група на вработени во АД "Авто сервис" Куманово, која што има сериозни забелешки на продажбата на истото претпријатие.

За ова децидно од Владата се бара во писмена форма, а прашањето е дали може да се преиспита начинот на впаричување на имотот на АД "Авто сервис" Куманово.

Третото прашање ми беше подготвено во врска со депонијата, тоа е веќе стопирано со претходниот дискутант и јас толку би имал. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Анастасовски.

По однос на првото прашање упатено до Владата ќе одговори министерот за труд и социјална политика Стевчо Јакимовски.

Повелете господине Јакимовски.

**Стевчо Јакимовски:** Прво, јас би сакал да кажам дека како ресорен министер најголем дел или скоро сите барања на стечајните работници нас ни се познати како Министерство и на тие прашања ние повеќе пати сме разговарале и сме им одговориле. Незнам зошто се инсистира на средба со премиерот. Секој има легитимно право да се сретне со премиерот, меѓутоа, затоа сме ние ресорни министри, да направиме анализи, да дадеме соодветни одговори кои мора да се движат во рамките на законските прописи.

Во конкретниот случај сите одговори што ќе ги даде ресорното Министерство по одредени прашања на оние што нема да им се допаѓаат, а сакаат да добијат одговори како тие што мислат дека треба да бидат одговорите се бара средба со премиерот. Премиерот веројатно ќе си оцени и веројатно ќе дојде до таква средба, но повторно треба да се бара мислење од ресорното министерство. Мислењето секако дека ќе биде истото.

За првото прашање јас нема повеќе што да кажам.

Господине потпретседателе, да одам ли на второто.

**Слободан Најдовски:** По однос на АД "Авто сервис" Куманово?

**Стевчо Јакимовски:** Не, за стечајните работници, за законот лек специјалис што се бара.

**Слободан Најдовски:** Прво да видиме дали пратеникот е задоволен од одговорот од првото прашање, па после ќе одиме на второто.

Има збор,...

Господа пратеници, има тука кој да ја води седницата и ќе ве молам на оние што им се слуша нека седат, нека слушаат, на оние што не им се слуша нека излезат надвор, затоа што од меѓусебните разговори навистина не можеме да се слушаме.

Господине Анастасовски дали сте задоволни од одговорот на прашањето, или имате дополнително прашање.

Ве молам строго деловнички ако имаме прашање имаме, ако сакаме да коментираме има седници кога ќе се побара информација и ќе се дискутира по одредена проблематика.

Повелете господине Анастасовски.

**Иван Анастасовски:** Јас во секој случај благодарам на министерот за труд и социјална политика што даде усмен одговор по однос на она што беше молбата од Координативното тело. Јас верувам дека легитимно право е на секого да побара средба со премиерот, ако успее да се обезбеди таа средба во писмена форма може да се одговори, ако не пак ќе се каже, ќе им се објасни на тие луѓе. Јас не барам министерот сега на тоа да одговори. Во тој случај можат по писмен пат да кажат дали ќе им овозможат средба на тие луѓе или не. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Анастасовски.

Повелете господине министер.

Има збор министерот за труд и социјална политика господинот Стевчо Јакимовски.

Преку прашања не се бараат средби, но мора да продолжиме понатаму.

Повелете господине министер.

**Стевчо Јакимовски:** По однос на второто прашање за евентуален закон, инстант закон како што го нарече колегата, веројатно мислеше на закон лек специјалис за стечајните работници како би можеле да одат пред време во пензија.

Ние имаме предворје на Фондот за пензиско-инвалидско осигурување а тоа се вика Агенција за вработување или популарно Завод за вработување и сите стечајни работници и технолошки вишоци, а такви во моментот имаме околу 43.000 се наоѓаат во Заводот за вработување...

(Потпретседателот Најдовски го опоменува пратеникот Аднан Ќахил)

**Слободан Најдовски:** Продолжете министре.

**Стевчо Јакимовски:** Значи имаме 43.000 на кои им се плаќа паричен надоместок, пензиско-инвалидско осигурување и здравствено осигурувње. За ваша информација, само за пензиско-инвалидско осигурување годишно даваме околу 1.700.000 денари. Овие социјални трансфери се навистина големи и сакам да ја информирам македонската јавност дека имаме лица кои што се стекнале со право на паричен надомесеток 1995, 1997 година и тоа право ќе го користат до 2023, 2018 и 2019 година и имаме лица кои користат од 15 до 20 и 30 и повеќе илјади денари. Значи, тоа е еден дел на еден вид пензионирање кое што е направено согласно тогашните законски прописи.

Јас сум длабоко убеден дека антиекономски и антилогично е да носиме нови закони лек специјалис со кој повторно некој ќе носиме во предвремено пензионирање. Ние мораме да ги стимулираме луѓето да бараат работа, да даваме средства за вработување, за отворање на нови места, но се помалку да издвојуваме средства од Буџетот на Агенцијата за вработување и од Министерството за труд и социјална политика за евентуални предвремени пензионирања и за евентуални дополнителни технолошки вишоци и нови бенефиции во тој дел.

Значи, Министерството за труд и социјална политика е категорично против било какви носења на нови закони лек специјалис за предвремено пензионирање на било кој од едноставна причина што во моментот дефицитот во Фондот за пензиско-инвалидско осигурување е 29,3%. Што тоа значи? Тоа значи дека придонесите што ги извојуваме за пензиско-инвалидско осигурување успеваат само 70,07% да покријат од пензиите, а останатите 29,3% се покриваат од буџет и тие идат во континуитет што значи дека дефицитот се зголемува. Ако вака продолжиме за 20 години системот не може да издржи, односно 50% од Буџетот на Република Македонија треба да оди за пензии.

Сметам дека реформите, најголем дел структурните реформи и решавањето на големите загубари веќе е решено и дека мора да почнеме со сосема нова логика, да се даваат средства за вработување, а никако за пензионирање, за неработење за нови технолошки вишоци и тн. и тн.

Сметам дека тие трансфери треба полека но сигурно да се намалуваат во насока на зголемување на активните мерки каде што ќе се даваат средства исклучиво за вработување на себе или за отворање на нови работни места. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министре.

Господине Анастасовски дали сте задоволни од одговорот или имате дополнително прашање?

Има збор пратеникот Иван Анастасовски. Повелете.

**Иван Анастасовски:** Јас лично најискрено сум задоволен од она што го одговори усмено министерот за труд и социјална политика, меѓутоа друго е проблемот. Тие што се обратиле до мене и сега кои го слушнаа одговорот не се задоволни. Во тоа сум сигурен. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Пред да продолжиме со поставување на пратенички прашања објавувам пауза од 15 минути.

(Пауза од 16,33 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,45 часот)

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со поставување на пратенички прашања.

Следен за поставување на пратенички прашања е господинот Србиновски.

Повелете господине Србиновски.

**Илија Србиновски:** Благодарам почитуван потпретседателе,

Сакам да поставам три прашања. Едното прашање е до Министерството за економија и најверојатно двете ќе бидат до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Првото прашање, како што реков е упатено до Министерството за економија, а се однесува на следното:

Колку тони брашно е увезено, по која цена и кој квалитет и дали се има некој сертификат за тој квалитет и дали воопшто е објавен тендер за увоз.

Тоа е првото прашање и да го образложам.

Сведоци сме на откупената количина на лебно жито од реколтата 2005 година, во Република Македонија и затоа го прашувам Министерството за економија, односно министерот кој ги овласти и кој дава одобрение или дозвола за увоз на ова брашно и која е фирмата на тоа брашно кое е увезено.

Тоа прашање го поставувам на барање на голем број земјоделски здруженија од Република Македонија, но здруженија за заштита на потрошувачите кои се интересираат дали увезеното брашно го задоволува квалитетот за леб и бели пецива, бидејќи имаме информации дека во периодот август-септември има одобрение од Министерството за економија за увоз на некое банатско брашно преку некоја фирма од Босна и Херцеговина, во Македонија. Не знаеме која количина, но се работи некаде за 20-30.000 тони, што е доволно за снабдување на домашниот Пазар некаде за 5 до 6 месеци. Тоа би било првото прашање.

Второто прашање е упатено до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и прашањето гласи:

Кога и колку ќе се ослободат обработливи површини, согласно Законот за земјоделско земјиште, од ЗИК Пелагонија, која класа и колку има платено за концесија.

Да образложам. Согласно Законот за отстапување на земјоделското земјиште од државните комбинати на Република Македонија, имено се работи за ЗИК Пелагонија Битола, која имаше 20 до 25.000 хектари обработлива површина, меѓутоа ослободено е 2-3 илјади хектари и тоа 6-та и 7-ма класа.

Во Комбинатот работеа 4 до 5 илјади вработени, а сега работат околу 700 вработени и тоа со минимални плати. Целта ми е да прашам што е тоа што толку луѓе работеа во Комбинатот, но површината е иста оставена, значи се работи примитивно, само производство на пченица, а платите им се намалени. Имено Комбинатот ги заокружува сите села со земјоделски површини, значи сите села се зафатени со површини од Земјоделскиот комбинат и според тоа селаните не можат да ја испуштат стоката ниту на пасење, ниту пак имаат можност да посеат некој декар тутун, а што го бараат постојано.

Дали Министерството има направено некоја согласност со ЗИК Пелагонија, да се ослободат тие површини, барем околу оние села кои ги заокружуваат површините од Земјоделскиот комбинат. Тоа е второто прашање.

Третото прашање е следното:

Се поставија многу прашања за пченицата, меѓутоа јас директно би прашал, беше одговорено неколку пати како ќе се даде денар, односно дали ќе се даде, дали нема да се даде.

Јас директно прашувам, дали Владата или Министерството за земјоделие или Министерството за економија, склучи некаков договор со мелничарите за да го доплатат тој 1,5 денар, за да дојдат, како што кажува Владата 2,5 денари платени за пченицата. Колку што јас имам информации Владата нема склучено никаков договор со мелничарите за да се платат овие 1,5 денари за пченицата.

Ако може на овие прашања да ми се одговори писмено, го прифаќам и тоа.

**Слободан Најдовски:** Господине Србиновски,

Со оглед натоа што во второто прашање имавте три-четири прашања, ќе го оставиме тоа на претставникот на Владата.

Првото прашање беше упатено до Министерството за економија. Немаме претставник од Министерството за економија, па и онака вие и самите побаравте писмено да се одговори, го оставаме прашањето да се одговори писмено.

Второто и третото прашање беа упатени до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

На второто прашање ќе одговори заменик министерот за земјоделие, господинот Санде Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:**Благодарам господине потпретседателе.

Кога се донесе Законот односно одлуката за ослободување на комбинатите од површината која ја имаат, се разбира во договор со Министерството, 15% од површината, тоа сигурно е пред 5-6 години и во овој момент не можам точно да кажам колку ослободила површини Пелагонија. Претпоставувам дека ослободила толку колклу била и одлуката односно со закон.

Што се однесува до прашањето како работниците имаат мала плата и се намалени бројот на работниците, Министерството ниту може да даде одговор, ниту е надлежно, ниту знае колкава е платата на вработените, колку Комбинатот ќе задржи вработени итн. Така што до колку сака, бидејќи бара колкава површина е ослободена по катастарски број итн, ќе му одговориме писмено на пратеникот, бидејќи се бараат повеќе податоци што објективно во овој момент не можеме да ги кажеме.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Џамбазовски.

Господине Србиновски задоволни ли сте од првиот дел од одговорот, а со оглед на тоа Што и заменикот рече дека писмено ќе ви се одговори.

**Илија Србиновски:** Бидејќи заменикот рече дека писмено ќе одговори за овој втор дел, значи за Комбинатот, се согласувам.

Сега за третото прашање да го слушнам одговорот.

**Слободан Најдовски:** Третото прашење е упатено исто така до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Повелете господине Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам господине потпретседателе.

Со сето извинување дека многу пати го повторувам ова прашање, бидејќи повеќе пати денес беше поставувано, меѓитоа тоа е тоа, на поставено прашање треба да се одговори. Тоа е во однос на пченицата.

Значи Владата на Република Македонија од Буџетот за 2006 година ќе издвои по 1 денар на

откупена пченица за 2005 година. Значи средствата се доделуваат во почетокот на 2006 година.

Во однос на договор со мелничарите, дали Владата има договор со мелничарите за исплаќање на уште 1 денар, веднаш да кажам, нема договор и нема да има писмен договор, бидејќи Владата нема ингеренции да склучува такви договори, или да им наложува на мелничарите тоа да го направат. Ние тоа го правиме со разбирање со мелничарите, со тоа што им нудиме релативно добри поволности на мелничарите и заради тие поволности им нудиме и тие да имаат разбирање, да дадат уште по еден денар. Поволностите се најглавните, јас не можам да ги спомнувам сите, бидејќи се повеќе. Една од главните поволности е тоа што е забрането безцарински увоз на пченица во Република Македонија, а тоа е за да се потроши домашното. Исто така забрането е и увоз на брашно. Значи и на брашно и на пченица е забрането секаков увоз од било која земја, без царина, за да можат мелничарите полесно да ја исплатат пченицата односно да дадат уште еден денар за пченицата, бидејќи не се работи за целата пченица. Голем дел од пченицата мелничарите ја имаат платено и под 9 денари. Меѓутоа, има еден дел кој е платен по 8 денари. Значи, сметаме дека објективно можат тоа да го направат и затоа така се водат преговорите. Значи ние не можеме да им наложиме дека тие тоа мора да го направат, меѓутоа бараме компромис како тоа да го направиме. Државата со своите надлежности што ги има прави поволности и од тие поволности моеже да произлезе да можат да дадат уште по еден денар.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Џамбазовски.

Господине Србиновски дали сте задоволен од одговорот, или сакате да поставите дополнително прашање?

Има збор пратеникот Србоновски Илија.

**Илија Србиновски:** На збор се важи. Меѓутоа колку што јас имам информации, мелничарите немаат склучено никаков договор со Владата на Република Македонија и тие на тој збор нема да опстојат. Колку што јас знам, бидете сигурни, го кажувам јасно од оваа говорница дека не можат тие да платат еден денар затоа што не се сигурни колку ќе обезбеди Владата, дали ќе увезат толку жито или онолку жито и по каква цена. Значи, штом се нема договор нема да обезбедат денар или 1,5 денари мелничарите, затоа што немаат такви услови за да обезбедат. Според тоа, од одговорот на прашањето не сум задоволен.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Продолжуваме понатаму.

Следен за поставување на прашања е пратеникот Лилјана Поповска.

Повелете госпоѓо Поповска.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господине потпретседателе, почитувани министри, почитувани колеги,

Сакам да поставам три прашања од обласа на здравството, финансиите и правда, па би ги молела претставниците од тие три министерства за одговор.

Прво одам со прашањето за здравство.

Ме интересира до каде е реализацијата на Програмата за превенција на болести на репродуктивните органи. Тоа е програма што е донесе Владата врз база на претпоследните измени на Законот за здравствена заштита, со што превентивната програма и превенцијата на болеситите на репродуктивните органи кај жените ја внесе како задолжителен дел за кој државата треба да ги обезбеди средствата. Тоа е голем чекор напред и верувам дека конечната реализација ќе значи искоренување во голема мерка на болестите на репродуктивните органи кај жените кои се многу почести во споредба со други земји.

Прашувам до каде е реализацијата на оваа програма затоа што имам информации невладиниот сектор поточно од една коалиција на женски организации што ја предводи Организацијата на жени од Свети Николе што подолго време, напрвин кампања за воведување на бесплатните гинеколошки прегледи во закон, а подозна води и мониторирање на реализацијата на оваа Програма. Таа е спонзорирана од Шветска фондација. Имам информации од нив дека реализацијата на оваа програма е со различно темпо. Има региони и градови во Македонија каде жените можат да ги добијат бесплатните геniколошки прегледи, а има градови, места, лекари и ординации кои одбиваат тоа да го сторат. Така што тие ме замолија да го поставам прашањето за да добиеме официјална информација како се спроведува програмата, дали има некои проблеми, колкав е опсегот до сега и што се планира во иднина.

И едно посебно потпрашање во врска со ова.

На кој начин ќе се спроведува оваа Програма за превенција, сега по приватизацијата на гениколошките ординации. Ова посебно ме интересира и мене како жена, исто така и колешките од невладиниот сектор, кои се грижат за тоа, така што тоа е една конкретна ситуација која на крај ќе треба да се решава.

Прашањето, меѓу останатото го покренувам и за тоа, на некој начин да може лекарите кои се задолжени да ја спроведуваат програмата, да добијат некакви, можеби јавни упатства и сугестии дека тоа треба и на кој начин да постапуваат, затоа како што реков, во одредени ординации одбиваат да ги прават прегледите, така како што е зацртано со Програмата. Тоа е првото прашање.

Второто прашање е до министерот за финансии, а се однесува на т.н. ПИП, тоа е Програма за инвенстирање во јавниот сектор. Тоа е еден стратешки документ, многу значаен за државата

што со години по ред се прави, на две години се ажурира.

Ме интересира кој во моментот е задолжен во Министерството да го прави тоа, на каков начин се ажурира, со која методологија, затоа што имам впечаток како тој документ на некој начин да нема некоја голема јавност, ниту афирмација на она што значат неговите придобивки. Инаку, само да кажам дека Програмата за инвестирање во јавниот сектор е стратешки документ кој е многу важен во процесот на добро буџетирање и на управување со јавните финансии. Меѓутоа, тоа е програма што мислам дека би требало да биде што повеќе изложена на јавност и на некој начин да се овозможи на разни субјекти да ссе вклучат во поддршка на реализација на сегменти на таа Програма. Се работи за големи проекти за кои еден подолг период се бара и финансиска поддршка и од надвор, затоа што не може државата секогаш сама да обезбеди финансии. Во таа смисла добре дојдено е лобирањето и поддршка, како што реков на различни субјекти.

Како пратеник ме интересира, до каде е ПИП-од, кога последен пат е ажуриран, кој го ажурирал, на кој начин и со која динамика тоа се врши.

И последното прашање е до министерката за правда, а во врска со проблемот што настана со Компанијата "НОВ-Компани", што настана пред неколку години. Тоа беше, да потсетам, Компанија која се нафати да гради станови. Голем број на наши сограѓани уплатија станови, се работи за бројка од околу 150, меѓутоа на некој начин останаа измамени, не реализирана беше таа уплата, становите не беа изградени и се влечи повеќе години судска постапка.

Имам барање и прашање поставено токму од граѓаните кои се чувствуваат измамени и кои не знаат каде да се обратат, биле по разни институции, имаат наводно позитивен одговор и Правобранителот, уште претходниот правобранител. Меѓутоа има укажување до соодветната институција да ја спроведе постапката, но конечен одговор и расплет нема. Ме интересира дали Министерството за правда е запознаено со овој случај, дали има некои нови елементи затоа што граѓаните не знаат веќе каде да се обратат и што да прават.

Тоа би биле моите три прашања.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Поповска.

Првото прашање беше упатено до Министерството за здравство.

Јас во текот на седницата известив дека од Министерството за здравство сме известени дека денес не може да присуствуваат и ќе добиете писмен одговор.

Второто прашање е упатено до Министерството за финансии.

Повелете господине министре имате збор.

**Никола Поповски:** Одговорот е краток, јасен и многу прецизен.

Така наречениот ПИП се изготвува од страна на Министерството за финансии и се предлага на Владата на Република Македонија, која го усвојува.

Прашањето, кој го изготвува во Министерството за финансии, ако сака госпоѓата Поповска тоа ќе и го соопштам по седницата, бидејќи не е добро имиња на државни службеници кои изготвуваат, да ги соопштувам и нема никаква потреба од тоа.

Зад предлогот кој оди на Влада стојам јас како министер за финансии, согласно Законот.

ПИП-от го донесува Владата еднаш годишно. Тој се ажурира на почетокот на секоја година, на база на три години нанапред со т.н. ролање. Значи оваа година го донесовме 2005-2006 и 2007 година. На почетокот на 2006 година ќе го ажурираме со 2008 година. На почетокот на 2007 година со 2009 година. Значи секогаш е однапред за три години, по пат на ролање.

Тоа е индикативен план согласно остварените проекции на Буџетот и на јавните претпријатија и на јавните фондови вклучувајќи ги и јавните претпријатија на општините и буџетите на општините. Значи вкупниот јавен сектор се прават проекциите на финансиската конструкција, ако има најави за донации тие се калкулираат за оние за кои Владата или јавноста има волја од јавните институции а не се обезбедени средства, се ставаат како индикативни и отворени за обезбедување на средства во иднина. Дали тој план се промовира во јавноста, планот секогаш е достапен на веб сајтот на Министерството за финансии и тоа е документ од околу 200 страници. Секој кој сака може да го види на веб сајт. Го имаме и на македонски и на англиски го дистрибуираме и на партнерите кои учествуваат во кредитирање во целиот свет.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министре.

Госпоѓо Поповска дали сте задоволна од одговорот или сакате да поставите дополнително прашање?

Има збор пратеникот Поповска Лилјана.

Повелете.

**Лилјана Поповска:** Му благодарам на министерот. Донекаде одговори, меѓутоа ги кажа општите места кои што во најголем дел јас ги знам, меѓутоа јас да појаснам. Немав намера да прашувам која личност го прави ажурирањето меѓутоа кој сектор е задолжен за ажурирање на типот и по која методологија се работи затоа што имаше пред извесен број години и одреден проект, ако не се лажам од ФАРЕ програмата поддржан, поддржан за посебна методологија на стратешко планирање за изготовка на типот каде што се правеше стратешко планирање во секое од министерствата, а потоа на ниво на држава се усогласуваа тие планови за да се добие на крајот еден документ во кој што ќе бидат издвоени сите проекти што се од стратешки интерес и приоритетен интерес за државата. Значи мене ме

интересираше кој сектор и дали се прави стратешко планирање во секое министерство посебно затоа што идејата на ФАРЕ програмата порано беше токму тоа да се обучиме, да не правиме списоци на желби туку да правиме стратешко планирање во секоја област посебно. Така што тука ме интересираше дали тоа се прави, на кој начин и една конечна сугестија за поголема јавност, сепак би дала затоа што мислам дека тоа е добро да се афирмира, добро е да се знаат сите тие работи, се разбира тоа постои на веб сајтот, знам, но уште еднаш мислам дека една поголема афирмација на некои приоритети не би била на одмет.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Поповска.

Третото прашање е до Министерството за правда.

Има збор заменик министерот за правда, господинот Субхи Јакупи.

Повелете господине Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Спорот е за судска постапка, а се знае дека судовите ги сметаме како трета власт и независна власт, ние како ресорно Министерство можеме само да бараме податоци до каде е таквата постапка. Писмено ќе одговориме на поставеното прашање.

**Слободан Најдовски:** Колку што разбрав ќе добиете писмен одговор на ова прашање.

Следна за поставување на пратенички прашања е пратеникот Милка Митковска.

Повелете госпоѓо Митковска.

**Милка Митковска:** Прашањето е адресирано до Министерството за надворешни работи, а се однесува на случајот Мијалче Богданов кој беше уапсен од страна на грчката полиција и притворен, а потоа осуден на 8 години затвор.

Прашањето гласи: дали Министерството за надворешни работи превзела некои мерки и какви доколку презело, ако не, дали има намера да преземе и што конкретно ќе преземе. Образложение. На 21 јануари 2002 година возачот на штипски Балкан Експрес Мијалче Богданов беше уапсен од страна на грчката полиција во непосредна близина на Солун и притворен. Причината на апсењето е тоа што полицијата во возилото на Богданов пронашла еден килограм хероин. По 15 месеци Богданов е изведен пред суд на кој силно се веруваше дека сведоците и неговата одбрана ќе го ослободат од обвинението за кое не е виновен, а се случи токму спротивното.

Неговите сведоци не се појавија на судското рочиште а се појавија ново именуваните раководители на фирмата Балкан Експрес кои не му помогнаа бидејќи не беа запознаени со случајот додека грчката полиција односно полицајци во својство на сведоци го потврдија обвинението и обвинетиот беше осуден на 8 години затвор, иако за волја на вистината Богданов не учествува ниту во утоварот на возилото ниту пак управувал со возилото се до граничниот премин односно меѓу граничниот премин Богородица.

Имено, до тука со возилото управувал друг, а самиот Богданов се наоѓал веќе во Грција и се враќал од Грција со истоварена роба. Тоа е роба од Железарница Скопје односно одделот за Валалница пренесувајќи лим за Италија преку Грција. Така што веднаш по заминувањето од меѓуграничниот премин Богородица бил фатен од грчка полиција, претресен и во неговото возило е најдено хероин. По 15 месеци Богданов е изведен пред суд на кој реков се верувало дека ќе се ослободи но еве се случува спротивното. На самиот судски процес обвинението беше преиначено. Имено наместо да биде обвинет за пренесување и продажба на дрога кое не е докажано обвинителот го обвинува Богданов за невнимание односно обвинение зошто не видел дека во неговиот камион имало подметнато дрога. Како и да е тој сеуште е во затвор, а неговото семејство е загрижено за неговата судбина и за сопствената егзистенција. Виновникот слободно се шета, шверцерскиот канал не е прекинат и понатаму функционира што е и основна причина за тоа што се обраќаме кон Министерството за надворешни работи.

Во потрага за правда сопругата на обвинетиот се обратила до Хелсиншкиот комитет, до Советот на Европа во Скопје, барала прием кај Министерството за надворешни работи, до кое во април оваа година има поднесено и молба за да биде проследен овој процес и да допринесе во разрешувањето на овој немил, неправичен и нехуман настан.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Митковска.

Има збор заменик министерот за надворешни работи господинот Фуад Хасановиќ.

Повелете господине Хасановиќ.

**Фуад Хасановиќ:** Благодарам господине потпретседателе. На прашањето на пратеничката ќе одговориме во писмена форма бидејќи се работи за конкретен случај, не сум во можност сега во моментов да дадам преглед на конкретните активности на Министерството.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Следен за поставување пратенички прашања е пратеникот Јордан Михајловски.

Повелете господине Михајловски.

**Јордан Михајловски:** Почитуван потпретседател, почитувани претставници на Владата на Република Македонија.

Со оглед на краткото време ќе поставам две кратки прашања.

Едното до Министерството за економија, а второто до Министерството за труд и социјална политика.

Првото прашање е до Министерството за економија. Со последната рата што е уплатена на

тендерот за продажба на рудникот Тораница деновиве од заинтересираната американска компанија се заокружуваат тенденрските услови за продажба на рудникот Тораница во Крива Паланка. За значењето на рудникот нема да зборувам, со оглед на тоа дека општината Крива Паланка и Ранковци се едни од најнеразвиените општини во Република Македонија.

Ќе поставам прашање до Министерството за економија, дали ги следи активностите околу активирањето на рудникот Тораница. Дали од американската компанија веќе има поднесено бизнис план и во која насока ќе течат активностите за што поскоро ефектуирање на рудникот. Тоа е првото прашање.

Второто прашање до Министествотото за труд и социјална политика. Се работи за следново. Во Република Македонија се регистрирани околу 420 трудови инвалиди кои до пред извесен период добиваа надокнада од околу 2400 денари. Истото го добиваа и 20-тина трудови инвалиди од општината Крива Паланка. Незнам под кои услови и по кои околности е укинато ова право. Прашувам, дали Министерството за труд и социјална политика размислува да ја преиспита оваа одлука доколку е донесена таква одлука за укинување на ова право, со оглед на тоа дека оваа категорија на граѓани своето право го остваруваат до пензионирање. Прашувам, дали има шанса ова право веќе востановено право кое постоеше во Република Македонија 15-тина години наназад, повторно да се остварува?

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Првото прашање е до Минстерството за економија. Немаме претставник.

Второто прашање е до претставникот на Министерството за труд и социјална политика.

Го повикувам министерот, или заменикот да влезат во салата.

Тогаш, ќе добиете писмен одговор и на двете поставени прашања. Молам, преставниците на Владата, на министерствата да влезат во салата. Имаме уште неколку прашања за поставувања.

По однос на второто прашање до Министерството за труд и социјална политика, се однесува на трудовите инвалиди во Крива Паланка. И вие рековте дека ќе се одговори писмено.

Има збор Стевчо Јакимовски.

**Стевчо Јакимовски:** Ова прашање е одговарано повеќе пати. Трудовите инвалиди добивале по 2000, а потоа е зголемено минатата година на 2400 денари врз основа на одлука на Влада која што одлука на Влада била тие средства да ги добиваат во следни три години. Со оглед на тоа не само што поминале тие три години, поминале уште седум други години во кои што тие ги добивале овие 2000, односно 2400 денари. За да можеме да донесеме нова одлука тие средства мора да бидат билансирани во Буџетот на Министерството за финансии. Министествотото за финанси негативно се изјасни по ова барање имајќи во предвид дека нема никаков законски основ, имајќи во предвид дека таа одлука веќе седум години не важи. И тоа е одговорот што и досега сме го дале и на трудовите инвалиди и еве, повторно го даваме овде во Парламентот. Значи, повторувам, тие средства имала обврска Владата да ги исплаќа три години, Владата ги исплаќала уште наредни седум, вкупно 10 години и нема никаква законска обврска натаму да се продолжи со исплаќање на овие средства. Инаку, за ваша информација, за овие трудови инвалиди ние побаравме да направиме нова здравствена проверка на тие лица од околу 400 лица само 12 се одзваа на покана да се направат дополнителни здравствени проверки за да се утврди дали тие и натаму се трудови инвалиди.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Јакимовски.

Господине Михајловски, дали сте задоволен од одговорот, или саката да поставите дополнително прашање?

Има збор пратеникот Јордан Михајловски.

**Јордан Михајловски:** Дополнително прашање со оглед на тоа дека одговорот е малку двосмислен, со оглед на тоа дека Владата се одлучила на некоја проверка на здравствената состојба, тоа значи дека размислува доколку има таква категорија нешто конкретно и да направи. Ние сме социјална држава, добро е да размислува Владата, ако веќе така размислува претставникот од Министерството за труд и социјална политика, доколку има таква категорија се подвргнува на прегледи и таква категорија веќе се востанови во број да го остваруваат правото, да се најде начин.

**Слободан Најдовски:** Има збор господинот Стевчо Јакимовски.

**Стевчо Јакимовски:** Да, во Уставот стои дека Република Македонија е социјална држава, затоа што е социјална држава Буџетот на Република Македонија дотира во пензиите 29,3% затоа што е оваа социјална држава Буџетот на Република Македонија издвојува 6,5 милијарди денари годишно за покривање на трошоците на Агенцијата за вработување по основ на технолошките вишоци. Инаку, за Ваша информација само 20% од трошоците ги покрива придонесот за осигурување во случај на невработеност и исто така ги покрива сите трошоци по основ на здравственото осигурување на сите оние лица кои што се невработени во Република Македонија. Бидејќи е оваа социјална држава, исто така ги покрива трошоците на 68.000 семејства кои што се социјално загрозени во Република Македонија. Меѓутоа, барањата по основ на проширување на одредени права одат до бескрај и нормално дека одредени права кои што немаат законски основ не може и натаму да се прошируваат.

**Слободан Најдовски:** Следен за поставување пратенички прашања е пратеникот Ристо Пејоски.

**Ристо Пејоски:** Ќе поставам три прашања. Првите две прашања се до Министерството за

здравство. Првото прашање веќе еднаш го поставив. Бидејќи не добив одговор, одново го поставувам. На 1 март 2004 година е донесено дополнувањето на Законот за здравствена заштита во кое е дозволена дополнителна дејност за докторите за медицина од 8 часа неделно во институциите на приватниот и јавниот сектор. Притоа, со завршните одредби законодавниот дом го задолжи ресорниот министер за здравство во рок од 6 месеци да донесе правилник или други подзаконски акти за примена на законот, со цел тој поефикасно да се реализира. На 1 септември 2004 година истекоа шест месеци од тогаш, а од тогаш уште една година и нормално сеуште не е донесен правилникот. Во разговор со експерти оваа одлука на недонесување правилник за законски акти се користи од разни економски, политички и други причини, но сепак, тоа не го спречува применувањето на законот во општа форма. Претставката на Асоцијацијата на приватни доктори до Уставниот суд е отфрлена на 27 април 2005 година, а тоа беше изговор за недонесување на подзаконските акти.

Прашањето е, кога ќе се донесат овие подзаконски акти. И едно потпрашање директно е асоцирано од првото, го поставувам до Владата. Владата да ми одговори со список преку своите служби, кои закони имаат слична судбина, односно недонесени подзаконски акти. Добивањето на ваков список би ја зголемил парламентарната соработка со Владата и имплементацијата на законите.

Второто прашање е до Министерството за здравство. Кога ќе се донесе Законот за евиденции во областа на здравството. Зошто е битно тој да се донесе? Бидејќи евиденциите служат како извор на податоци за статистичките истражувања во областа на здравството што се од интерес за целата држава. Истите се користат за следење и проучување на здравствената состојба на населението, за програмирањето, како и планирањето, односно превземањето мерки во областа на здравствената заштита. За научно-истражувачка дејност, исто така во здравството, за потребите на локалната самоуправа, за потребите на одбраната на земјата, за известувањето на јавноста, за извршувањето на меѓународните обврски во областа на здравството и други потреби.

Потпрашање кое произлегува од претходното, дали во Министерството за здравство постои проект за информационен систем во здравството кој ќе обезбеди единственост на системот, точност, навременост и потполност на податоците. Доколку постои таков проект, кога можеме да очекувме да почне неговата реализација.

И третото прашање е до министерот за внатрешни работи. Луѓето живеат во сиромаштија на која оваа Влада сериозно не и се спротивставува. Неподносливоста на живеењето ја надминуваат со напуштање на државата, особено категоријата на продуктивното население, гледајќи единствена надеж во европските и прекуокеанските земји. И покрај неможноста слободно да отпатуваат наоѓаат разни начини да ја напуштат сопствената држава за да обезбедат егзизстенција.

Моето прашање гласи: Немоќта на Владата да обезбеди социјална сигурност на граѓаните на Република Македонија како се одразува на бројот и структурата на иселените граѓани во последните 10 години или поинаку: Колку граѓани на Република Македонија ја напуштиле државата подолго од три месеци, каква е нивната полова, старосна, национална и квалификациона структура. Колку граѓани побарале друго државјанство, но и колку лица добиле македонско државјанство во истиот период, мислам на десетте години и каква е нивната национална, полова, старосна и квалифиакциона припадност. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Пејоски.

За првите две прашања, кои се упатени до министерот за здравство, ќе добиете писмен одговор.

Во однос на третото прашање министерот за внатрешни работи, господинот Михајловски бара збор.

**Љубомир Михајловски:** Благодарам.

Почитуван пратеник, ќе добиете писмен одговор, бидејки многу податоци барате и во моментот не ги знам, не можам да ви ги кажам. За кратко време ќе добиете одговор.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Следен за поставување пратенички прашања е пратеничката Наташа Биковска.

Повелете госпоѓо Биковска.

**Наташа Биковска:** Благодарам потпретседателе.

Имам две прашања до министерот за здравство и едно прашање до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Неодамна на електронските медиуми ја слушнавме изјавата на директорот на Бирото за лекови за идеата да се воведат еднакви цени на лековите и печатење на бандероли на секој лек. Познавајки ги ефектите кои ќе произлезат, односно отстранување на редови на пациенти од аптеките, можноста и право на пациентот да одбере лек по свој избор од кој производител сака, како и оневозможување на монополски однос и условување на одредени веледрогерии на дистрибуцијата на лековите, моето прашање е:

Кој е предвидениот рок ова да профункционира и дали до сега Министерството се судира со некои пробелми и бариери за реализација на овој навистина значаен проект и не можам а да не потсетам, во контекст на ова прашање, што презема Министерството за да профункционира институтот лекарски рецепт.

Второто прашање, исто така, е до Министерството за здравство. Иако го имаме искуството од трансформацијата на

Стоматологија, кое во најголем дел ќе се преслика на примарната здравствена заштита, секоја реформа си ги носи своите специфики, па и ова има свои невралгични точки. Во сите дискусии на пратениците по измените на Законот за здравствена заштита, посебно внимание беше посветено на значењето од идното функционирање на итната медицинска помош што недвосмислено е одек на гласот на граѓаните и е можеби главен предуслов и гарант за да се спроведе успешно, без турбуленции, реформата во примарното здравство. Факт е дека е потребна анализа на евиденцијата на итните случаи, која се води во секоја здравствена установа, разгледување на сите други околности на секое населено место, ревизија на опремата, па дефинирање на мрежата на Службата за итна медицинска помош. За ова е потребно, се разбира, стручен тим, кој верувам дека одговорно ќе ја сработи својата работа, но моето прашање е:

Каква организациона псотавеност на итната медицинска помош мисли Министерството да предложи и дали би можела да се реализира идеата за формирање на главна централна итна служба, регионални итни центри и истурени пунктови и во тие населени места каде што до сега немаше итна медицинска служба.

И третото прашање: Стечајната постапка на "Малеш-Експорт", поранешен Агрокомбинат "Малеш" е отворена во далечната 1998 година и сеуште трае. Но сеуште целокупното плодно и обработливо земјиште не е со одлука на суд префрлено во сопственост на државата, а се работи за огромна површина односно целото Малешевско поле. Поради тој факт ресорното Министерство не може да го огласи земјиштето за земање под закуп од страна на заинтересирани граѓани или акционерски друштва и приватни фирми.

Од друга страна, стечајниот управник го има поделено најплодното земјиште на свои блиски пријатели и лица од доверба, а потоа наспроти сите законски прописи со поедини трговци меѓусебно ги делат материјалните добра од реколтата.

На оваа ситуација, која со години се провлекува, до сега не реагирале соодветните инспекциски служби. Прашувам:

Што ќе преземе Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за оваа состојба, за која со право реагираат засегнати граѓани кои не можат да го остварат своето право согласно Закон и сите граѓани кои се против криминалното богатење на поединци, а истите граѓани би можеле легално да бидат работно ангажирани.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Првите две прашања се до Министерството за здравство и ќе добиете писмен одговор.

Третото прашање е упатено до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Има збор заменик минситерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, господинот Санде Џамбазовски, повелете.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам потпретседателе.

По Законот за земјоделско земјиште сите претпријатија кои одат под стечај се должни државното земјиште да го вратат назад во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. земјоделство, шумарство и водостопанство. Во дадениот случај немаме информација дали е вратена од страна на стечајниот судија и стечајниот управник земјиштето. Стечајниот раководител односно стечајниот управник има право да дава државно земјиште под закуп на друго лице. Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство уште утре ќе преземе мерки и тоа со Земјоделската инспекција ќе излезе на лице место на терен и ќе ги провери сите дејствија во однос на користење на државното земјиште и ќе преземе мерки, односно соодветни законски мерки против прекршителите на оние кои го давале државното земјиште под закуп. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Госпоѓо Биковска, дали сте задоволна од одговорот на прашањето или сакате да поставите дополнително прашање?

Има збор госпоѓа Наташа Биковска, повелете.

**Наташа Биковска:** Задоволна сум од одговорот, секако.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Одиме понатаму.

Има збор за поставување пратенички прашања пратеникот Силвана Бонева.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам потпретседателе.

И трите прашања се упатени до Владата на Република Македонија.

Првото прашање го добивме сите пратеници преку пратеничка пратка на 6.06.2005 година и бидејќи до сега не беше поставено од страна на колегите, чувствувам обврска за фирмата "Ирена" доо - Скопје од село Злокуќани да потсетам. Имавме доставено пообемен материјал, дури и фотографии од објектите на оваа фирма.

Прашањето е до Владата на Република Македонија да ни образложи кои мерки ги презела таа за расветлување на случајот "Ирена".

Имено, за што се работи? Фирмата "Ирена" од Скопје беше на прагот на отворање на современ погон за производство на природни сокови, за што со свои средства изградила производна хала од 1000 м2, деловен простор, енергана, пристапни сообраќајници и останата инфраструктура, за што инвестирала блиску еден милион евра во 1996 година. Како прилог на тоа имавме фотографии од погоните кои се направени и пристапните објекти.

Заради заокружување на технолошката линија на фирмата и било одобрено користење на кредитна линија на Светската банка преку Комерцијална банка А.Д - Скопје во вредност од 800 илјади евра, но веднаш наишле на перманентна опструкција од високите кругови на банката, како и структурите на валста во тоа време, што и во моментот е иста. Користењето на кредитната линија било грубо прекинато со огромни последици по фирмата и нејзиниот сопственик. Фирмата "Ди Лојд Туш" од Лондон извршила ревизија на севкупната документација на фирмата "Ирена".

Бидејки и тогаш и сега како што кажав истата структура е на власт, ме интересира што стои во тој Извештај, што се случило со кредитот на Светската банка, кој што е одобрен за фирмата "Ирена", каде завршиле парите кои се наменети за заокружување на технолошката линија на фирмата за производство на сокови и кој е одговорен за тоа што скоро 10 години, наместо да работи, стои мртов еден современ погон за производство на сокови и наместо сопственикот да си ги поврати парите, тој стана социјален случај, а камоли да видат ќар вработентие односно работниците, да заживеат што поголем број семејства од оваа инвестиција. Тоа е првото прашање.

Второто прашање е упатено исто така до Владата на Република Македонија, да даде одговор колкав е точно долгот што го има направено Србија и Црна Гора, тогашна Сојузна Република Југославија, за авионските прелети низ македонскиот воздушен простор. Имено, во 1992 година со важност до 1996 година е направена Спогодба меѓу Министерството за транспорт и врски и Сојузното Министерство за урбанизам, сообраќај и екологија на Југославија. Според овој документ, поради недоволната опременост на Скопскиот Аеродром, нашите власти се согласиле сите авионски прелети на височина од 7 илајди метри во макеоднскиот воздушен простор да ги преземе Белградската обласна контрола за летање.

Во Спогодбата поради значењето на воздушниот коридор Север-Југ било предвидено југословенските власти на секои три месеци да доставуваат податоци на нашето Министерство за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија за сите извршени прелети, во исто време да го подмируваат и делот од парите што ги добиваат тие за прелети од авиокомпаниите кои и плаќале на Сојузна Република Југославија за користење на нашето македонско небо.

Во 1994 година Сојузна Република Југославија само со усна согласност најавила дека ќе и префрли на државата околу 25% од сумата што ќе ја собира од прелетите над Македонија и бидејки до денес, колку што можевме да се информираме од медиумите, нема наплатено ништо од страна на Србија и Црна Гора.

Прашањата се поставени до Владата на Република Македонија или до Министерството за транспорт и врски, да каже колкав е тој долг и на кој начин мислат да го намират долгот кон државата Република Македонија што го има Србија и Црна Гора.

Третото прашање: Пред неполна недела премиерот на Република Македонија во своето излагање пред Собраниеот на Република Македонија по повод Интерпелацијата на Владата, категорично изјави дека во составот на Компанијата за дистрибуција и снабдување со електрична енергија не постојат мали хидроелектрични централи, што значи дека при продажбата на Компанијата за дистрибуција и снабдување со електрична енергија воопшто не се продаваат и малите хидроелектрични централи. Ќе цитирам само дел од стенограмот. "Глупости е да тврдите дека со Дистрибуцијата ќе ги продаваме десетте мали електрани. Прво го одвоивме МЕПСО, тоа ни беше преносот, па сега ја одвоивме Дистрибуцијата и формиравме ново Електростопанство на Македонија, електраните. Таму се овие десет мали електрани, така што немојте да ширите лажни податоци". Тоа ни беше одговорено, а немавме можност после него да го кажеме нашето мислење за ваквото нешто.

Овие изјави на премиерот сметаме во најмала рака дека се лажни и непроверени, бидејки во состав на Компанијата за дистрибуција и снабдување со електрична енергија постојат следните мали хидроелектрични централи: "Матка", "Калиманци", "Песочани", "Пена", "Дошница", "Сапунчица", "Зрновци", "Турија", системот од 4 мали хидроелектрични централи на Попова Шапка: "Богомила", "Белица", "Модрич". Имено, 7 од малите хидроелектрични централи што се во состав на Компанијата за дистрибуција и снабдување со електрична енергија и тоа Хидроелектричната централа "Матка", натаму "Калиманци", "Песочани", "Пена", "Дошница", "Сапунчица" и "Зрновци" со рок - договор се дадени под концесија на 11 години на Чешката компанија "Хидропол", почнувајки од февруари 2002 година. Оваа Компанија треба да изврши ревитализација на мали хидроелектрични централи, да оперира со нив до 2013 година и да ги врати во сопственост на Компанијата за дистрибуција и снабдување со електрична енергија.

Земајки предвид дека овие хидроелектрични централи се релативно нови или ќе бидат ревитализирани со рок-договорот, истите вкупно даваат електрична енергија и чинат приближно колку и хидроелектричната централа "Козјак", која ја чинеше државата 180 милиони долари.

Прашањето гласи: Премиерот треба јасно и недвосмислено да одговори дали во составот на дистрибутивната компанија Владата планира да ги продаде и малите хидроелектрични централи, како и дали премиерот чувствува морална одговорност за искажаните лаги пред целата македонска јавност за време на Интерпелацијата на Владата.

Благодарам.

110/43.-

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Соглед на тоа што сите три прашања ви се поставени до Владата, дали се согласувате да добиете писмен одговор? (Да)

Во ред, ќе добиете писмен одговор на поставените рпашања.

Следен за поставување пратенички прашања е пратеникот Цветанка Гашоска.

Повелете госпоѓо Гашоска.

**Цветанка Гашоска:** Благодарам потпретседателе.

Изгледа јас ќе останам да чекам писмени одговори. Како и да е, моето прво прашање е упатено до Министерството за економија.

Околу 1700 вработени во "Отекс", Охридскиот текстилен комбинат и некогашен гигант, прашуваат каква е нивната судбина, а сегашната состојба е ваква: 4 години немаат сини картони, значи не им е платен придонесот за здравствено осигурување, а не им е платено ниту пензиското и инвалидско осигурување, додека работат за минимална плата, почесто или многу често прекувремено.

Второто прашање е до Министерството или минситерот за здравство.

Граѓаните на Република Македонија имаат право на избор на матичен лекар во местото на живеење или во местото каде што работат. Но има категорија на граѓани, а не е мала и не е за потценување, бидејки тоа се најчесто пензионери кои живеат по неколку месеци па и повеќе, на пример, во Охрид што е често случај. Тоа е многу карактеристично и за летниот период. Тие немаат право да бараат здравствена заштита кај избрани лекари, туку во Службата за итна медицинск апомош. Но услугите во итната медицинска помош се еднократни, а пациентите не можат да добијат и рецепт за да подигнат лекови.

Прашањето е:

Дали може да се реши овој хроничен проблем со граѓаните на Република Македонија кои неколку месеци во годината живеат во други градови од Републиката.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

И сами рековте, ќе добиете писмен одговор, немаме претставници од оние до кои поставивте прашање.

Следен за поставување пратеничко прашање е пратеникот Марјан Ѓорчев.

Повелете господине Ѓорчев.

**Марјан Ѓорчев:** Господине потпретседателе, почитувани господа минситри, дами и господа пратеници.

Јас имам три прашања, двете се упатени до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и едното е упатено до Министерството за образование и наука.

Првото прашање е во врска со забраната на спортскиот и воопшто риболовот во Дојранското Езеро. Риболовот е забранет, меѓутоа, се случува парадоксална ситуација, луѓето кои сакаат да рибарат односно спортските риболовци да ја преминуваат македонско-грчката граница и ловат риба на територијата на Дојранското Езеро што се наоѓа во Грција, што навистина претставува парадокс.

Тука Министерството навистина мора да преземе мерки во тој дел што значи спортски риболов во делот на она што претставуваше мерката зачувување и обновување на рибниот фонд во Дојранското Езеро. Тоа мештаните го забележуваат и едноставно во тој дел Министерството треба веднаш да интервенира и во таа насока да ги испита можностите.

Прашањето е дали е можно да се дозволи спортски риболов бидејки тој се врши на територијата на Дојранското Езеро само од Грчка страна, да се врши на територијата на целото Дојранско Езеро и од македонска страна.

Второто прашање е исто така упатено до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Сведоци сме дека во отсуство на нормативни акти во текот на воспоставувањето на договорените кооперантски односи на територијата на Република Македонија кога приватизираните винарски визби сеуште во ерата на див капитализам работат на начин кој што е несвојствен на една би реккол правна држава и не работат со потпишани договори, дали државата барем во делот на она што претставува нејзина дејност, преку владини активности, соседните држави, пред се, Бугарија, која што има недостиг на столно и винско грозје и Хрватска, може во договор со Владините на тие земји, да обезбеди контингент од 40-50 милиони килограми грозје или вино што би можеле во брза постапка да го откопат од Република Македонија и притоа, да се реши проблемот со откупот на грозје кој што не е конкурентно за македонските винари, пред се, смедеревката, белото грозје и вино и

Второ, ќе се добие поголем девизен износ во година кога повторно искажуваме трговски дефицит.

Прашањето е, што Владата презема во таа насока, а тоа треба брзо да се преземе во овие 20-тина дена со Владите на Бугарија и Хрватска да се обезбеди пропузија на македонското вино и грозје.

Третото прашање е до Министерството за образование и наука во делот на спортот. Свидетели сме дека спортот во Македонија пропаѓа, а спортот е најголемиот амбасадор во Република Македонија. Со постојниот закон не се обезбедува егзистенција на ниеден спортски сојуз, а тоа значи, деградација на младото поколение, деформитети, психолошки и разни други недостатоци. Во таа насока, што станува со

она што претставуваше заложба за нов закон за спорт, во кој што на еден современ и европски начин ќе бидат регулирани некои нови одредби во законот во кој што ќе се применуваат европски стандарди во финансирање на македонскиот спорт.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Првото прашање е упатено до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

На тоа ќе одговори господинот Џамбазовски, заменик минисер во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Санде Џамбазовски:** Секогаш кога се донесуваат одлуки за дозволување за ловење риба во сите акумулации и езера, а во конкретниот случај, прашањето е за Дојранското Езеро, покрај Минисерството, како носител на таа активност, се прават консултации со Минисерството за животна средина и просторно планирање и со научните институции кои се резорни, односно задолжени за таа работа, како што е Сточарски институт, како што е Хидрометеоролошкиот завод, Земјоделски факултет итн., и апсолутно се сложувам дека сите активности во однос на забрана и дозволување треба да се усогласуваат и со Грција, бидејќи се работи за едно исто езеро и кога не би имало изедначеност во целата таа работа, нема да има ефект.

Затоа, ќе ја испитаме можноста, бидејќи почитуваниот господин Ѓорчев, праша дали може да се преиспита можноста, ќе ја преиспитаме можноста во однос на тоа дали може да се дозволи спортски риболов. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Господине Ѓорчев дали сте задоволни од одговорот или сакате да поставите дополнително прашање.

**Марјан Ѓорчев:** Ќе контактираме со Министерството, ќе видиме што станува, затоа што сугестијата на граѓаните од Дојран е дека би требало да се рибари на територијата на целото езеро, спортски, се разбира.

**Слободан Најдовски:** Второто прашање исто така е до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Има збор заменик министерот Санде Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам претседателе, сега сме во екот на бербата на грозјето и нормално е да има одредена загриженост околу бербата на грозјето и пласманот и преработката на грозјето. До денешниот ден, некаде над 60% од грозјето е обрано и е сместено во подрумите. Зборувам за винското грозје. Покрај подрумите во Република Македонија, кои што купуваат грозје, за сега купуваат сите, значи нема престанато ниту еден подрум да откупува грозје. Значи откукпот во овој момент тече нормално и нормално е сите производители сакаат да го продадат што побрзо грозјето. Меѓутоа, капацитетите се тие, можностите се тие, меѓутоа, тече целата работа.

Во однос на преземените активности за извоз на грозје надвор од нашата земја до денешната состојба некаде над 10 илјади тони веќе се извезени винско грозје, или вкупно заедно со асталското грозје, некаде околу 18 илјади тони се извезени надвор од Република Македонија. Тој извоз тече. Најголем дел оди за Србија и Црна Гора, Хрватска и Албанија. Еден дел оди за Бугарија. Меѓутоа, најголем дел оди за Србија и Црна Гора, Хрватска и Албанија, и тој извоз тече. Владата на Република Македонија, односно Министерството за земјоделство, шумарство и водостсопанство целосно е мобилизирано, ја следи секојдневно состојбата со бербата и откупот на грозјето и доколку дојде, јас не очекувам, меѓутоа, како и да дојде тоа е мобилизирано и ќе ги преземе сите мерки во ингеренции на Владата, за да не дојде до одредено пореметување на бербата и откупот на грозјето.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Џамбазовски.

Господине Ѓорчев дали имате да поставите дополнително прашање. Повелете.

**Марјан Ѓорчев:** Се работи за следново. Ни се јави проблемот со белото грозје, смедеревката, таа е околу 30 милиони килограми, тоа е евидентно. И за тоа јас го упатив прашањето. Проблемот е што Република Бугарија има 300 евра прелевман за внес на еден тон винско грозје во таа држава.

Владата може со договор помеѓу премиерите на тие држави, бидејќи тоа е владина одлука, да се елиминира за одреден контингент такво нешто и тоа е мојот апел. Затоа и како прашање и како апел може да се реши за добробит на Македонија за лозарите, за винарите, за сите. Значи не само да кажуваме дека преземаме мерки, туку може на ниво на премиерска функција да се реши тој проблем во интерес на целото македонско граѓанство. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Третото прашање е упатено до Минисерството за образование и наука.

Има збор заменик минисерот за образование и наука, господинот Тале Герамитчиоски.

Повелете господине Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам, за жал, според сегашниот закон за органите на управата во кој што се дефинирани ингеренции на одделни министрства во одредени ресори, Министерството за образование и наука во овој момент не го покрива ресорот на оној врвен спорт, бидејќи за таа работа се грижи Агенцијата за млади и спорт. Во наредниот период се надевам дека ќе се променат околностите според сегашните нови предлози кои што во Владата циркулираат, но ако прашањето се однесува на оној спорт во воспитно образовниот процес, кој што се одвива во самите училишта, тогаш направени се одредени исчекори напред во делот

на популаризацијата на спортот. Значи, ревитализирани се старите традиции на малите олимписки спортови, кои што имаат масовен карактер. Организирано е се разбира, во соработка со меѓународни организации кои што имаат придонес со дотации на одредени средства, отворање на школа за мал фудбал, така да во последнава година, не можеме да се пожалиме дека не сме добиле и финансиска поддршка.

**Слободан Најдовски:** Господине Герамитчиоски со оглед на времето, да оставиме време уште еден пратеник да постави прашање.

Прашањето е по однос на донесување на законот за спорт.

**Тале Герамитчиоски:** Носител на тој законски проект не сме директно ние. Ние учествуваме со одреден дел во Комисијата која што го изготвува, така да, заради досега непрецизирани ингеренции на одредени институции, мислам дека работата малку е запрена.

**Слободан Најдовски:** Господин Ѓорчев повелете,

**Марјан Ѓорчев:** Ние како група пратеници ќе предложиме закон за спорт, па белки ќе ни дадете изин. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Имаме уште пет минути. На ред е господин Есад Рахиќ. А со тоа ќе ја исцрпиме и листата.

Господине Рахиќ, за едно прашање повелете до 18,00 часот.

**Есад Рахиќ:** Може експресно сите три.

**Слободан Најдовски:** Повелете.

**Есад Рахиќ:** Ќе барам писмен одговор.

Почитуван потпреседателе, драги колеги, она што остана од Владата.

**Слободан Најдовски:** Претставниците од Владата сите се тука.

**Есад Рахиќ:** Ќе поставам три прашања.

Прво, сакам да поставам прашање на кое се надевам дека ќе добијам одговор, со оглед на залагањата што ги има оваа Влада, премиерот и министерот за економија и неговиот заменик и останатите, за подобрување на стандардот и работите во македонската економија. Ме интересира, дали Министерството за економија ја следат состојбата со продажбата на загубарите, односно деновиве има тендер за продажба на Газела и ме интересира дали во Министерството за економија ја следат состојбата и дали имаат увид како работат луѓето овластетни, што треба да ја работат оваа работа, бидејќи 2000-та година за 2 милиона беше продадена Газела. Тогаш имаше неколку дуќани, имаше кирија, од 100 илјади евра, од НАТО, додека овој пат, три пати се поништува тендерот, само стечајниот управник знае зошто го поништува и ме интересира, за стечајниот управник веројатно, ќе расправа некој друг орган, дали во Министрството за економија, ја следат работата на нивните надлежни за оваа работа.

Второто прашање, односно апел до министерот за внатрешни работи. Еднаш ве замолив во име на граѓаните каде што живеам во таа населба дали може да се заостри контролата која што ја има. Се надевам дека ќе биде поригорозна и по честа во делот на движењето на сообраќајот по едно насочните улици, каде што се вози и во спротивни насоки, влегување на црвено, односно не почитување на сообраќајните знаци.

Треторо прашање е до господинот Кошутиќ, кога планира да ја актива градежната оператива да ги сруши дивите градби во паркот, почнувајќи од новиот "кинески ѕид", па до сите останати во паркот.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Бидејќи од Министрството за економија немаме претставник ќе добиете писмен одговор.

Има збор министерот за внатрешни работи господинот Љубомир Михајловски.

**Љубомир Михајловски:** Јас не знам каде живее господинот пратеник, меѓутоа, ние преземаме мерки низ цело Скопје иако е потребно со непосредни контакти во таа околина каде што живее пратеникот, ќе ги интензивираме мерките, доколку има зачестени такви појави.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Министерот ни кажа дека никој не е следен, што не знае каде живееме. Тоа е добро.

Дали сте задоволни од одговорот. (Задоволен сум).

На третото прашање ќе одговори заменик министерот Деан Кошутиќ.

**Деан Кошутиќ:** Ако пратеникот мисли на објектот на Градскиот парк спроти стадионот, ако добро го разбрав, тогаш би требало да се обрати до локалната самоуправа Центар и нејзината градежна инспекција, бидејќи од 1 јули надлежноста е во општината.

**Слободан Најдовски:** Господине Рахиќ, дали сте задоволни од одговорот.

**Есад Рахиќ:** Јас се согласувам со одговорот на заменик министерот, меѓутоа, кога локалната самоуправа не си ги врши ингеренциите, јас мислам дека треба и некој орган што е надреден над нив, да ги преземе дел од одговорностите.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Господине Кошутиќ повелете.

**Дејан Кошутиќ:** Значи постапката за поништување на дозволата и документацијата треба да биде започната, решена, за да може, без оглед дали градежната инспекција на општината или на Државниот градежен инспекторат да интервенира.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Листата на пријавени за поставување на пратенички прашања е исцрпена.

Ја заклучувам 110 седница на Собранието на Република Македонија.

Ви благодарам за присуството.

Утре продолжуваме со прекинатата 107 седница во 14,00 часот.

(Седницата заврши со работа во 18,00 часот).